УНИВЕРЗИТЕТ „СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ“
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ

Институт за безбедност, одбрана и мир

Последипломски студии од областа на безбедноста

# Сепаратизам, етно-национализам и тероризам

-Магистерски труд-

Ментор:
Проф. д-р Тања Милошевска

Изработил:
Марија Каранфиловска
бр. на индекс: 4944/15

Скопје, 2019

## Содржина:


**1.** Вовед-Формулација на проблемот ........................................................3

1.1. Цели и задачи.................................................................................12

1.2. Дефинирање на предметот на истражување....................................13

1.3. Основна хипотетичка рамка............................................................17

1.4. Научна и општествена оправданост на истражувањето..................18

1.5. Методи и техники на истражувањето...............................................19

**2.** Етнонационализам.........................................................................20

2.1. Дефинирање на поимите нација и национализам..........................23

2.2. Историски развој на нацијата и национализмот.............................28

2.3. Типови на национализам.................................................................34

2.4. Етнички идентитет..........................................................................36

2.5. Етнички конфликти.........................................................................41

**3.** Сепаратизам......................................................................................52

**4.** Тероризам..........................................................................................66

4.1. Дефинирање на поимот тероризам, терористички акт
и терористичка група.........................................................................67

4.2. Терористички организациски модели.............................................76

4.3. Терористички мотиви......................................................................79

4.4. Типологија на тероризмот...............................................................83

**5.** Етно-сепаратистички тероризам......................................................88

5.1. Студија на случај: Баскија..............................................................88

5.1.1. Терористичката организација ЕТА.........................................95

5.1.1.1. Историја, структура и терористички
активности на ЕТА.........................................................96

5.1.1.2. Организацијата, поддршката од јавноста
и стратегијата..............................................................101

5.1.1.3. Финансиските приходи на ЕТА......................................103

5.2. Справување со етно-националистичкиот и
сепаратистички тероризам ..............................................................111

**6.** Заклучок..........................................................................................116

**7.** Користена литература.....................................................................119

# 1. Вовед-Формулација на проблемот

Од 11 септември 2001 година, тероризмот е поврзан со исламскиот фундаментализам на Ал Каеда и сличните џихадистички движења, а пред тоа беше почесто поврзуван со националистички движења како што се Ирската републиканска армија (ИРА) во Северна Ирска, Баскиските националисти на ЕТА (Euskadi Ta Askatasuna) во Баскија, Тамилските тигри во Шри Ланка и со разни Палестински организации. Тероризмот е само еден од инструментите кои националистичките движења можат да го искористат за да ја унапредат својата кауза. Исто така, национализмот е само една од можните идеологии кои што ги користат терористите за да ги оправдаат своите дела. Национализмот и тероризмот не се нужно сојузници, но често тие се поврзани едни со други. Во неодамнешното минато, многу појавувања на тероризам беа оправдани со националистички идеологии од различни видови. Сепак, во последните децении религиозните групи ги заменија националистичките групи како главни извршители на терористички инциденти. Сепак, важно е да се запомни дека националистичките поплаки се честопати високо на агендата на овие религиозно мотивирани терористи. Во овие случаи религиозните аргументи ги надополнуваат националистичките барања наместо да ги заменуваат.[1]

“Војната против тероризмот“ влијаеше врз етно-националистичките сепаратистички конфликти. После настаните од 11 септември, некои влади кои се соочуваа(т) со етно-националистичкиот сепаратистички предизвик, се спротивставија на сепаратизмот со воена сила, под изговор за антитерористички операции. Етно-националистичките сепаратистички движења се однесуваат на борбата за самоопределување која се базира главно на етничкиот идентитет. Ваквите движења имаат за цел добивање на територијална независност и можат да вклучат насилство (на пр. војната на Косово), или да продолжат мирно (на пр. мирниот „развод“ на Чехословачка). Тероризмот, од друга страна, се однесува на намерната употреба на насилство за социјални или политички цели, кое што е насочено против неборци и е планирано да произведе ефект на поголема целна публика. Покрај тоа што терористичките акти можат да бидат спроведени во

[1] Guntram H. Herb, David H. Kaplan (2008). *Nations and nationalism: A Global Historical Overview-Volume 4 1989 to present,* достапно на: http://b-ok.xyz/book/1213222/90318f

насока на постигнување на етно-националистички сепаратистички цели (етно-националистички тероризам), не сите сепаратистички движења прибегнуваат кон тероризам. Справувањето со етно-националистичките сепаратистички поплаки честопати бараат промени во територијалниот статус кво или во прераспределбата на моќ, на што некои влади би можеле да се обидат да се спротивстават. Во ваквите случаи, владите коишто се соочуваат со етно-националистичкиот сепаратистички предизвик можат да ги искористат меѓусебните врски помеѓу тероризмот и сепаратизмот и да го прогласат целото сепаратистичко движење како терористичка закана. Настаните од 11 септември им дозволија на владите да ја користат „војната против тероризмот“ за врамување на нивните етно-националистички сепаратистички конфликти како терористичка закана. Иако врамувањето на сепаратизмот како тероризам исто така беше можно и пред 11 септември, ваквото врамување не доби широка меѓународна поддршка. После настаните на 11 септември, однесувањето и третманот кон тероризмот се сменија и употребата на воена сила стана широко прифатена за справување со заканата од тероризам. Како резултат на тоа, врамувањето на сепаратизмот како тероризам после 11 септември им дозволи на владите да ги избегнат критиките за непропорционална употреба на воена сила, и да го оправда грубото справување со етно-националистичките сепаратистички конфликти како неопходно за тежината на “новата“ терористичка закана.[2]

Етно-националистичкиот сепаратистички тероризам не е појава која егзистираше само во минатото. Денес, етно-националистичкиот сепаратистички тероризам е во експанзија со оглед на фактот дека повеќе од 3 000 етнички групи, колку што ги има во светот, имаат тенденција за добивање на сопствена држава или повисок степен на автономија. Меѓутоа, клучниот проблем е во тоа што сите тие дејствуваат во 180 земји коишто немаат разбирање за таквите желби и барања. Затоа, тие го сузбиваат овој вид на тероризам, раководејќи се по своите интереси, а не по принципиелен став што води до така наречена политика на двојни стандарди.[3]

[2] Pokalova Elena (2011). *Shifting faces of terror after 9/11: framing the terrorist threat*, Kent State University.
[3] Гаћиновић, Р (2010). *Тероризам у политичкој и правној теорији*, Евро-Гиунти, Београд.

Сепаратизмот или сецесионизмот настанува кога едно востаничко движење има за цел да создаде нова држава во рамките на една државна територија. Новосоздадената творба според меѓународното право не е ниту забранета ниту одобрена, туку едноставно се чека на крајниот исход од тој процес. Следствено на тоа се утврдува дека сецесијата генерално се третира како фактички процес, односно, доколку во една држава се наметне процесот на сецесија, се додека процесот de facto не произведе појава на нова држава, целото прашање гледано од суштински аспект го задржува внатрешниот карактер. Со други зборови, доколку државата на која и се заканува сецесионистичко движење успее да ја зачува контролата врз сепаратистичката заедница, тогаш сите држави се должни да го почитуваат принципот на територијален суверенитет. Традиционалното меѓународно право ја третира сецесијата како внатрешна работа на државите, додека современото меѓународно право во исклучителни случаи ја конфигурира сецесијата како последна инстанца или крајно решение на правото на народите на самоопределување.[4]

Националноста вклучува голем степен на самодефинирање и се однесува на луѓе со чувство за заеднички идентитет, па дури и со заедничка судбина. Овој заеднички идентитет може да биде резултат на различни фактори како: раса, етничка припадност, религија, култура, заедничко историско искуство или комбинација на сите. Кога овој заеднички идентитет има политички последици и служи како база за национално обединување, резултатот е национализам. Национализмот може да биде мироЉубива сила или да создаде мир, како при поддржувањето на заедничкиот национален идентитет во една држава и кога се употребува за надминување на конфликтите во етнички и расно различната популација. Меѓутоа, национализмот служи и за помрачни цели кога се употребува на штета на другите и кога предизвикува граѓански конфликти и војни. Во овие околности постои заемно исклучување или нетолеранција меѓу различните национални и етнички групи. Екстремниот национализам, честопати присутен кај оние кои сметаат дека нивниот народ е угнетен, најчесто предизвикува непријателство кон другите, особено ако се гледаат како угнетувачи.[5]

---

[4] Никодиновска Ана (2009) Правото на самоопределување на народите и правото на сецесија како последна инстанца од правото на самоопределување*, Годишен зборник*, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип.
[5] Mark V Kauppi and Paul Viotti. (2013). *International Relations and World Politics: Security,*

Национализмот е пред сè политички принцип кој тврди дека политичката и националната единица треба да се совпаѓаат. Национализмот е теорија на политичка легитимност која бара етничките граници да не ги сечат политичките, ниту пак етничките граници во рамки на една држава – околност која општо формулираниот принцип веќе формално ја исклучил – да не ги одвојуваат властодршците од останатите. Има огромен број потенцијални нации на Земјава, а има простор само за еден ограничен број независни или автономни политички единици. Бројот на потенцијалните нации веројатно е многу, многу поголем од бројот на можните држави способни да преживеат. Според тоа, не е можно да бидат задоволени сите национализми, барем не едновремено, а задоволувањето на едните предизвикува фрустрираност на другите.[6]

Национализмот обично се дели на два типа, граѓански и етнички. Граѓанскиот национализам се залага за нацијата како композиција од сите оние – без разлика на расата, бојата, родот, јазикот или ентитетот – кои се залагаат за нацијата како за политичко убедување. Тој се однесува кон нацијата како заедница на еднакви, со граѓански права, обединети во настојувањето заеднички да ја делат политичката практика и заедничките вредности. Наспроти тоа, етничкиот национализам декларира дека најдлабоките индивидуални верувања се наследени, а не избрани. Етничката заедница е таа што ја одредува индивидуата, а не е индивидуата таа која ја одредува етничката заедница. Етничкиот национализам многу често може да произведе силно чувство на самоидентификација: кое редовно ќе ги нагласува разните обележја како што се јазикот, религијата и историјата, а ги прави помалку важни другите врски кои можат да го ослабат единството на нацијата.[7]

Тероризмот се анализира како тактика и стратегија но и како реакција на опресија и угнетување. Националистичкиот тероризам е форма на тероризам мотивиран од национализмот. Националистичките терористи се обидуваат да формираат самоопределување во некоја форма, која што може да се движи од добивање на поголема автономија до воспоставување на сосема независна, суверена држава. Националистичкиот тероризам е поврзан со национална,

*Economy, Identity*, Pearson, Prentice Hall.

[6] Ернст Гелнер (2001) *Нациите и национализмот,* Култура, Скопје, 2001 – Наслов на оригиналот: Ernest Gellner (1983) *Nations and nationalism,* Cornell University Press, New York.

[7] Стојан Славески (2013). *За идентитетот на современата македонска нација: етнички или граѓански концепт,* Џорџ К. Маршал, Здружение на дипломирани студенти од Република Македонија на Европскиот цент, Скопје,.

етничка, религиозна или друга идентификациона група, и чувството меѓу членовите на таа група е дека се угнетени и со скратени права, особено во однос на правата на другите.

Етничкото насилство се однесува на насилство изречно мотивирано од етничка омраза и етнички конфликт. Минимални услови за етничките тензии да резултираат со етничко насилство на системско ниво е хетерогено општество и недостатокот на моќ за нивно спречување.

Во изминатите шеесет години, националистички групи на секој населен континент употребуваат тероризам и други форми на насилство, со цел да ги постигнат своите цели, коишто варираа од едноставно признавање и рамноправен третман под постојните влади до комплетно одделување од државата под чија власт биле претходно.

Етно-националистичките терористички организации имаат за цел да создадат нација или етничка група, или да ја осигурат нејзината независност. Етно-националистичките терористички групи имаат тенденција да траат најдолго, бидејќи тие имаат блиски врски со нивните заедници и ја уживаат нивната поддршка. Во овие случаи, целта на заедницата е идентична со таа на терористичката група, односно добивање признание за одредена етничка група.[8]

Етно-сепаратистичкото движење ќе обезбеди легитимитет потпирајќи се на „незадоволство кое е врежано во колективната меморија, за да ги поврати економските, политичките и културните права, одбивајќи подреденост и културна асимилација. Мал дел од таквото движење кога е незадоволно со резултатите од политичката стратегија која се спроведува, може да се одлучат за тероризам со цел да го зајакнат својот идентитет преку стекнување на државност или некоја друга форма на политичка автономија. Нивните жртви се членови на доминантната етничка група, кои се сметаат за „окупаторски, ривалски, колонијални или странски сили. Вреди да се спомене дека, сепак, сé додека движењето ужива висок степен на легитимност меѓу своите членови, тоа не ќе мора да применува тероризмот како облик на борба за иста цел, а на тој начин ќе постигне повисок степен на легитимитет кај голем број на членови на движењето, кои би можеле да го отфрлат насилството од различни причини.

---

[8] Mehmet Sinan Birdal, Josephine Squires (2010), *The Ethnic, Nationalist, and Religious Roots of Terrorism*, Oxford Research Encyclopedia of International Studies достапно на: http://internationalstudies.oxfordre.com/view/10.1093/acrefore/9780190846626.001.0001/acrefore-9780190846626-e-327?print=pdf

Етно-националистичките сепаратистички терористички групи сметаат дека тероризмот е многу ефикасно средство за кое може да се одлучат доминантните етнички групи за да постигнат одредена форма на политичка автономија. За да постигнат успех, тие се зависни од логистичка поддршка од владите, организации или поединец поддршка на нивната кауза. Но, овие терористички групи често истовремено се залагаат за власт во рамките на својата група, и прават напори да се елиминираат било какви внатрешни несогласувања. Терористите обезбедуваат чувство на припадност и замена за недостатокот на идентитет. Токму поради тоа што во извесна мера сфаќаат дека со ненасилните методи не можат целосно да ја постигнат својата цел, потенцијалните терористички групи се одлучуваат за насилство, кое за нив се перцепира дека е единственото ефикасно средство за постигнување на целта.[9]

Основата на овој вид на политичко насилство е содржана во фактот дека етничките групи кои се наоѓаат во рамките на мултинационалните држави повеќе не се задоволни со поседување на егзогени национални права на статус кои ги изедначуваат со припадниците на другите етнички групи во таа земја. Факт е дека малку земји во светот се етнички хомогени, а од друга страна, постојат голем број на етнички групи кои се стремат кон сопствената држава или одреден степен на автономија, момент кога се јавуваат меѓународни тензии.[10]

Етно-националистичките сепаратистички терористички групи бараат да се воспостави или во некои случаи повторно да се воспостави политичка, социјална и економска автономија на самоопределената етно-национална група одвоена од доминантната етно-национална група. Етно-националниот сепаратистички тероризам се залага за:

(1) самоопределување,

(2) формирање на идентитет (градење или зајакнување на сопствената перцепција на групата како различна, посебна и легитимна преку идентитетот на друга група),

(3) чисти (или секуларни) етнонационални терористички групи кои ретко наведуваат специфичен вид на социо-политички поредок кој треба да се

[9] Vamik Volkan. (1997). *Blood Lines: From Ethnic Pride to Ethnic Terrorism,* Boulder: Westview Press.
[10] Симеуновић Драган. (2009). *Тероризам,* Правни факултет Универзитета у Београду, Београд.

имплементира во новата држава доколку се создаде; додека групата се стреми кон остварување на основната цел да создаде посебна држава.[11]

Етнополитичката мобилизација најдобро може да биде објаснета како „процес преку кој групите се организираат околу некои карактеристики на етничкиот идентитет во потрагата по одредени колективни цели".[12] Со други зборови, етнополитичката мобилизација се храни од незадоволството на луѓето за одредена неисполнетост и нивната одлучност да ги остварат нивните политички интереси. Иако политичката мобилизација на една етничка група е потешка ако нема добро оформен колективен идентитет, самиот мобилизирачки процес го збогатува и полни со енергија етничкиот идентитет и придонесува за формирањето на етничкиот групен политички идентитет. Следствено, етничката мобилизација е политизација на етничкиот идентитет.[13]

Фундаментална потреба за политичка мобилизација на етничките групи е јасно формулиран идентитет кој го делат членовите на етничката заедница, го прифаќаат и го одржуваат. Етницитетот, како и сите идентитети, е зависен. Тој покажува свесност за колективниот идентитет којшто се состои од атрибути како заедничка историја, традиции, култура и јазик. За најголемиот број луѓе етничката припадност е еден од најважните, ако не и најважен маркер на идентитетот. Според зборовите на Јозеф Ротшилд голема предност на етницитетот над другите маркери на личниот идентитет е „неговата способност да ги поттикне и ангажира најинтензивните, најдлабоки и лични емоционални чувства".[14]

Силниот етнички идентитет е суштествена претпоставка за етнополитичка мобилизација. Понатаму, ефективното водство на групата и организацискиот профил позитивно придонесуваат за мобилизацијата. Програмата, финансиските ресурси, комуникациите и симболите можат да бидат многу важни за мобилизацијата, но мобилизацијата може да биде

---

[11] Daniel Byman. (1998). The Logic of Ethnic Terrorism, *Studies in Conflict and Terrorism* 21, no. 2.

[12] Zoltan Barany. (2005). "Ethnic mobilization in the postcommunist context: Albanians in Macedonia and the East European Roma", во Zoltan Barany and Robert G. Moser (edited), *Ethnic politics after communism,* Cornel University Press, Ithaga and London.

[13] Стојан Славески. (2010), Етничкиот идентитет како мобилизирачка алатка, *Безбедносни дијалози*, бр.2, Филозофски факултет, Скопје.

[14] Joseph Rothschild. (1981). *Ethnopolitics: A Conceptual Framework*, Columbia University Press, New York, p. 60.

спроведена и ако тие отсуствуваат.[15] Меѓутоа, етницитетот како еден ултимативен бинарен маркер остава малку простор за маневар меѓу линиите, за „меѓурелациски врски”, за менување на политички сојузници. Политичкиот простор ексклузивно дефиниран во етничка смисла е статичен и нефлексибилен и честопати неспособен да се соочи со комплексната политичка, социјална и економска динамика на современите општества. Да се легитимизираат етничките политики повикувајќи се на националистичка мобилизација може да биде контрапродуктивно долгорочно гледано.[16]

Постојат различни класификации на тероризмот, според различни критериуми. Авторите го класифицираат тероризмот на различни начини, а со тоа и ние имаме безбројна класификација. Во оваа идејна скица ќе ја земеме во предвид класификацијата на тероризмот според Шмид[17] и Пост кои го разликуваат политичкиот тероризам од криминалниот тероризам и од патолошкиот тероризам.

Политичкиот тероризам е поделен во суб-државен тероризам, државен тероризам и режим или државен тероризам.

Суб-државниот тероризам е поделен на пет подкатегории:

(1) социјал-револуционерен (лев),
(2) десничарски тероризам,
(3) националистичко-сепаратистички тероризам,
(4) верски екстремистички тероризам (разликувајќи го религиозниот фундаменталистички тероризам и новиот религиозен тероризам) и
(5) тероризам на еден спор (расправа).[18]

Етно-националистичките сепаратистички терористички движења како Палестинската ослободителна армија, Ирската републиканска армија и Баскиската ЕТА, ја применуваат хиерархиската структура којашто им

---

[15] Zoltan Barany. (2005). “Ethnic mobilization in the postcommunist context: Albanians in Macedonia and the East European Roma”, во Zoltan Barany and Robert G. Moser (edited), *Ethnic politics after communism,* Cornel University Press, Ithaga and London.
[16] Стојан Славески. (2010), Етничкиот идентитет како мобилизирачка алатка, *Безбедносни дијалози*, бр.2, Филозофски факултет, Скопје.
[17] Schmid, A.P. and A.J. Jongman. (1988). *Political Terrorism: A New Guide to Actors, Authors, Concepts, Databases, Theories and Literature*. Amsterdam: SWIDOC, North Holland Publishing Company.
[18] Post, Jerrold M. (2005). The socio-cultural underpinnings of terrorist psychology, in Bjørgo, Tore, ed. *Root Causes of Terrorism*. London: Routledge.

овозможува контрола над димензиите на насилство[19]. Овие терористички организации имаат јасни дефинирани политички, општествени или економски цели и соодветни елементи како политичко крило (чија улога е притисок за започнување политички преговори) или општествени групи за активна поддршка за регрутирање нови членови, публицитет, промовирање на целите и пропаганда. Потребата за координирачки акции меѓу различните подредени ќелии фаворизира силна хиерархиска командна структура, која може да спречи несакани индивидуални престапи.[20]

Од една страна, постојат етно-сепаратистички терористички организации чии активности се главно поврзани со територијални промени. Групите кои се поврзани преку етничка или националистичка агенда и кои ги ограничуваат нивните операции на една земја или на одреден регион имаат потреба од помали капацитети. Тие вклучуваат групи со претежно сепаратистички цели, како на пример ИРА, која се борела за обединување на Северна Ирска со Република Ирска и ЕТА, која бара независност на Баскија. Од друга страна, исто така, тука се вклучуваат и вооружени групи кои се спротивставуваат на таквите територијални амбиции. На пример, во етно-сепаратистички тероризам се вбројуваат и терористички акции од страна на британските (UFF – Ulster Freedom Fighters), кој се противат на католичките напори за еманципација во Северна Ирска, како и шпанскиот Гал (Gruipos antiterroristas de Liberación), т.е. антитерористичка ослободителна група, која се против на баскиското движење за независност. Франција, Шпанија и Велика Британија се земјите кои беа најмногу погодени од овој тип на тероризам во периодот од 1997-2007 година.[21]

Според податоците на ЕВРОПОЛ, во период од 2012 до 2016 година се идентификувани вкупно 99 спречени, неуспешни и/или реализирани напади кои се етикетирани како етно-националистички и сепаратистички тероризам.[22]

---

[19] ИРА се воздржа од користење насилство десетина дена по нападите во подземното метро во Лондон на 7 јули 2005 година. Желбата да се разликуваат од сторителите на масовни недискриминирачки насилни акти беше најверојатно еден од факторите што влијаеја врз одлуката на ИРА.

[20] Тања Милошевска. (2018), *Глобален тероризам*, Филозофски факултет, Мар-Саж.

[21] Brockhoff Sarah, Krieger Tim, Meierrieks Daniel. (2012). *Looking back on anger: explaining the social origins of left-wing and nationalist-separatist terrorism in Western Europe, 1970.-2007.*, Center for international economics, достапно на: www.researchgate.net/publication/241765056_Looking_Back_on_Anger_Explaining_the_Social_Origins_of_Left-Wing_and_Nationalist-Separatist_Terrorism_in_Western_Europe_1970-2007

[22] EUROPOL (2017). *European Union Terrorism Situation and Trend Report*, European Union Agency for Law Enforcement Cooperation, The Hague, the Netherlands.

Етничките конфликти низ светот се актуелни, а нови жаришта постојано се создаваат. Бидејќи речиси и да нема моноетнички држави, сé повеќе и повеќе етнички групи бараат посебни држави и користат сé повеќе агресивни средства за постигнување на нивните радикални цели. И покрај фактот што во повеќето случаи не се создаваат терористички организации, заканата секогаш постои. Поради оваа причина, важно е да се земе предвид важноста на класификацијата на тероризмот и да се разгледа етно-националистичкиот сепаратистички тероризам како посебен ентитет со сите негови специфичности.

## 1.1. Цели и задачи

Општата цел на ова истражување е преку научна дескрипција, анализа и идентификација на сепаратизмот, етно-национализмот и на тероризмот да се утврдат корените и причините за манифестирање на етно-националистичкиот сепаратистички тероризам.

Со оглед на општата цел, основни **задачи** на истражувањето се следниве:

- Поимовно одредување на сепаратизмот, етно-национализмот и на тероризмот.
- Иако универзално објаснување за тероризмот не постои, задачата на истражувањето е да се идентификуваат различните форми на тероризам, условите во кои тие се појавуваат, што може да ни помогне за подобро разбирање на условите кои се заеднички за овие специфични форми.
- Да се објаснат целите и мотивите на етничките групи кои се одлучуваат за терористичко дејствување, односно етно-националистичките сепаратистички групи.
- Да се идентификуваат специфични мети и методи на дејствување.
- Да се прикажат најпознатите етно-националистички сепаратистички терористички организации.
- Да се истражат факторите кои можат да придонесат за појава на етно-националистичкиот сепаратистички тероризам или евентуално да ја намалат можноста за негова манифестација.

- Да се одговори на дилемата зошто одредени методи на антитероричко дејствување кои имале резултат кај другите типови на тероризам, немаат успешна примена кај етно-националистичкиот сепаратистички тероризам.
- Да се одговори на дилемата дали воениот одговор, односно примената на воена сила претставува соодветен одговор за етно-националистичките терористички организации.

**Практична цел**

Практичната цел на ова истражување ќе биде насочено кон тоа да се анализира сепаратизмот, етно-национализмот и тероризмот и да се истражат условите и факторите кои можат да придонесат за појава на етно-националистичкиот сепаратистички тероризам.

Од тој аспект заклучоците до кои ќе се дојде со ова истражување ќе можат да се искористат во креирањето на нова поуспешна стратегија за справување со феноменот на етно-националистичкиот сепаратистички тероризам.

## 1.2. Дефинирање на предметот на истражување

Основен предмет на ова истражување ќе биде анализирање на сепаратизмот, етно-национализмот и тероризмот преку утврдување на причините за појава на етно-националистичкиот сепаратистички тероризам како облик на политички тероризам.

Истражувањето ќе се изведе постапно, од причина што предметот содржи повеќе поими кои ќе помогнат за комплетно операционализирање на проблемот. Во анализа на истражувачкиот проблем ќе преовладуваат следниве поими:

**Етнички конфликт**

Етнички конфликт е „конфликт помеѓу две или повеќе етнички групи". Етничкиот конфликт често се сведува на тенденцијата на малцинска етничка

група да постигне поделба на дел од територијата, за која смета дека и припаѓа, или ако е можно, потесна или поширока автономија од различни причини.

**Нација**

Нацијата е „имагинарна заедница", термин што го вовел Бенедикт Андерсон. Меѓутоа, „една нација може да претставува многу различни работи, од процес до вид на чувство или идентитет, форма на политичка реторика, идеологија или вид на социо-политичко движење.

**Национализам**

Национализмот како идеологија придонесува за појава на нови национални држави кои поагресивните национални елити ги инспирираат и ги поттикнуваат помалку амбициозните елити на соседните држави да ги поттргнат или затворат своите нации во нивните држави од растечките опасности на веќе национално заснованите нации во истата геополитичка арена. Со оглед на тоа, во некои земји воспоставен е одреден однос помеѓу зголемениот национализам, тенденцијата кон сепаратизам и тероризам како последица на таквите етнички тензии.[23]

„Добар" национализам е оној кој имплицира бескомпромисна и неагресивна лојалност кон народот, а кој честопати е изедначува со патриотизмот од „лошиот" национализам или шовинизам, кој е агресивен и е предизвикан од третманот на припадниците на другите народи, ксенофобија и нетолеранција, кои најчесто се изразуваат во „закон" за омраза и територија на другите.

**Сепаратизам**

Стремеж кон одделување од некоја целина; стремеж на национално малцинство кон одделување во самостојна држава или автономна област. Иако често се однесува на целосна политичко отцепување,[24] сепаратистичките групи,

---

[23] Симеуновић Драган. (2009). *Нација и глобализација*, Зограф, Ниш, 2009.
[24] Free Dictionary; Merriam Webster dictionary. (2008). *The Oxford Pocket Dictionary of Current English*.

исто така, можат да бараат поголема автономија во рамките на поголемата заедница.[25]

## Тероризам

Тероризмот е претстава каде актерите се извршители на терористичките активности и нивните жртви, а публиката е јавноста и власта на кои се пренесува пораката.[26]

Тероризмот се прикажува како акт на физичко насилство со цел да предизвика силни психолошки реакции, во прв ред страв кај поширокиот дел на населението со цел да придонесе кон одредени промени битни за постигнување на политичката цел.[27]

Џемс М. Поланд го определува тероризмот како противзаконска употреба на закани и насилство против лица и имот првенствено за реализирање на натамошни политички и социјални цели. Обично се настојува да се заплаши владата, поединците или групите или да се измени нивното однесување и политика.[28]

Според Волтер Леквер, тероризмот е однапред смислено, намерно, систематско убивање, заканување и заплашување, со цел да се предизвика страв кај невините луѓе за да се оствари политиката, или тактичка предност и вообичаено да се влијае врз јавноста.[29]

Еден од најпознатите современи теоретичари на тероризмот-Пол Вилкинсон, застапува поинакви сфаќања за теророт и тероризмот и аналогно на тоа презентира различна класификација. Според него, теророт претставува користење на застрашување со цел да се оствари принуда од страна на револуционерните движења, режими или поединци со политички мотиви, а тероризмот го смета за систематско спроведување на организиран терор, било

[25] Harris, R.; Harris, Jerry (2009). *The Nation in the Global Era: Conflict and Transformation*. Brill.
[26] Brian Jenkins. (1986). *International terrorism*, Santa Monica: Rand.
[27] Воин Димитриевиќ. (2009). *Преговарање и тероризам*, Београд.
[28] James M Poland. (2010). *Understanding Terrorism: Groups, Strategies, and Responses* (3rd Edition), Pearson.
[29] Laqueur, Walter. (1999). *The New Terrorism: Fanaticism and the Arms of Mass Destruction*. New York: Oxford University Press.

од страна на државата, движење или фракција, или од страна на мала група поединци.[30]

**Терористички акт**

,,Терористички акт” ќе значи еден од следниве намерни акти, кои, дадени во својата природа или својот контекст можат сериозно да загрозат една земја или меѓународна организација, што е дефинирано како повреда на националниот закон преку учество во спроведувањето на следниве цели:

I сериозно заплашување на популацијата.

II нелегално присилување на владата или меѓународна организација да извршува или да се воздржува од извршување на некој акт.

III сериозно дестабилизирање или уништување на фундаментални политички, уставни, економски или социјални структури на една држава или меѓународна организација.[31]

**Терористичка група**

Според Резолуцијата на парламентарното собрание на Советот на Европа ,,терористичка група” се дефинира како структурирана група (група која не е случајно оформена и има за цел итно спроведување на терористички акти) составена од повеќе од два члена, зацврстена во еден определен период со определени, формулирани правила за своите членови, континуитет на своето членство и развиена структура.

**Етно-сепаратистички тероризам**

„Етно-сепаратистичкиот тероризам е форма на политички тероризам на недржавни етнички групи со цел да се постигне независност, отцепување, автономија и редефинирање на постојната национална држава или спојување со

[30] Wilkinson, Paul. (2001). *Terrorism Versus Democracy: The Liberal State Response*. London: Frank Cass.
[31] Парламентарното собрание на Советот на Европа на 24.01.2002 година ја усвои Резолуцијата 1271 (2002) за борбата против тероризмот и почитување на човековите права. Советот на Европа за прв пат промовираше ,,обединета” дефиниција за тероризмот која беше општоприфатена од страна на Европската Унија.

друга држава или друга форма на државен тероризам со цел етничко чистење и геноцид на оспорената територија".[32]

## 1.3. Основна хипотетичка рамка

Врз основа на општиот пристап на проблемот за тероризмот и идентификација на можните категории на политичкиот тероризам и врз основа на веќе поставените цели во ова истражување ќе ја поставам следнава општа хипотеза: Некои сепаратистички движења користат терористички методи на дејствување под влијание на одредени фактори во функција на остварување на етнонационалистички цели.

**Посебни хипотези:**

- Терористичките акти можат да бидат спроведени/реализирани во насока на постигнување на етно-националистички сепаратистички цели (етно-националистички тероризам), но не сите сепаратистички движења прибегнуваат кон тероризам.

--Под одредени услови, етно-националистичките и сепаратистички движења се вклучуваат во борба за освојување на легитимитет, обидувајќи се да создадат и институционализираат субкултура на насилство со реализирање на терористички акти.

-Иако етно-националистичките сепаратистички терористички организации се поврзани со идеологија, тие не применуваат нихилизам, односно апсолутни цели.

-Етничката припадност пренесува силен импулс за политичко насилство и може да претставува моќен мотиватор на етно-националистичките сепаратистички терористички организации.

-Најдлабоката мотивираност на терористичките напади од страна на етно-националистичките сепаратистички терористички организации е да ја лишат постојната етничка група од политичката моќ и / или да добијат политичка автономија во име на одредена етничка група.

[32] Anderson K. Sean. (2009). *Historical dictionary of terrorism*, The Scarecrow Press pp. 165-6, достапно на: http://www.scribd.com/doc/25206324/Historical-Dictionary-of-Terrorism

-Терористичките организации кои имаат националистички сепаратистички цели развиваат калкулирани мобилизациски стратегии со цел да се здобијат со поддршка или толеранција кај нивната референтна популација.

-Етно-националистичките сепаратистички терористички организации користат насилство за потврда на одреден национален идентитет.

-Се претпоставува дека терористичките организации кои континуирано практикуваат акти на тероризам имаат тенденција да ја следат логиката на самоодржување.

- Поради релативно јасната и робусна/силна мотивација за калкулирана употреба на насилство, етно-националистичките сепаратистички терористички организации се релативно подостапни за политичките субјекти за договори и преговори.

-Етничкиот национализам често вклучува традиции на насилство, кои можат да функционираат како општествени и културни олеснувачи за тероризам.

-Етно-националистичкиот сепаратистички тероризам се обидува да создаде национален идентитет, кој има намера да мобилизира специфична група во земјата со искористување на националистичките идеологии на одредена етничка група.

**Предикторска варијабла:** сепаратизмот, етно-национализмот и тероризмот.

**Критериумска варијабла:** Постигнување на независност, отцепување, автономија и редефинирање на постојната национална држава.

### 1.4. Научна и општествена оправданост на истражувањето

Научната оправданост на ова истражување се согледува во придонесот на верификување на научно недоволно познати и проучени специфични факти за сепаратизмот, етно-национализмот и тероризмот.

Општествената оправданост се состои во тоа што истражувањето би помогнало да се согледаат условите и мотивациските сили за појава на етно-националистичкиот и сепаратистички тероризам и начините за подобрување на политиките за ефективно справување со оваа форма на политичко насилство.

## 1.5. Методи и техники на истражување

Во контекст на современите научно-методолошки пристапи на истражување со комбинирање на повеќе истражувачки методи, во истражувањето ќе настојувам со примена на неколку методолошки постапки на собирање, анализа и интерпретација на податоците да добиеме една систематизирана целина.

Покрај квалитативната анализа на релевантни теориски извори, како основна методолошка постапка односно техника за собирање на податоци ќе се користи анализа на содржина на публикации, извештаи, конференциски материјали, статистички показатели, извештаи и анализи на невладини организации, агенции за испитување на јавното мислење, тинк-тенкови и државни институции итн., а како методолошки постапки за анализа и интерпретација на податоците ќе се применат индуктивно – дедуктивен метод, аналитичко-синтетички метод и компаративен метод на анализа. Во контекст на анализата на содржина ќе се фокусираме на толкување на официјалните документи, како и на текстови, написи, публикации, различни статии, дневни весници, списанија и анализа на содржините од интернет страни, а кои се однесуваат на предметот на истражување.

Компаративниот метод на анализа се користи со цел да се изврши делумна квалитативна и квантитативна селекција и анализа на прибраните податоци и врз основа на тоа да се воопштат релевантните факти за потврдување или негирање на поставените тези. Овој метод се користи за споредување на сите податоци добиени со претходно користење на статистички методи и анализа на содржината кој се однесуваат на бројните показатели за сепаратизмот, етно-национализмот и тероризмот.

Историскиот метод ќе се користи за добивање на информации и податоци, со кои ќе се спореди поврзаноста и историските прилики, кои придонеле за појава на етно-националистичкиот сепаратистички тероризам.

Преку анализа и интерпретација на податоците во ова истражување се очекува да се добијат квантитативни и квалитативни податоци, со кои преку соодветна обработка ќе се добие верификација на хипотезите и ќе се оствари целта на истражувањето.

## 2. Етнонационализам

Надежите дека крајот на Студената војна би можело да доведе до ера на мир помеѓу и во рамките на нациите во светот, беа брзо отфрлени од нови извори на домашни и меѓународни тензии. Посебно се истакнуваа два: дојде до повторно оживување на етничките конфликти во голем дел од светот, особено во текот на 90-тите, додека пак нападот на САД на 11 септември 2001 година ја нагласи заканата дека новата опасност од глобалниот тероризам е поставена во светот. Честопати обвинуван за прв од овие предизвици на новиот светски поредок беше етно-национализмот. Феноменот честопати беше поврзуван со ужасите на етничкото чистење, поим што потекнува од Балканот во раните 90-ти. Ова на етно-национализмот му даде „лошо" име, а исто значеше дека има и тенденција да биде поврзан со отцепувањето и распаѓањето на државите, како и со политичка мобилизација што води кон војна.

Етно-национализмот, исто така, имаше тенденција да биде поврзан со малцинства кои се незадоволни од нивното место во постоечки политички систем. Но, всушност, феноменот беше многу поширок од едноставно обезбедување засолниште за бунтовните малцинства.[33]

Крајот на 20-тиот век, како и неговиот почеток, го потврдува опоменувачкото искуство дека општествените кризи ги трансформираат националните емоции во национализам како исклучива идеологија, која многу лесно се пробразува во национал-шовинизам, терор, геноцид и вооружени конфликти. Меѓутоа, реактуализацијата на „националното" не е феномен само на тоа време, туку таа е можна и во услови на постмодерното општество, бидејќи не постои законитост со повисоко ниво на општествен и материјален развој да исчезне идејата за националниот идентитет. За тоа доволно зборува фактот што, иако на економско поле се создаваат силни транснационални интеграции, на културно-духовно рамниште се чува и истакнува етничката посебност. Таквите состојби на општествената свест, Смит денес ги препознава во трескавичното етнонационалистичко „трагање за татковината", проследено со „најинтензивни конфликти и терор", ситуирајќи ги сите во поширок контекст на „глобално

[33] Adrian Guelke (2010), *The Challenges of Ethno-Nationalism: Case Studies in Identity Politics* достапно на: https://b-ok.cc/book/2681104/6ebba1

движење на етничката мобилизација" или реактивирање на етнонационализмот во планетарни размери.[34]

Познатиот швајцарски научник Алтермат вели дека „етнонационализмот е европско зло".[35] Веројатно со тоа може да се сложиме од најмалку две основни причини:

- Првата причина е тоа дека европскиот регион е „татковина" на феноменот на национална држава која поседува суверенитет и меѓународно признаени граници, кои практично никогаш не се совпаѓале (и се уште не се совпаѓаат) со границите на областите на кои живеат етничките групи. Практично во сите држави дојде до етнополитички систем кој создава поволни услови за создавање и развој на културата на некој поединечен етнос во мултиетничката држава, со спроведување на дискриминациона јазична политика и со овозможување на тој етнос повисоки статусни позиции во системот на меѓуетнички комуникации. Покрај тоа, без оглед на тоа што „националната држава покажува мала толеранција во однос на националностите кои зборуваат на други јазици, и во такви случаи ги смета само за национални малцинства, иако тие можат да ги воспоставаат своите историски права и да се стремат кон општата територија, во европските држави не е дојдено до создавање на ефикасен систем за ограничување на порастот на амбициите на некои етнички групи, кои би се манифестирале (како што е на пример, на Блискиот Исток) со обезбедување на етничките малцинства и здруженијата на дијаспората помалку или повеќе јасно дефинирани функционални ниши во општеството, кои го одредуваат статусот на нивните претставници во етносоцијалната стратификација, како и обемот на ресурсите кои се на располагање на етнополитичките елити и кои можат да се достигнат за да се постигнат некои општествено значајни цели. Со други зборови, дискриминацијата од страна на доминантниот етнос не ја

[34] Anthony D. Smith (1998), *Nationalism and modernism: a critical survey of recent theories of nations and nationalism,* Routledge, London and New York достапно на: https://b-ok.cc/book/541043/7c0406

[35] Altermatt Urs. (1996), *Das fanal von Sarajevo, Enthnonationalismus in Europa*, Paderborn, Schoningh.

исклучува, туку дури и подразбира зголемување на етничката самосвест на малцинствата и во настанатите етнополитички системи ги стимулира аспирациите за самоопределување, за усогласување на границите на етничката и политичката територија, што е само по себе практично недостижно. Ситуацијата се двојно компликува со тоа што самиот тој феномен на етнополитичко самоопределување, самата негова идеја се појавила баш во истата таа Европа, „зафаќајќи“ значителен дел од јавното мислење, помеѓу другите баш и претставниците на политичките елити. Овде е потребно да се нагласи дека стремежот кон самоопределувањето е карактеристично не толку и не само за дискриминираните и угнетените етноси, колку за етносите кои поседуваат висок статус, кои ги имаат сите можности за развој на својата култура, кои ги имаат сите неопходни институционални, економски и интелектуални извори за успешен развој и политичка активност. Како пример за тоа можат да послужат Баскијците во Шпанија, Фламанците во Белгија, Унгарците во Словачка – кои имаат развиени партиски системи и влегуваат во раководствата на соодветните држави, итн. Колку и да е чудно, но ситуацијата уште повеќе се компликува со интеграционите процеси: член на Европската Унија (ЕУ), кој е во состојба да ги користи сите предности на интеграцијата, може да стане суверена држава, што – природно, го стимулира сепаратистичкото расположение.

- Другата причина, која што е поврзана со првата, е тоа дека повеќето европски држави се сцена на латентните и/или актуелизираните етнички конфликти, чии учесници се стремат – или во најмала рака ги објавуваат своите аспирации кон сецесија. Конфликти од ваква природа се присутни во Шпанија (Баскијците, Каталонците и Галицијците), Франција (Корзиканците и Баскијците), Холандија (Фризијците), Белгија (конфликтот помеѓу Валонците и Фламанците), Романија и Словачка (Унгарците), Србија (Албанците), Хрватска, Босна и Херцеговина, Велика Британија итн. Без оглед на тоа, што, некои од споменативе држави создале помалку или повеќе ефикасни механизми за контрола на

меѓуетничките противречности, тие механизми, првенствено поради тенденцијата на етносот за освојување и одржување на државноста, не можат да се сметаат за универзален лек против политичката дестабилизација.[36]

## 2.1. Дефинирање на поимите нација и национализам

Нацијата е „имагинарна заедница", термин што го вовел Бенедикт Андерсон.[37] Меѓутоа, „една нација може да претставува многу различни работи, од процес до вид на чувство или идентитет, форма на политичка реторика, идеологија или вид на социо-политичко движење".

Нација е „заедница на граѓаните на една држава што живеат под ист режим или влада и имаат заеднички интереси; колективот на населението на една територија со заеднички традиции, аспирации и интереси, и потчинети на централна власт која е одговорна за одржување на единството на таа група; народот на една држава, вклучително владеачката сила".

Во романските јазици зборот „нација" е домашен, а во сите други јазици тој е позајмен. Холандскиот речник посебно укажува на особеноста на англискиот и францускиот дека тие зборот „нација" го употребуваат со значење на народ што и припаѓа на една држава дури и кога не го зборува истиот јазик.[38]

Според Смит, нацијата е дефинирана како „одредена група на население кое има заедничка историска територија, заеднички митови и историски спомени, маса, јавна култура, заедничка економија и заеднички законски права и обврски за сите членови".[39]

---

[36] Балашов Алексејевиќ Јуриј (2009), *Етнички сепаратизам и криза европске државности,* Часопис – Нова српска политичка мисао достапно на: http://www.nspm.rs/savremeni-svet/etnicki-separatizam-i-kriza-evropske-drzavnosti.html?alphabet=l

[37] Anderson, Benedict. (1991) *Imagined Communities: Reflections on the Origin and Spread of Nationalism*. Revised Edition ed. London and New York: Verso, pp. 5-7

[38] Ерик Хобсбаум (1993), *Нациите и национализмот по 1780: програма, мит, стварност,* Култура, Скопје – Наслов на оригиналот: E. J. Hobsbawm (1992), *Nations and nationalism since 1780: Programme, myth, reality,* Cambridge University Press.

[39] Smith, Anthony D. (1998). *The Ethnic Origins of Nations*. Oxford: Blackwell Publishers.

Нација претставува една или неколку етнички групи чии членови мислат или се смета на некој начин дека „поседуваат“ држава, а тоа всушност значи дека носат посебна одговорност за истата.[40]

Термините *нација* и *држава* честопати се употребуваат како синоними. Сепак, користењето на термините на тој начин значи да не се земат предвид некои важни разлики. Терминот *држава* е правен концепт кој се однесува на една популација управувана од влада (или друга административна власт) на определена територија со признаен суверенитет од страна на другите држави. Кога една држава е создадена од една нација или од луѓе со заеднички идентитет, ја нарекуваме нација-држава бидејќи луѓето кои ја сочинуваат „нацијата“, живеат на територијата на таа „држава“.[41] Во рамките на политичките граници на определена држава може да не бидат вклучени сите членови на соодветната нација; или можат да бидат вклучени сите, па дури и некои странци; а може да не е ниту едното ниту другото, односно да не се вклучени сите припадници на нацијата, а едновремено да се вклучени некои кои не и припаѓаат на нацијата. Или пак, една нација може да живее, неизмешана со странци, во повеќе држави, така што ниту една од тие држави да не може да тврди дека е националната држава на таа нација. Државата несомнено се појавила без помош на нацијата. Некои нации несомнено се појавиле без благословот на нивна сопствена држава. Две индивидуи и припаѓаат на иста нација доколку, и само доколку споделуваат иста култура, при што културата значи систем на идеи, знаци, асоцијации и начини на однесување и комуницирање. Две индивидуи и припаѓаат на иста нација доколку, и само доколку се препознаваат еден со друг како припадници на истата нација. Една група луѓе станува нација ако и кога членовите на категоријата јасно ќе си признаат едни на други определени заемни права и должности врз основа на нивното заедничко членство во неа. Нивното заемно препознавање ги преобразува во нација, а не некои други заеднички особини, без разлика кои и да се, и ја одвојува таа категорија од неприпадниците.

[40] Герд Бауман (2009), *Мултикултурната загатка: реобмислување на националниот, етничкиот и религиозниот идентитет,* Издавачки центар ТРИ, Скопје – Наслов на оригиналот: Gerd Baumann (1999), *The multicultural riddle: rethinking national, ethnic and religious identities,* Routledge.
[41] Mark V Kauppi and Paul Viotti (2013), *International Relations and World Politics: Security, Economy, Identity*, Pearson, Prentice Hall.

Клучни се два заеднички причинители или катализатори при формирањето на групите и нивното одржување: волјата, доброволната приврзаност и идентификација, лојалноста и солидарноста, од една страна; стравот, принудата и обврзаноста, од друга страна. Овие две можности ги сочинуваат крајните полови по должината на еден вид спектар. Некои заедници може да се базираат исклучиво или претежно на едната или на другата можност, но таквите мора да се ретки. Најистрајните групи се базираат на мешавина од лојалност и идентификација (доброволна приврзаност), како и на мешавина од надворешни, позитивни или негативни поттици на надежи и стравови.[42]

Национализмот е идеологија базирана на претпоставката дека лојалноста и посветеноста на поединецот кон националната држава ги надминува другите индивидуални и групни интереси.

Национализмот, преведен во светската политика, подразбира идентификација на државата или нацијата со луѓето – или барем пожелноста за одредување на опсегот на државата според етнографските принципи. Во ерата на национализмот, но само во ерата на национализмот, општо беше признаен принципот дека секоја националност треба да формира држава (сопствена држава) и дека државата треба да ги вклучи сите членови од таа националност.[43]

Национализмот е пред сè политички принцип кој тврди дека политичката и националната единица треба да се совпаѓаат. Национализмот како сентимент или како движење може најдобро да го дефинираме во рамките на овој принцип. Националистички сентимент е чувството на гнев предизвикано од кршењето на принципот, односно чувството на задоволство предизвикано од неговото исполнување. Националистичко движење е она кое е поттикнато од сентимент од ваков вид. Има еден определен вид нарушување на националистичкиот принцип спрема кој националистичкиот сентимент е особено чувствителен: ако владетелите на политичката единица не припаѓаат на нацијата на која и припаѓа мнозинството со кое владеат, тоа за националистите претставува крајно неподнослива политичка неправда. Ова може да се случи или преку инкорпорирање на националната територија во поширока империја, или преку

---

[42] Ернст Гелнер (2001), *Нациите и национализмот,* Култура, Скопје – Наслов на оригиналот: Ernest Gellner (1983) *Nations and nationalism,* Cornell University Press, New York.

[43] Encyclopedia Britannica достапна на: https://www.britannica.com/topic/nationalism#ref66560

локална доминација на туѓа етничка група.[44] Елитите на националната држава треба да ги мотивираат луѓето со кои сакаат да управуваат, така што нивните граѓани би биле подготвени да го споделат својот дел од данокот за поголемото добро, како и доколку е потребно да ги предадат нивните приватни морални принципи за поголема национална слава. Национализмот, идеологијата на една или неколку привилегирани етнички категории во рамките на една држава, се уште ги негира другите етнички категории во истата држава. Комбинирањето на политичко-економската моќ и националната симболичка убедливост го прават национализмот остварлив, поттикнувајќи ги дејствијата за кои луѓето би биле премногу горди, премногу слаби и понекогаш дури и премногу пристојни да ги извршуваат за нивно добро.[45]

Национализмот е теорија на политичка легитимност која бара етничките граници да не ги сечат политичките, ниту пак етничките граници во рамки на една држава – околност која општо формулираниот принцип веќе формално ја исклучил – да не ги одвојуваат властодршците од останатите. Има огромен број потенцијални нации на Земјава, а има простор само за еден ограничен број независни или автономни политички единици. Бројот на потенцијалните нации веројатно е многу, многу поголем од бројот на можните држави способни да преживеат. Според тоа, не е можно да бидат задоволени сите национализми, барем не едновремено, а задоволувањето на едните предизвикува фрустрираност на другите.[46]

Национализмот како идеологија придонесува за појава на нови национални држави кои поагресивните национални елити ги инспирираат и ги поттикнуваат помалку амбициозните елити на соседните држави да ги поттргнат или затворат своите нации во нивните држави од растечките опасности на веќе национално заснованите нации во истата геополитичка арена. Со оглед на тоа, во некои земји воспоставен е одреден однос помеѓу зголемениот

---

[44] Ернст Гелнер (2001), *Нациите и национализмот,* Култура, Скопје – Наслов на оригиналот: Ernest Gellner (1983) *Nations and nationalism,* Cornell University Press, New York.

[45] Герд Бауман (2009), *Мултикултурната загатка: реобмислување на националниот, етничкиот и религиозниот идентитет,* Издавачки центар ТРИ, Скопје – Наслов на оригиналот: Gerd Baumann (1999), *The multicultural riddle: rethinking national, ethnic and religious identities,* Routledge.

[46] Ернст Гелнер (2001), *Нациите и национализмот,* Култура, Скопје – Наслов на оригиналот: Ernest Gellner (1983) *Nations and nationalism,* Cornell University Press, New York.

национализам, тенденцијата кон сепаратизам и тероризам како последица на таквите етнички тензии.[47]

Национализмот означува: прво, политика и радикална идеологија, која ја истакнува нацијата како апстрактна категорија, а нејзините интереси ги става наспроти интересите на другите нации; и второ, доктрина, која инсистира на национална исклучивост и одвојување од другите етнички заедници и групи. Во таа смисла, национализмот е силно средство на мобилизација на борбениот ентузијазам и речиси секогаш се јавува во тесна врска со „милитаристичкиот дух“ и одредена социјалдарвинистичка филозофија. Затоа поимот национализам се врзува за политиката и за идеологијата, чија смисла е во супериорен и споредувачки однос кон интересите на другите народи. Тој пред се е негативна и реакциска тенденција, која во односите на припадниците на различни нации и националности внесува сила и свест произлезени од односот на експлоатацијата и политичкиот авторитаризам. Национализмот се искажува како повеќезначаен и сложен феномен. Како што тврди Лендвај, „национализмот може да биде фактор на стабилност, но и фактор на револуција, и стерилен и креативен и реакционен, но и прогресивен“. Во секој случај национализмот е нужна историска појава во процесот на созревање, односно довршување на нациите и националните држави, но тој истовремено е и производ на регресивни процеси во класно-политичкиот, економскиот и духовниот живот на цели општества.[48]

„Добар“ национализам е оној кој имплицира бескомпромисна и неагресивна лојалност кон народот, а кој честопати е изедначува со патриотизмот од „лошиот“ национализам или шовинизам, кој е агресивен и е предизвикан од третманот на припадниците на другите народи, ксенофобија и нетолеранција, кои најчесто се изразуваат во „закон“ за омраза и територија на другите.

---

[47] Симеуновић Драган (2009), *Нација и глобализација*, Зограф, Ниш.

[48] Оливер Бакрески, Срѓан Милашиновиќ, Желимир Кешетовиќ (2012), *Теории на менаџментот и конфликтите,* Филозофски факултет, Скопје.

## 2.2. Историски развој на нацијата и национализмот

Ниту нациите, ниту државите не постоеле отсекогаш и во сите околности. Во своето современо и темелно политичко значење концептот на nation историски е многу млад. Пред 1884 година зборот nacion просто значеше „збир на жители на една провинција, земја или кралство“ и исто така „странец“. Но, сега тоа е дадено како „држава или политичко тело кое признава виша власт на заедничка влада“ и исто така „територијата што ја сочинува таа држава, и нејзините поединечни жители, сфатени како целина“ и така елементот на заедничка и виша држава е централна во таквите дефиниции. Првобитното значење на зборот „нација“ и еден од најчесто употребувани во литературата беше политичкото. Тоа беше рамно на „народ“ и држава во смисла на Американската и Француската револуција, рамно на она што би се рекло „национална држава“, „Обединети нации“ или на реториката на поновите претседатели од дваесеттиот век. Така сфатена „нацијата“ беше група граѓани чија колективна сувереност ги конституира во држава која е нивен политички израз. Равенството нација = држава = народ и посебно суверен народ несомнено нацијата ја поврзува со територија, бидејќи структурата и дефиницијата на државите не беа пред сѐ територијални. Ако „нацијата“ имаше нешто заедничко со популарно-револуционерното гледиште, тоа не беше, во ниедна фундаментална смисла, етничност, јазикот и слично, иако тие можат да бидат индикации и на колективна припадност.

Бидејќи бројот на националните држави во раниот деветнаесетти век беше мал, очигледно прашање за истражувачките умови беше кои од бројните европски популации можат да се класираат како „нации“ на една или друга основа, ќе бараат држава (или некоја пониска форма на посебно политичко и административно признавање) и кои од бројните постојни држави ќе бидат обоени со карактер на „нација“. Фридрих Лист и подоцнежната „историска школа“ на германските економисти, за кои тој беше инспирацијата, јасно го формулира карактерот на либералниот концепт на нацијата којшто беше сфатен некритички. Нацијата треба да биде со задоволувачка големина за да се оформи во одржлива и способна целина за развиток. Ако падне под тој праг, таа нема историска оправданост. Лист јасно констатира дека „големо население и прилична територија надарена со разновидни национални ресурси се основните

услови за нормална националност". Според тоа, „следствено иднината на цивилизираниот свет во едно подолго време што доаѓа, ќе премине кон создавање на големи држави".[49] Од овие тези произлегуваат два заклучоци универзално прифатени од сериозните мислители:

1. Произлегува дека „националниот принцип" во практика е применлив само на нации со определена големина. Термините „мини-држави" и „балканизација" му припаѓаат на речникот на политичката навреда, а зборот „балканизација", кој произлегува од поделбата на територијата што беше под турската империја во повеќе мали независни држави, уште ја има задржано негативната конотација. Правото на самоодлучување на нациите беше применливо само за оние што беа прифатени како способни да опстанат: културно и секако економски. Во оваа смисла идејата на Мацини[50] за националното самоопределување темелно се разликуваше од идејата на претседателот Вилсон.
2. Втората последица се состои во тоа што изградбата на нациите се сфаќаше како очигледен процес на експанзија. Во практиката ова значеше дека од националните движења се очекува да бидат движења за национално обединување или експанзија.

Ова евидентно беше некомпатибилно со дефинициите за нациите засновани на етничност, јазик или заедничка историја, но, ова не беа решавачки критериуми за либералното создавање нација. Практично постоеја само три критериуми според кои еден народ цврсто можеше да се класифицира како нација, секогаш под услов да е доволно голема да го премине прагот:

- Првиот беше постоењето на историска врска со постоечка држава или држава која постоела пристојно долго време во скорешното минато;
- Вториот критериум беше постоењето на одамна востановена културна елита, со напишана национална литература и административен жаргон;

[49] Levi-Faur, David. (1997). Friedrich List and the Political Economy of the Nation-State. *Review of International Political Economy*, 4.
[50] Nadia Urbinati, (1996). A common law of nations': Giuseppe Mazzini's democratic nationality, *Journal of Modern Italian Studies*, Vol 1, Issue 2.

- Третиот критериум, беше докажаната способност за освојување.

Развитокот на нациите неоспорно беше фаза во човековата еволуција или напредокот од помали кон поголеми групи. Малите народи, јазици и култури во напредокот се вклопуваа само дотолку доколку прифаќаа потчинет статус во однос на поголемата целина или се повлекуваа од борбата за да станат ризница на носталгија и други сентименти. „Националниот принцип“ што дипломатите го дебатираа и ја промени картата на Европа во периодот помеѓу 1830 и 1878 стана различен од политичкиот феномен на национализмот кој стана централен во ерата на европската демократизација и масовната политика.

Сите држави на земјината топка денеска официјално се „нации“, сите движења настојуваат да бидат движења за „национално обединување“, „националните“ поттици ги пореметија најстарите национални држави во Европа – Шпанија, Франција, Обединетото кралство. Карактеристичните националистички движења од доцниот дваесетти век во основата се негативни, односно поскоро разделувачки. Оттука инсистирањето на „етничките“ и лингвистичките разлики при што едното или двете биле комбинирани со религијата. Во една смисла тие можат да бидат сфатени како застапници на малите национални движења против Хабзбуршката, царската или Отоманската империја што ќе рече против она што историски беше сфатено како застарен модел на политичка организација во името, можеби, на модел со политичка современост, национална држава. Во друга смисла, повеќето од нив се спротивност на тоа, односно отфрлање на современата политичка организација, како национална така и наднационална.[51]

За Гелнер, во историјата постојат три главни фази: предаграрна, аграрна и индустриска:

- Првата е ловечко-собирачка фаза, во која не постои политичка организација и држава, па следствено ниту нации и национализми;
- Втората фаза се однесува на многу видови на општества, од кои многу имаат сопствени држави. Постои можност за нации и национализми, но оваа можност никогаш не е реализирана;

[51] Ерик Хобсбаум (1993), *Нациите и национализмот по 1780: програма, мит, стварност,* Култура, Скопје – Наслов на оригиналот: E. J. Hobsbawm (1992), *Nations and nationalism since 1780: Programme, myth, reality,* Cambridge University Press.

- Третата фаза е всушност индустриската ера во која државата станува неизбежност. Секое општество има аспирации кон сопствената држава, но тоа е само дел од причината зошто национализмот станува толку универзална аспирација на модерното општество.[52]

Првиот чекор кон модерниот концепт за нацијата се состоеше од негово дефинирање како алтернативен извор на политичко овластување. Со тоа нацијата стана особено значајна за политиката, не е повеќе маргинално, егзотично прашање кое се издвојува од политиката.[53]

Појавата на модерниот национализам датира од 18-ти век. Француската револуција која започна во 1789 година, беше многу повеќе од едноставна промена на политичкиот режим и власт, таа претставуваше пресвртница во однос на политичките идеи и идеологии (некои демократски, некои авторитарни) кои беа прифатени низ Европа, а подоцна со помош на колонијализмот, и во целиот свет. Обединувањето на масите во политиката, која претходно беше исклучителен домен на повисоките класи или елити, беше една придобивка, а национализмот, друга.[54] Француската револуција претставуваше пресвртна точка во историјата на национализмот и иако различни фрагменти на идејата за нација се појавиле многу порано, за самата идеја може да се каже дека се роди за време на револуцијата.[55]

Национализмот на почетокот на 19-ти век во Латинска Америка имаше облик на движења за независност кои им ставија крај на тамошните шпански и португалски колонии. Националните политички движења во 40-тите, во 50-тите

[52] Јован Ананиев... и др. (2016), *Зошто идеологијата е важна: есеи за национализам, политички идеологии и бирократија,* Универзитет "Гоце Делчев", Правен факултет, Центар за правно-политички истражувања, Штип достапно на: http://eprints.ugd.edu.mk/16118/7/ideologii%20%203333.pdf

[53] Оле Вевер, Бери Бузан, Мортен Келструп, Пјер Леметр (2010), *Идентитет, миграција и новата безбедносна агенда во Европа,* Академски печат, Скопје – Наслов на оригиналот: Ole Waever, Barry Buzan, Morten Kelstrup, Pierre Lamaitre (1993), *Identity, migration and the new security agenda in Europe,* Pinter Publishers Ltd.

[54] Mark V Kauppi and Paul Viotti (2013), *International Relations and World Politics: Security, Economy, Identity*, Pearson, Prentice Hall.

[55] Оле Вевер, Бери Бузан, Мортен Келструп, Пјер Леметр (2010), *Идентитет, миграција и новата безбедносна агенда во Европа,* Академски печат, Скопје – Наслов на оригиналот: Ole Waever, Barry Buzan, Morten Kelstrup, Pierre Lamaitre (1993), *Identity, migration and the new security agenda in Europe,* Pinter Publishers Ltd.

и во 60-тите години од 20-тиот век успеаја да го отфрлат европското колонијално владеење во поголемиот дел од Африка и од Азија.[56]

Генерално можат да се издвојат две школи и правци, кои нудат различни толкувања: примордијализам и модернизам.

Основната претпоставка на примордијализмот е дека нациите отсекогаш биле или дека барем дел од нив се присутни на територијата на која се наоѓаат денес и дека минатото игра голема улога во денешното постоење и опстојување на нацијата. Примордијализмот произлегува од даденоста т.е предодреденоста. Поврзувањето на крвната врска, јазикот, обичаите и сл. се доживуваат како нешто што само по себе содржи непобитна, повремено надмоќна принуда.

Модернистичкиот пристап се однесува на теоретската рамка главно продуцирана во втората половина на 20-тиот век. Модернизмот тврди дека:

- Нациите не биле во никоја смисла стари или ќе бидат вечни. Оваа претпоставка не е поткрепена од ниеден документарен доказ и како таква се однесува на вербата во староста на модерните културни колективитети;
- Нациите во ниту една смисла не се предодредени. Секоја ваква претпоставка како акт на верба не е поддржана од ниту еден историски или социолошки доказ;
- Многу нации се всушност скорешни, и во Европа, а подоцна и во Африка и Азија, а ова е во спротивност со тврдењето за вечниот и трајниот карактер на нациите;
- Ние не можеме и не смееме да ги читаме елементите на модерните нации и национализми назад во пораните, предмодерни колективитети и сентименти, овој вид на „ретроспективен национализам“ само служи лажно да се пренасочи нашето разбирање на доста различните идентитети, заедници и односи во старите, антички и средновековни светови;
- Нациите не биле продукт на природните, длабоко вкоренети историски сили, туку попрво на историскиот развој и на рационалната, планирана активност што ја направила можна и неопходност од условите на модерната.

[56] Mark V Kauppi and Paul Viotti (2013), *International Relations and World Politics: Security, Economy, Identity*, Pearson, Prentice Hall.

Модерната идеологија на национализмот го опфаќа следново:

- светот е поделен на нации, секоја поседувајќи дистинктивен карактер, историја и судбина;
- политичката моќ има единствена особина во нацијата и лојалноста кон нацијата ги надминува сите други лојалности;
- да се биде слободно човечко суштество мораме да се идентификуваме со нацијата;
- за да бидат автентични, нациите мораат да имаат максимална автономија и
- светскиот мир и правда може да се градат само во општество на автономни нации.

Трите идеали кои политичката програма мора да ги реализира се: националната автономија, националното единство и националниот идентитет.[57]

Теоретичарите привврзаници на моделот на градење на нацијата (nation-building) тврдат дека:

- Нациите во суштина беа територијални политички заедници. Тие беа суверени, ограничени и кохезивни заедници на законски еднакви граѓани, и тие беа соединети со модерните држави за да го формираат она што ние го нарекуваме унитарни "национални држави";
- Нациите ја конституираа основната политичка врска и главната лојалност на нивните членови. Другите врски на пол, регион, семејство, класа и религија – мораа да бидат подредени на најважната лојалност на граѓанинот кон неговата или нејзината национална држава, и ова беше пожелно бидејќи им даде форма и содржина на идеалите за демократско граѓанско учество;
- Нациите беа главни политички актери на меѓународната арена. Тие беа вистински социолошки заедници кои располагаат со политичката тежина на светската популација и единствен

---

[57] Јован Ананиев... и др. (2016), *Зошто идеологијата е важна: есеи за национализам, политички идеологии и бирократија,* Универзитет "Гоце Делчев", Правен факултет, Центар за правно-политички истражувања, Штип достапно на: http://eprints.ugd.edu.mk/16118/7/ideologii%20%203333.pdf

легитимирачки и координативен принцип на меѓудржавни односи и активности;

- Нациите беа конструкции на нивните граѓани, а особено на нивните лидери и елити, и беа изградени преку различни процеси и институции. Клучот за успехот на нациите беше балансирана и сеопфатна институционализација на улогите, очекувањата и вредностите, и создавањето на инфраструктура на општествени комуникации – транспорт, бирократија, јазик, медиуми, политички партии итн.;
- Нациите беа единствената рамка, средство и корисник на општествениот и политичкиот развој, единствениот инструмент за обезбедување на потребите на сите граѓани во продукцијата и дистрибуцијата на ресурсите и единствените средства за обезбедување одржлив развој. Тоа беше само затоа што националната лојалност и националистичката идеологија може да ги мобилизира масите за обврзување, посветеност и самопожртвуваност барано од модернизацијата со сите нејзини придобивки и негативности.[58]

## 2.3. Типови на национализам

Корисна типологија на национализмите може да се конструира со едноставно изведување на мноштвото можни комбинации на клучните фактори кои учествуваат во обликувањето на современото општество. Првиот фактор што ќе го наведеме во овој модел е факторот власт. Современите општества се секогаш и неминовно централизирани, во смисла дека одржувањето на редот е задача на една агенција/служба или на група агенции, и дека задачата не е дисперзирана низ општеството. Во современото општество силата на општествениот поредок не е нешто рамномерно раширено низ општеството, што е карактеристична појава кај членовите на племињата со сегментарна

[58] Anthony D. Smith (1998), *Nationalism and modernism: a critical survey of recent theories of nations and nationalism,* Routledge, London and New York достапно на: https://b-ok.cc/book/541043/7c0406

општествена организација, туку е концентрирана во рацете на некои од членовите на општеството. Поедноставно кажано, секогаш некој има, а некој нема власт. Следниот елемент во моделот е пристапот до образованието или до постоечката модерна висока култура (тие овде се третирани како еквивалентни). Поимот образование, односно постоечка модерна висока култура е уште еден мошне лабав, но сепак корисен поим. Тој се однесува на севкупните вештини кои го прават човека компетентен да ги заземе повеќето секојдневни работни места во современото општество, кои го оспособуваат со леснотија да плива во овој вид културен медиум. Елементот кој е најважен од гледна точка на национализмот е идентитетот или разнообразноста на културата. Овде се подразбира дека терминот „култура“ е употребен во антрополошка, а не во нормативна смисла: она што се мисли под терминот е специфичниот начин на однесување и комуникација на една заедница.[59]

Историски гледано, теоријата на нациите и национализмите во однос на карактерот на формирањето и функционирањето на самата нација во основа разликува два модели. Првиот, уште наречен граѓански, политички или територијален модел, тргнува од претпоставките врз основа на кои се темелат француската нација и поголемиот дел од западноевропските нации-држави, вклучително и САД. На многу места во литературата овој модел се нарекува и француски модел на нација. Вториот национален модел е попознат како етно-јазичен, етнички или германски (некаде и германо-словенски) модел. Истиот е карактеристичен за земјите од централна и источна Европа.[60]

Национализмот обично се дели на два типа, граѓански и етнички.

1. Граѓанскиот национализам се залага за нацијата како композиција од сите оние – без разлика на расата, бојата, родот, јазикот или ентитетот – кои се залагаат за нацијата како за политичко убедување. Тој се однесува кон нацијата како заедница на еднакви, со граѓански права, обединети во настојувањето заеднички да ја делат политичката практика и заедничките вредности.

2. Наспроти тоа, етничкиот национализам декларира дека најдлабоките индивидуални верувања се наследени, а не избрани. Етничката заедница е таа

---

[59] Ернст Гелнер (2001), *Нациите и национализмот,* Култура, Скопје – Наслов на оригиналот: Ernest Gellner (1983) *Nations and nationalism,* Cornell University Press, New York.
[60] Јован Ананиев и др. (2016), *Зошто идеологијата е важна: есеи за национализам, политички идеологии и бирократија,* Универзитет “Гоце Делчев“, Правен факултет, Центар за правно-политички истражувања, Штип, достапно на: http://eprints.ugd.edu.mk/16118/7/ideologii%20%203333.pdf

што ја одредува индивидуата, а не е индивидуата таа која ја одредува етничката заедница. Етничкиот национализам многу често може да произведе силно чувство на самоидентификација: кое редовно ќе ги нагласува разните обележја како што се јазикот, религијата и историјата, а ги прави помалку важни другите врски кои можат да го ослабат единството на нацијата.[61]

Етничкиот национализам ја подразбира идеологијата на националноста, која протагонистите ја дефинираат во категориите „гени, крв и почва". Овој вид национализам е насочен кон националната држава, при што државата ја третира како свој призвод, односно како рамка на остварување на своите национално еманципаторски тежненија, како своја цел. Од друга страна, етничкиот национализам во себе ги содржи сите потенцијали за конфликт со постојната држава, но и за внатрешни меѓуетнички конфликти. Неговото тежнение е насочено кон формирање одреден тип авторитарна држава, пред сé национална држава, со доминантните критериуми „водач, крв и почва".[62]

## 2.4. Етнички идентитет

Од неговото појавување на почетокот на 20-тиот век, па сé до денес, поимот „етнии" често е помешуван со другите блиски поими како, на пример, поимите „народ", „раса" или „нација". Постои разлика меѓу европското и американското поимање на поимот етницитет, но тоа, ниту во едниот ниту во другиот случај, не е ослободено од идеолошки премиси. Неговата најтесна политичка смисла е изградена во северноамериканскиот контекст, во кој „ethnicity" се поврзува со барањата кои се појавуваат на јавната сцена, за признавање специфичен идентитет. Изразот „етнии" е воведен во францускиот јазик за да се објасни посебна групна солидарност, различна од онаа која ја произведува политичката организација, и различна од онаа која е плод на антрополошка сличност. За Макс Вебер, расната припадност се разликува од етничката, според фактот што таа „навистина" е втемелена врз заедничко

[61] Стојан Славески (2013), *За идентитетот на современата македонска нација: етнички или граѓански концепт,* Џорџ К. Маршал, Здружение на дипломирани студенти од Република Македонија на Европскиот цент, Скопје.
[62] Оливер Бакрески, Срѓан Милашиновиќ, Желимир Кешетовиќ (2012), *Теории на менаџментот и конфликтите,* Филозофски факултет, Скопје.

потекло, додека етничката група се заснова врз субјективно верување во заедничко потекло. Што се однесува до нацијата, како и етничката група, така и нацијата е втемелена врз верувањето во заеднички живот, но етничката група од нацијата се разликува по страста која ја следи желбата за политичка моќ. За Вебер, етнички групи се: „оние групи индивидуи кои врз основа на сличност во надворешниот изглед или во обичаите, или и во едното и во другото, или врз основа на помнењето на колонизацијата или на селидбата, негуваат субјективна вера во заедничкото потекло, така што таа вера станува значајна во пропагирањето за формирање заедница".[63] За Ренан, за разлика од Вебер, етничкиот елемент спаѓа во сферата на објективното и на судбинското, т.е тој е спротивставен на субјективноста и волјата, кои се одлучувачки фактори во оформувањето на нациите.[64] За некои теоретичари, како на пример, за Хедер или за Букер, етнијата ги комбинира биолошките и културните аспекти. Таа истовремено е заедница на крв, култура и јазик. За Фредрик Барт[65], не постои врска меѓу културата и етницитетот. Општо е прифатено дека степенот на вкоренетост на етничките идентитети во минатата културна реалност бил многу променлив т.е дека секоја етничка култура во извесна мера е „крпеница" од се и сешто. За Барт, етницитетот не е испразнет од културната содржина, но тој уште помалку е прост израз на веќе постојна култура. Етницитетот секогаш подразбира процес на селекција на културни црти со кои актерите се зафаќаат, за од нив да ги изведат критериумите кои им ги припишуваат на поединците на одредени етнички групи, или кои служат за идентификација на припадноста. Аналитичката рамка за истражување на етницитетот, која ја предлага Барт, им доделува на културните црти само контекстуално значење. Предлагајќи заедничката култура да се набљудува повеќе како импликација, отколку како дефиниција на етницитетот, Барт го одбива сфаќањето според кое културните разлики би биле важни сами по себе, надвор од полето на односи во кое се појавуваат. За Барт ни фактот дека се зборува на ист јазик, ни заедништвото на територијата, ни сличноста на обичаите, не претставуваат сами по себе етнички

[63] John Stone, (1995). Race, ethnicity, and the Weberian legacy, *American Behavioral Scientist*, Vol.38 n.3.
[64] Helen Catt, Michael Murphy, (2002). *Sub-State Nationalism: A Comparative Analysis of Institutional Design,* Routledge, Taylor and Francis Group, London and New York.
[65] Fredrik Barth. (1998), *Ethnic Groups and Boundaries: The Social Organization of Culture Difference*, Waveland Press, USA.

атрибути. Тие тоа стануваат тогаш кога оние кои се повикуваат на заедничкото потекло, ќе ги употребат како означувачи на припадност.

Според Јакоб Леви, етничката група може да се дефинира како сегмент на едно пошироко општество за чии припадници се смета, од нив самите или од страна на другите, дека имаат заедничко потекло и дека споделуваат значајни сегменти на заедничката култура и кои, освен тоа, учествуваат и во заеднички активности во кои заедничкото потекло и култура се значајни состојки. И Хоровиц формулира инклузивен концепт на етницитетот: „етничките групи се дефинирани со аскриптивни одлики, меѓу кои спаѓаат бојата, изгледот, јазикот, религијата и други показатели за заедничкото општество или некоја нивна комбинација". Можеби најважната класификација е дека станува збор за аскриптивни одлики кои го формираат идентитетот; со други зборови, тој не е слободно избран од поединецот, туку му е доделен при раѓањето и заради фактот што е роден во даден контекст кој тој самиот не го избрал.[66]

За многу теоретичари, придавките „етнички" и „национални" се меѓусебно заменливи, и тие прават мала дистинкција меѓу етничките групи и нациите. За другите, етницитетот означува расцеп во рамките на нацијата, односно во рамките на националната држава; како регионализам, и се смета за „субнационален" феномен.[67]

Честопати е тешко да се направи разлика помеѓу нација и етничка група. Една причина е субјективноста на термините, луѓето се оние кои одлучуваат дали ќе ги дефинираат сопствените идентитети во однос на нацијата или на етничката припадност. Покрај тоа, термините честопати се употребуваат како синоними. Етничките групи го задржуваат одделниот идентитет во една поголема, етнички разновидна нација. Членовите на етничките групи може да го зборуваат истиот јазик, да ги споделуваат културните вредности, па дури и да имаат заеднички физички особини, меѓутоа, сите овие групи сепак го задржуваат преовладувачкиот заеднички национален идентитет.[68]

---

[66] Ванковска Билјана (2011), *Меѓународна безбедност: критички пристап,* Филозофски факултет, Скопје.

[67] Anthony D. Smith (1998), *Nationalism and modernism: a critical survey of recent theories of nations and nationalism,* Routledge, London and New York, достапно на: https://b-ok.cc/book/541043/7c0406

[68] Mark V Kauppi, Paul Viotti (2013), *International Relations and World Politics: Security, Economy, Identity*, Pearson, Prentice Hall.

Етницитетот влегува во политичката сфера како „национализам“ во времиња кога економската основа на општествениот живот бара културна хомогеност или континуитет (а не бескласност) и кога, последователно, класните разлики надоврзани на културата стануваат опасни, додека етнички необележаните постепени класни разлики остануваат подносливи.[69]

Етничките или националните заедници не постојат за да бидат откриени во душата на луѓето. Тие можат да се изразат врз основа на различни историски, политички и културни фрагменти. Ентони Смит презентираше повеќе етнички пристапи кон националниот идентитет во серија на книги. Според неговото размислување, етничките идентитети се предуслов за националниот идентитет. Етничката заедница постои кога клучната група поседува некои од следниве одлики: точното колективно име, митот за заедничките предци, заедничките историски спомени, еден или повеќе елементи на разликување на заедничката култура, здружување со посебната татковина, чувството на солидарност за значајните сектори на населението. Дури и овие не се јасно објективни, но само прашање на време е кога тие ќе се „стекнат со особено значење“, односно кога ќе добијат значење во симболичкиот систем на значење. За нациите се потребни етнички елементи, но само во одредени услови етничките елементи се јасно изразени како етничка заедница и само под други дополнително определени услови тие ќе доведат до политичко изразување во форма на нација. Па така, можно е да се дејствува во лепезата од неизразените етникуми и модерниот национализам: може да се зборува за „прикриени идентитети“ на нациите кои умираат или се раѓаат и дури и за оние кои најверојатно ќе се појават.[70] Трансформациите, нациите кои умираат или се раѓаат се многу ретки, затоа што целата на инфраструктура на нациите (не само јазикот) им нуди голема веројатност за продолжување, дури и кога не е изразено во држава (на пример, балтичкиот народ) и кога е вградено во нација-држава, тогаш репродукцијата на нацијата е многу повеќе безбедна. Некои етнички идентитети или паднаа под

[69] Ернст Гелнер (2001), *Нациите и национализмот,* Култура, Скопје – Наслов на оригиналот: Ernest Gellner (1983) *Nations and nationalism,* Cornell University Press, New York.

[70] Anthony D. Smith (1998), *Nationalism and modernism: a critical survey of recent theories of nations and nationalism,* Routledge, London and New York, достапно на: https://b-ok.cc/book/541043/7c0406

моќта на другите и беа интегрирани во други, поголеми идентитети, или пак, се проголтани на суров начин од нациите кои ги искорениле.[71]

Има различни видувања за постојаноста на идентитетот. Едното стојалиште е дека идентитетите се дадени еднаш и постојат се додека постојат припадниците на групата, кои не го избираат туку го препознаваат и прифаќаат како таков. Од друга страна, исто така, има видување дека идентитетот на групата е процес што е подложен на постојани промени и преиспитувања. Мек Свини го гледа етничкиот идентитет како постојано променлива и нестабилна категорија „ништо повеќе отколку провизорна и флуидна слика за нас самите, за она што сакаме да бидеме".[72] Роналд Сани, исто така нагласува дека „националните идентитети и концептуализацијата на интересот можат брзо да се менуваат во политички флуидни моменти".[73] Според Мек Свини „идентитетот е помалку или повеќе флуиден, повеќе или помалку ограничен во зависност од историските факти и политичките интереси ангажирани во неговото менаџирање".[74] Идентитетот е субјективна категорија, која се менува со текот на времето, и има надворешни и внатрешни карактеристики. Внатрешните карактеристики се поврзуваат со заедничкото потекло и заедничката култура додека надворешните се дефинирани од односите со другите етнички групи во државата. Од друга страна, за Бузан и Вивер, општеството (групата) има идентитет по дефиниција. Луѓето не го избираат, тие го препознаваат, тие му припаѓаат.[75]

---

[71] Ole Waever, Barry Buzan, Morten Kelstrup, Pierre Lamaitre (1993), *Identity, migration and the new security agenda in Europe,* Pinter Publishers Ltd.
[72] Mac Sweeney, (2009). Beyond Ethnicity: the overlooked diversity of group identities, *Journal of Mediterranean Archaeology* 22.
[73] Ronald Grigor Suny, (1993). *The Revenge of the Past: Nationalism, Revolution, and the Collapse of the Soviet Union*, Stanford University Press.
[74] Mac Sweeney, (2009). Beyond Ethnicity: the overlooked diversity of group identities, *Journal of Mediterranean Archaeology* 22.
[75] Ole Waever, Barry Buzan, Morten Kelstrup, Pierre Lamaitre (1993), *Identity, migration and the new security agenda in Europe,* Pinter Publishers Ltd.

## 2.5. Етнички конфликти

Етнички конфликт е „конфликт помеѓу две или повеќе етнички групи". Етничкиот конфликт често се сведува на тенденцијата на малцинска етнич:ка група да постигне поделба на дел од територијата, за која смета дека и припаѓа, или ако е можно, потесна или поширока автономија од различни причини.

Дефинирањето на концептот на етнички конфликт е оптоварено со неколку доминантни митови:

- Прво, погрешно се смета дека етничкиот конфликт е нов феномен, главно поврзан со крајот на светскиот поредок карактеристичен за Студената војна. Според светската база на податоци на Универзитетот од Мериленд, на чело со Тед Гур, етнички конфликти постоеле и за време на Студената војна, а нивниот денешен број не е поголем од оној во тоа време. Новината е во „видливоста" на ваквите конфликти, до што дојде до резултат на структурните промени во меѓународниот систем, а дел од нив се последица на поранешниот европски колонијален систем (особено во Африка);
- Вториот мит е поврзан со уверувањето дека етничките конфликти се толку длабоки што инволвираат древни чувства на траума и омраза, па оттука е невозможно да се влијае на нив. Покрај тоа, доминира уверувањето дека во нив секогаш може да се препознае судир на „добрите" и „лошите момци";
- Третиот мит е поврзан со терминологијата, односно со означувањето на еден конфликт како етнички. Всушност, онака како што за сите внатрешни конфликти може да се каже дека не се секогаш резултат на чисто „внатрешни" причини, истото важи и за „етничките конфликти" до кои може да дојде од причини кои немаат ништо заедничко или сосема маргинално се однесуваат на етничките разлики. До конфликт од ваков вид може да дојде како реакција на елиминирање на туѓинска (странска) управа, заради етнополитичка манипулација на т.н. политички претприемачи (елити), реакција на економски фактори и закани, распад на сложена држава или империја. Накратко, важно е да се утврди дали

„етничкиот конфликт“ е поврзан со односите меѓу етничките групи и различните култури. Постои уверување дека во време на доминација на т.н. културалистичка парадигма, лидерите намерно го претставуваат конфликтот како етнички за да добијат или поголемо меѓународно внимание и интервенција за својата кауза (интернационализација на конфликтот), или за да се добие поддршка кај сопствената јавност за да се интервенира во етнички конфликт. Досега се покажа дека јавноста (и домашна и меѓународна) е високо чуствителна на ваквите повици за судири „само поради припадноста на друга етничка група“. Некои автори, како Липшуц, Крафорд и Ганон се децидни: „етничките“ и „сектаријански“ конфликти не се предизвикани со етницитетот или религијата. До нив доаѓа кога „општествениот договор“ на кој е заснована една држава е ставен под силен притисок и на внатрешни и на надворешни сили. Според нив, кога глобалната економија врши притисок врз власта да преземе сериозни политички и економски реформи, етничките и верски „претприемачи“ ја мобилизираат општествената група околу етничките и верски разлики во обид да ја освојат моќта и богатството во општеството во криза.[76]

Некои теоретичари, на етничките конфликти им препишуваат предлабока и древна омраза или големи судири помеѓу цивилизациите, но етничките разлики се подобро опишани со изразот на Зигмунд Фројд „нарцизам на мали разлики“. Луѓето секогаш се диференцират себеси во групи и понекогаш разликите се постигнуваат со предрасуди и омраза. Но, ваквите разлики ретко водат до висок степен на насилство. Иако не постојат два конфликта кои се потполно исти, постои заедничка динамика, а таа е дека етничките симболи и традиционалните верувања водат до поделби; економските ривалства или заслабнувањето на авторитетот на државата создаваат стравови за опстанокот на групите. Елитите или лидерите тогаш мобилизираат поддршка, повикувајќи се

[76] Ванковска Билјана (2011), *Меѓународна безбедност: критички пристап,* Филозофски факултет, Скопје.

на етничките симболи, и какви било настани можат да бидат искра за започнување на борбите.[77]

Мајкл Браун утврдува дека во научната литература се идентификувани главните групи варијабли кои влијаат на појавата на конфликт:

1) структурални фактори (слаби држави, внатрешно-државни безбедносни проблеми, етничка географија);
2) политички фактори (дискриминаторни институции, ексклузивистичка национална идеологија; политиката меѓу групите, политиката меѓу елитите);
3) економско-социјални фактори (дискриминаторен економски систем, економска неразвиеност, модернизација);
4) културни/перцептивни фактори (модели на културна дискриминација, проблематични заемни истории на групите).[78]

Од аспект на анализата на националните конфликти значајно е и тоа што националната свест, класните, економските, политичко-системските и идеолошките причини на националните конфликти во одредени општествени и историски околности стануваат причини од втор ред. Како основни фактори на националните конфликти тогаш се појавуваат ирационално психолошките, кои имаат различни облици, содржина и интензитет: опседнатоста со националната чистота, единството на нацијата и со големината на државата, „мисијата“ на политичките лидери, тежнението за одмазда поради поранешно историско страдање, различните стереотипи, предрасуди и слично. Ваквите социјално-психолошки случувања се јавуваат и особено се интензивни во долготрајни периоди на криза на идентитетот на едно општество, криза на перспективата во поглед на опстанокот и развојот на општеството, како и во услови на крах на централните општествени вредности и обединувачки идеи.[79]

Стивен ван Евера укажува дека четири примарни својства на националистичкото движење го одредуваат потенцијалот за насилство:

[77] Џозеф С. Нај, Помладиот (2008), *Разбирање на меѓународните конфликти: вовед во теоријата и историјата,* Академски печат.
[78] Ванковска Билјана (2011), *Меѓународна безбедност: критички пристап,* Филозофски факултет, Скопје.
[79] Оливер Бакрески, Срѓан Милашиновиќ, Желимир Кешетовиќ (2012), *Теории на менаџментот и конфликтите,* Филозофски факултет, Скопје.

- Прво е политичкиот статус на движењето: „дали е достигната државотворноста или не?“. Тој тврди дека ако националното движење нема држава, се јавува ризикот од војна во меѓународнот систем. Борбата за национална слобода може да предизвика низа војни, ризикувајќи распространување на конфликтот во меѓународната област. Дури и ако националистичкото движење успее да создаде држава, може да се создадат услови за понатамошен конфликт од страна на други незадоволни групи;
- Вториот фактор кој го одредува потенцијалот на националното движење кое предизвикува насилство е ставот кон неговата национална дијаспора (дисперзија или раселување на луѓе во други држави); ако движењето има национална држава, дали ќе се обиде да ги вклучи неговите граѓани, сонародници преку територијална експанзија или преку охрабрување на имиграција;
- Третиот фактор е ставот на движењето кон независните граѓани – дали е толерантен или насочен кон хегемонија. Со други зборови, дали националистичката идеологија ја почитува слободата на другите националности или дали го презема правото или обврската да владее со нив. Хегемонскиот национализам е најретката и најопасната варијанта;
- Четврти е ставот на националното движење кон неговите малцинства – дали правата на малцинствата се почитуваат или се прекршуваат. Национализмот на многу емигрантски нации се стреми да биде релативно потолерантен кон малцинствата. Од друга страна, пак, неемигрантскиот национализам се стреми кон дискриминација или угнетување на малцинствата.[80]

Според Ван Евера, овие четири својства создаваат „опасна скала“, која го нагласува нивото на опасност поставено од било кој национализам. Доколку сите четири својства се позитивни или „бенигни“, тогаш таквиот национализам може и да го намали ризикот од војна. Следствено, ако сите четири својства се

[80] Stephen van Evera, (1994). Hypotheses on Nationalism and War, *International Security,* Vol. 18, No. 4.

негативни или „малигни“, национализмот секогаш се судрува со другите, со што се зголемува ризикот од војна.

Некои тврдат дека националноста, етничката припадност и историски заснованите културни разлики се само средства кои служат за оправдување на иредентизмот и на агресијата. Несомнено, лидерите знаат како да манипулираат со своите народи со помош на национални и на етнички апели со кои се прикриваат другите цели. Од друга страна, дури и во овие случаи, способноста на водачите да ги обединат луѓето на овие основи, упатува на тоа дека националните и етничките разлики, всушност, за луѓето кои се вклучени, се реални, а не само вештачки политички конструкции.[81]

Дискурсот за етнички конфликти не ретко страда од генерализации: етничките групи се третираат како внатрешно хомогени и толку тесно поврзани што не само што се игнорира фактот што во конфликтите најчесто не постои црно-бела слика, т.е. не постојат две страни, токму затоа што и во рамките на една страна во конфликтот постојат внатрешни делби и различни агенди. Според оние автори кои ја проблематизираат парадигмата на доминација на етничкиот конфликт, ваквиот пристап е и опасен затоа што претставува некритичко прифаќање на етнонационалистичката логика на оние кои под превезот на борба за етнички права, всушност, се борат за власт и лични добивки.[82]

Политичкиот научник Џон Милер ја истакнува улогата на насилните групи кои ги постигнуваат своите цели по пат на манипулација со етничките традиции и стравови. Во овој поглед, целокупниот концепт на „етничко војување“ е заведувачки, бидејќи ја наметнува Хобсовата војна на сите против сите, каде што таканаречените етнички конфликти се „предводени од страна на мали воени групи, групи кои изјавуваат дека се борат и убиваат во името на некој поголем ентитет“.[83] Милер тврди дека малцинството кое прибегнува кон насилство го уништува просторот за умерена средина и од резултирачкиот хаос изникнуваат патолошки и криминални елементи. Конфликтите помеѓу

[81] Mark V Kauppi, Paul Viotti (2013), *International Relations and World Politics: Security, Economy, Identity*, Pearson, Prentice Hall.
[82] Ванковска Билјана (2011), *Меѓународна безбедност: критички пристап,* Филозофски факултет, Скопје.
[83] Mueller John (2000). The Banality of "Ethnic Conflict", *Quarterly Journal: International Security*. Belfer Center for Science and International Affairs, Harward Kennedy School.

заедниците честопати се наречени етнички војни – војни во кои завојуваните страни се дефинираат себеси во културните рамки коишто го опфаќаат јазикот, религијата или ним сличните карактеристики. Повеќето етнички војни се појавуваат кога ќе настане рушење на воспоставените механизами за посредување на конфликтите. Неспособноста на владите да посредуваат во конфликтот честопати се случува како последица на срушените империи, како што се европските колонијални империи во Африка или советската империја во Кавказот и Централна Азија. Ваквите „пропаднати држави“ или никогаш немале силна власт или пак, нивното владеење било поткопано од неповолните економски услови, загубата на легитимитетот, или од страна на надворешна интервенција.[84]

Голем број на типологии, на хипотези, како рамки и теории, беа развиени за да се објаснат потеклото на национализмот и условите под кои тој придонесува за меѓународен конфликт. Дејвид А. Лејк и Доналд Ротшилд[85] определија една интересна рамка и едно тврдење во однос на околностите под кои се развива етничкиот конфликт. Тие тврдат дека многу популарни објаснувања се некомплетни или едноставно погрешни. Етничките конфликти не се директно предизвикани од разликите помеѓу групите, од историската омраза или од стресовите на модерниот живот предизвикани од глобалната економија. За нив, интензивниот етнички конфликт е често предизвикан од еден колективен страв за иднината. Ова се случува кога државите ја губат нивната способност да посредуваат меѓу групите или да обезбедат убедливи гаранции за заштитата на групите. Со други зборови, кризата на доверба во државата или актуелната претстава за неуспех на државата е клучниот фактор за појавата на етничкиот конфликт кој тие го нагласуваат. Групите може да се разоружаат поради чувството на страв, но резултатот е да се стимулира натпревар помеѓу групите, зголемувајќи го факторот на колективниот страв. Групите се сомневаат во намерите на другите етнички групи – се јавува дилемата во однос на безбедноста. Оттаму, државната слабост е предуслов за етнички конфликт во државите, како што отсуството на супериорен авторитет во меѓународниот систем на светската политика е доволна причина за војна. Штом групата почне

[84] Џозеф С. Нај, Помладиот (2008), *Разбирање на меѓународните конфликти: вовед во теоријата и историјата,* Академски печат.
[85] David A. Lake, Donald Rothchild, (1996). “Containing Fear: The Origins and Management of Ethnic Conflict,” *International Security*, vol. 21, no. 2.

да стравува за својата безбедност, се јавуваат и други фактори. Од особена важност е појавата на етничките активисти и политичките „трговци“ кои создаваат групни стравови. Политичките сеќавања и историските симболи се искористени за предизвикувње на чувство на национализам и за добивање на поголема поддршка. Таквите претставници не можат да ги постигнат своите цели сами. Од еден аспект, тие всушност се продукт на генераторот на етнички стравови.[86]

Етничките и националните спорови прераснуваат во својот најсуров облик – војна, тогаш кога едната или двете страни во конфликтот ќе добијат и поширока, пред сѐ меѓународна поддршка, или „кога големите сили на етничкото малцинство ќе му „даруваат“ државно-национална самостојност и легитимитет. Причина за таквиот подарок секогаш е воен, политички и економски интерес на дародавецот, бидејќи само суверена нација може да се одрече од дел од суверенитетот во корист на оној што и го дал или, подобро кажано, подарил, тој статус на covереност“.[87]

Насилството помеѓу етничките групи е манифестација на процесот воден од елитата за користење на најниските општествени именители – раса и етничка група – како средство за политичка мобилизација и со цел угнетените, ограничени или гладни луѓе да се поистоветат со етничките идентитети во отсуство на легитимни власти. Според ова, додека повеќето домашни конфликти започнале како недоразбирања околу стекнувањето моќ и ресурси, воените кампови се формирале околу етничките групи. За жал, повеќето од овие конфликти се сметале за нерешливи прашања, наводно поради вродениот етнички карактер на насилството. Оваа претпоставка била голема грешка. Иако е разбирливо дека ќе биде доста тешко за некоја трета страна да ги разреши историските нетрпеливости или да го спречи природниот тек на историските настани, едноставно не биле тие причините за доживеаното насилство во многубројните внатрешни конфликти. Прогласувањето на внатрешните конфликти за стекнување моќ и ресурси како вродени етнички конфликти, кои не можат да се решат со надворешно посредство, ги ослободува потенцијалните обезбедувачи на сигурност од одговорноста за рана или задоцнета интервенција.

---

[86] Mark V Kauppi, Paul Viotti (2013), *International Relations and World Politics: Security, Economy, Identity,* Pearson, Prentice Hall.
[87] Оливер Бакрески, Срѓан Милашиновиќ, Желимир Кешетовиќ (2012), *Теории на менаџментот и конфликтите,* Филозофски факултет, Скопје.

Доколку конфликтите не се решат додека лидерите и политичката елита не ги претворат во етнички спротивности и натпревар, овие конфликти постепено стануваат насилни. Потоа групниот идентитет ги опишува завојуваните страни, а главните причини за насилство се: страв од угнетување, физичка повреда, исфрлање на некој член од неговата група. Конфликтите меѓу етничките групи за стекнување моќ и ресурси сега стануваат конфликти меѓу групите за идентитет. Штом конфликтот ќе прерасне од материјални во идеолошки стравови и закани, штом причините за конфликтот се заменети со стравови за опстојување на групата, самата група ги дефинира границите на борбата. Во оваа фаза влоговите се многу повисоки и натпреварот за влијание се менува во натпревар за опстанок. Исто така, ова станува многу потешко за третите партии (државни и недржавни учесници) да најдат ефективни влезни точки за ставање на конфликтот под контрола. Додека во раната фаза на конфликтот било доволно да се понудат заеми на владата за да одржува основни општествени услуги, да ја реструктуира домашната економија или да врши притисок врз водечките нации да понудат еден вид политичка економија на политичките и економските угнетени или запоставени сегменти на популацијата, ваквите мерки не се од помош кога конфликтот ќе прерасне во насилство. Меѓутоа, спречувањето на конфликтот не е утописка идеја. Справувањето со појавата на конфликти со јасни влезни точки за надворешна интервенција (во форма на надгледување, преговарање, олеснување, санкции, па дури и воено ангажирање) е, сепак, возможно. Во многу случаи, етничките конфликти можат да бидат одбегнати доколку се разгледаат во рана фаза. Мотивот за спречување е едноставен: поедноставно е и помалку чини да се спречи појавувањето на конфликтот отколку подоцна да се справува со човечки и други трошоци, кои ќе се појават откако ќе се појави насилство во конфликтот. Најефикасен метод за спречување на конфликтот е создавање стабилност, просперитет и можност за натпревар околу земја, ресурси, политички пристап и моќ. Во повеќе делови од светот скоро и да нема веројатност дека ќе се случи ова, но, сепак треба и можат да се преземат чекори во тој правец. Најважни компоненти на долготрајниот ран метод за спречување на конфликти се: пронаоѓање на структуралните причини за конфликт и зајакнување на институциите што можат да ја поттикнат демократијата, развојот и мирните односи помеѓу групите и државите. За оваа цел, учеството на меѓународните организации е неопходно. Овој метод ги зема

предвид основните причини што можат подоцна да прераснат во етнички конфликт. Кога нема конфликт помеѓу етничките групи, одбраната и зачувувањето на идентитетот имаат многу мала улога во домашната и странска политика. Мирните, безбедни и просперитетни односи во мултиетничките општества се најдобар метод за спречување на вооружени конфликти или насилство.[88]

Во литературата за регулација на етничкиот конфликт може да се најдат различни методи за елиминирање и менаџирање на етничките разлики, како демократски така и недемократски.

Според таксономијата на Мекгери и Олери за методите на макрополитичките форми на регулацијата на етничкиот конфликт може да зборуваме за четири методи за елиминирање на разликите:

1) Геноцид;

2) Насилни масовни преселби на населението;

3) Поделба и/или сецесија и

4) интеграција и/или асимилација

Четирите методи за менаџирање на разликите се:

а) хегемониска контрола;

б) арбитрација (интервенција од трета страна);

в) кантонизација и/или федерализација и

г) поделба на моќта.[89]

Оваа типологија покажува дека има многу „методи“ за разрешување на етничкиот конфликт, меѓутоа првите два методи за елиминирање на разликите (геноцидот и насилните масовни преселби на населението) се без поддржувачи меѓу современите западни политички теоретичари заради нивната суровост.

Имено, геноцидот е систематско и масовно убивање на една етничка заедница со цел создавање состојба каде што е невозможна социеталната и биолошка репродукција на групата. Геноцидот како модел, иако употребуван од страна на одредени политички елити, е остро осуден од меѓународната заедница и сакциониран со меѓународното право.

---

[88] С. А. Јанакос (2009), *Етнички конфликт: религија, идентитет и политика,* Просветно дело, Скопје – Наслов на оригиналот: S. A. Giannakos (2002), *Ethnic conflict: religion, identity and politics,* Ohio University Press.

[89] John McGarry, Brendan O’Leary. (1993). The macro-political regulation of ethnic conflict, in *The Politics of ethnic conflict,* достапно на: http://www.sneps.net/t/images/Articles/O'Leary,%20ch1.pdf

Присилно преселување на населението се случува кога една етничка група физички се протерува од своето вековно огниште и се присилува да живее на некоја друга локација. Притоа треба да правиме разлика меѓу присилно преселување и договорена размена на територии помеѓу држави. Во првиот случај тоа е едностран акт на државата, додека во вториот случај зад договорот стојат две или повеќе држави. Размената на територии како договор помеѓу државите не може да се смета како доброволен акт, затоа што најчесто не се прашува домородното население, но судбината на преселените луѓе се разликува од еднostраното преселување. Таа е похумана во некој смисла.

Генерално е прифатено дека поделбата или сецесијата само ги релоцира проблемите на етничкиот конфликт и малцинските права на сукцесорските држави, честопати со брутални последици и оттука нема многу поддржувачи помеѓу западните теоретичари. Со некаде меѓу 5000 до 8000 етнокултурни групи во светот, и само околу 200 држави, едноставната аритметика покажува дека најголемиот број држави неминовно мора да бидат споделени меѓу повеќе од една етничка група, а најчесто од дузина. Има сериозна дебата за „легитимноста на асимилацијата", последниот метод за елиминирање на разликите. Според Доналд Л. Хоровиц[90], овој метод, што природно доаѓа од англо-американските демократии, е да се размислува за владеење на мнозинството со силни малцински права. Но многу е очигледно дека за големо малцинство (на пример 30% од вкупното население) перспективите на продолжено исклучување од владините структури е несоодветен начин, како практично така и теориски.

Под асимилација Мекгери и Олери подразбираат „идеја што се обидува да ги елиминира разликите во рамките на државата преку обидите да се интегрираат или да се асимилираат релевантни етнички заедници во еден нов, повисок идентитет". Тоа може да се постигне помалку или повеќе насилно, но целта е да се воспостави единствена, заедничка национална култура што ги елиминира сите разлики што постоеле претходно.[91]

[90] Horowitz, Donald. (1971). "Three Dimensions of Ethnic Politics." *World Politics* 23.
[91] John McGarry, Brendan O'Leary. (1993). The macro-political regulation of ethnic conflict, in *The Politics of ethnic conflict,* достапно на: http://www.sneps.net/t/images/Articles/O'Leary,%20ch1.pdf

Како заклучок може да се каже дека етничките конфликти се само вид внатрешни конфликти во кои најмалку една од страните во конфликт е дефинирана во исклучиво етничка смисла, и доколку главната контрадикција/некомпатибилност меѓу страните е етничка по својата природа.[92]

[92] Ванковска Билјана (2011), *Меѓународна безбедност: критички пристап,* Филозофски факултет, Скопје.

# 3. Сепаратизам

Сепаратизмот претставува стремеж кон одделување од некоја целина; стремеж на национално малцинство кон одделување во самостојна држава или автономна област. Иако често се однесува на целосно политичко отцепување,[93] сепаратистичките групи исто така, можат да бараат поголема автономија во рамките на поголемата заедница.[94]

Сепаратизмот подразбира одделување на една група од друга, без разлика дали е таа група владина, етничка, расна, јазична, верска или заснована врз база на пол, а целта на одделувањето може да биде потполна територијална сецесија, или одредена мера на автономија во поголемата единица. Целта на отцепувањето може да биде целосна територијална сецесија, или одредена мера на автономија во рамките на поголема единица и ја подразбира идејата на некои генерички карактеристики како клучни за автономното постоење. Истражувањата на оваа тема укажуваат на тоа дека етничките групи со автономни институционални аранжмани се повеќе склони да се отцепат, но други докази укажуваат на тоа дека автономијата ја намалува веројатноста од сецесија. Додека поединци во државната заедница се борат за интеграција во општеството, други одлучуваат да се отцепат од него, и во овој контекст изразот „сепаратизам" се однесува на процесот со кој малцинската група избира да се оддели од поголемата група.[95]

Историската ера по Втората светска војна често се нарекува ера на деколонизација, време кога поранешните европски сили, како и Америка и Јапонија, се откажаа од нивните прекуокенски империи и настанаа дузина нови суверени држави. Сепак, исто така може лесно да се нарече и ера на националистички сепаратизам, бидејќи голем број на етнички и пан-етнички движења кои бараат независност од политичкиот статус кво се зголемија во голема мера. Релевантноста на овие движења е јасна, бидејќи тие фундаментално го променија обликот на геополитичката карта на светот. Тие

---

93 Free Dictionary, Merriam-Webster dictionary (2008), *The Oxford Pocket Dictionary of Current English*.

94 Harris R., Harris Jerry (2009), *The Nation in the Global Era: Conflict and Transformation*, Brill.

95 Крстиќ Марко (2018), Тероризам са сепаратистичким претензијама, *Војно дело,* достапно на:http://www.odbrana.mod.gov.rs/odbrana-stari/vojni_casopisi/arhiva/VD_2018-6/70-2018-6-25-Krstic.pdf

создадоа дузина нови држави и ги сменија границите на дузина постоечки држави. Тие исто така ја променија светската рамнотежа на сили со креирање на „несврзан блок“ на независни држави кои не сакаа да стојат во сенка на Соединетите држави или на нивниот противник од Студената војна, Советскиот сојуз. Конечно, тие ја поставија сцената за најновиот период од постстуденовоената историја, во кој национализмот базиран на етничката припадност игра голема, или дури доминантна, улога во меѓународниот конфликт.[96]

Сепаратизмот или сецесионизмот настанува кога едно востаничко движење има за цел да создаде нова држава во рамките на една државна територија. Новосоздадената творба според меѓународното право не е ниту забранета ниту одобрена, туку едноставно се чека на крајниот исход од тој процес. Следствено на тоа се утврдува дека сецесијата генерално се третира како фактички процес, односно, доколку во една држава се наметне процесот на сецесија, се додека процесот de facto не произведе појава на нова држава, целото прашање гледано од суштински аспект го задржува внатрешниот карактер. Со други зборови, доколку државата на која и се заканува сецесионистичко движење успее да ја зачува контролата врз сепаратистичката заедница, тогаш сите држави се должни да го почитуваат принципот на територијален суверенитет. Традиционалното меѓународно право ја третира сецесијата како внатрешна работа на државите, додека современото меѓународно право во исклучителни случаи ја конфигурира сецесијата како последна инстанца или крајно решение на правото на народите на самоопределување. Со други зборови една одредена група/заедница/малцинство би можела да се повика на сецесија во два случаи: првиот, доколку се верификуваат сериозни повреди на внатрешниот аспект на правото на самоопределување со што би се легитимирало практикувањето на истото во својот надворешен аспект; и вториот, доколку се верификуваат сериозни повреди на човековите права за сметка на групата којашто го поставува сепаратистичкото барање. И во двата случаи, штом правото на внатрешно самоопределување ќе стане недостапно, тогаш се поврзуваат меѓу себе внатрешниот и надворешниот аспект на самиот принцип, при што малцинството може да покрене легитимно барање за сецесија. Поддржувачите

[96] Guntram H. Herb, David H. Kaplan (2008), *Nations and nationalism: A Global Historical Overview-Volume 4 1989 to present,* достапно на: http://b-ok.xyz/book/1213222/90318f

на првата хипотеза за сецесионистичкото самоопределување тврдат дека групата на којашто и е повредено правото на внатрешно самоопределување, токму заради таа повреда, созрева и го преобликува во право на надворешно самоопределување. Сето ова е остварливо доколку меѓународното право им го признае на групата/заедницата/малцинството правото на внатрешно самоопределување и доколку истото се негира до степен што ќе оневозможи негово понатамошно остварување внатре во државата, односно тогаш тоа еволуира во право на надворешно самоопределување. Додека пак, поддржувачите на втората хипотеза тврдат дека во апсолутно исклучителни случаи може да се изостави приматот на територијалниот интегритет, со цел да се заштитат правата на различните етнички групи, т.е. во моментот кога истите ќе бидат подложени на толку сериозни повреди, при што не преостанува друга можност за репарација освен остварување на сецесија од државата одговорна за тие повреди.[97]

Самоопределувањето е генерално дефинирано како право на луѓето да формираат сопствена држава.[98]

Сепаратизмот еволуира кога група на луѓе, кои веруваат дека се потиснати, злоупотребени или дискриминирани, се обидуваат да се одделат од системот којшто управува со нив. Тие обично сакаат да се одделат од својата влада и да воспостават нова територија во која можат да формираат сопствени закони, но исто така, сепаратизмот може да поизлезе и од желбата економските, социјалните или религиските аспекти да се одвојат од владејачката структура. Така, овој термин се однесува не само на обидите за создавање на алтернатива на вистинското општество, туку исто така, и на исклучување и отстранување од самата заедница. Сепаратистичките групи ја постигнуваат целта за одделување од постоечките ентитети преку независност, политичка автономија или верска слобода и доминација. Идеологиите кои ги промовираат сепаратистите вклучуваат социјална правда или еднаквост, анти-имеријализам, како и отпор на освојувањето или окупацијата од страна на власта. Категориите на етничката

---

[97] Никодиновска Ана (2009), Правото на самоопределување на народите и правото на сецесија како последна инстанца од правото на самоопределување, *Годишен зборник*, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип.
[98] Џозеф С. Нај, Помладиот (2008), *Разбирање на меѓународните конфликти: вовед во теоријата и историјата,* Академски печат.

припадност и национализмот можат да се вкрстат во образложението за поддршката за овие активности.[99]

Многу теории ја лоцираат движечката сила за сепаратизмот во конфликтните тенденции својствени за етничката припадност: кога етничката разлика се совпаѓа најмалку приближно со територијалните концентрации, самосвесните групи дефинирани со овие разлики имаат тенденција или да се обидат да доминираат во државата или да ја одделат нивната територија од неа. Овој базичен исказ генерираше три вида на објаснувања за моделите на националниот сепаратизам:

- *Аргументите на националната свест* сметаат дека сепаратизмот првенствено е израз на националната свест. Објаснувањето на сепаратизмот, тогаш, се намалува на објаснување на националната свест, која често се препишува на самиот идентитет, зависните историски процеси на идентитетска конструкција и оспорување, широките историски процеси како индустријализација или глобализација, или институции како етнофедерализам.
- *Аргуметите на можностите* претпоставуваат дека потенцијал за сепаратизам постои во секоја нација, но не и способноста за актуелно достигнување. Варијацијата во сепаратизам, тогаш, зависи од фактори кои влијаат на тоа за што се е способна одредена група, вклучувајќи: репресивниот капацитет на постоечката сојузна држава; ресурси за одржување на активностите како што се тие што етнофедерализмот може да ги обезбеди, и помалку опипливи ресурси како што е способноста да се замисли независноста како нешто што е можно или примери за акции обезбедени од претходни акции на другите.
- *Аргументите за компензаторски стимулации,* исто така, претпоставуваат универзална тенденција кон сепарација што постои меѓу самосвесните нации, но одржувањето на тие материјални или политички стимилации можат да ги надминат сепаратистичките етнички импулси. Овие компензаторски

[99] Крстиќ Марко (2018), Тероризам са сепаратистичким претензијама, *Војно дело,* достапно на: http://www.odbrana.mod.gov.rs/odbrana-stari/vojni_casopisi/arhiva/VD_2018-6/70-2018-6-25-Krstic.pdf

стимулации можат да вклучат (очекувано) политичка нагорна мобилност во централната влада, идеолошки разлики со сојузните власти, и размислувања за релативна економска благосостојба – поточно, најсиромашните региони и групи обично се очекува да бидат најжестоките отцепувачи во одредена држава, бидејќи тие имаат стимулација да избегаат од позицијата на сиромаштија и деградирање во која се наоѓаат. Одредено истражување на меѓународната интеграција поставува дека нациите генерално преферираат независни држави, но може доброволно да предадат одреден суверенитет на поголем ентитет за економска добивка или безбедност против трети страни.

Други теории за сепаратизмот се потпираат на етничката припадност како епифеноменски претпоставки, негирајќи дека етничката припадност дава било каков мотив за сепаратизам. Наместо тоа, се зборува дека сепаратизмот обично доаѓа од економски или политички интереси. Бидејќи овие интереси можат да се калкулираат на безброј начини, така наоѓаме безброј замени за етницитетот како епифеноменски теории за сепаратизам. Осврнувајќи се на економските размислувања, некои тврдат дека побогатите региони имаат поголема веројатност за покажување на сепаратизам отколку тие посиромашните, бидејќи тие ќе сакаат да избегнат да ги прераспределат нивните ресурси, додека други експлицитно ја отфрлаат оваа „хипотеза за богатство“ и наместо тоа посочуваат на перцепиите на економската неправда врз основа на група или етничката работна конкуренција. Политичките размислувања, исто така, се смета дека се важни, особено очекувањата за нагорна мобилност во (потенцијална) сојузна држава и меѓугенерациската конкуренција за работни места меѓу групите. Сепак, постои силно несогласување околу ефектите на некои ресурси кои можат да паднат во рацете на лидерите на етничките групи. Некои теоретичари предупредуваат дека доделувањето на политичка автономија на малцинските региони, само ќе им даде на елитите повеќе ресурси за користење за унапредувањето на сепаратистичките агенди, иако други тврдат дека автономијата може успешно да ги смири таквите елити.[100]

---

[100] Henry E. Hale (2008), *The foundations of ethnic politics: separatism of states and nations in Euroasia and the world,* Cambridge University Press, достапно на: https://b-ok.cc/book/647749/326675

Барањето на едната заедница (малцинска група), да го одбрани својот идентитет во државата, може да се смета од другата (поголема група/државата) како скриена цел. Поголемата група може да го интерпретира национализмот на малцинската група како една индикација на нејзината желба за нејзино отцепување од остатокот од државата.[101] Во овој пример, сецесијата не претставува закана само за безбедноста на државата (насилство врз територијалниот интегритет) туку исто така и за социеталната безбедност: некои припадници на поголемата група можат да се најдат себеси како малцинство во новата за нив странска држава, без одредени права кои тие претходно ги уживале. Па така, државата презема мерки тоа да не се случи. Стравовите на поголемата група можат да бидат предизвикани и од погрешното интерпретирање на национализмот на малцинската група. Со други зборови, несоодветното разбирање на социетално-безбедносните потреби на малцинската група и врз таа основа преземање акција, доведува до една претпоставена некомпатибилност.[102]

Правата кои најчесто ги бараат малцинствата, генерално можат да бидат поделени во две групи:

- права за целосни и еднакви шанси во општеството и
- права за специјални начини на заштита на културниот идентитет на малцинската група за која станува збор.

За Антони Бирч[103], културалните малцинства кои сакаат да го задржат или да го зацврстат идентитетот, како краен чекор можат да се обидат да се отцепат од државата во која имаат малцински статус. Ова се разбира е возможно, ако малцинството е територијално концентрирано. Сецесионистите неизбежно, нивните барања ги базираат врз листа неправди. Според нив, припадниците на нивниот народ се економски експлоатирани, политички игнорирани, третирани како културно инфериорни, лишени од нивните права, или третирани со која

---

[101] Во вакви случаи може да биде важно дали во национализмот на малцинската група се манифестираат барања за културна или за етничка автономија: културната автономија вообичаено вклучува зголемување одредени права во однос на образованието, религијата и слично, додека етничката автономија повеќе се темели на територијални барања и вклучува сопствена влада со широки компетенции на одредено географско подрачје.
[102] Стојан Славески (2013), *За идентитетот на современата македонска нација: етнички или граѓански концепт,* Џорџ К. Маршал, Здружение на дипломирани студенти од Република Македонија на Европскиот цент, Скопје.
[103] Birch, Anthony Harold. (1984). "Another Liberal Theory of Secession." *Political Studies* 32, no. 4.

било комбинација од овие неправди. Разгледувајќи ги споменативе околности, за Бирч, основи за оправдување на сецесијата на малцинските групи би биле следниве:

- Регионот оригинално да бил присилно вклучен во државата и жителите на тој регион постојано да покажувале одбивање на унијата;
- Неуспех на националната влада на сериозен начин да ги заштити основните права и безбедноста на граѓаните во регионот;
- Неуспех на политичкиот систем да ги заштити легитимните политички и економски интереси на регионот, бидејќи репрезентативниот процес е поставен контра регионот или поради тоа што извршните авторитети ги игнорираат резултатите на тој процес;
- Националната влада ги игнорира експлицитните или имплицитните приговори на регионите, кои се нашле надгласани од националното мнозинство.[104]

Принципот на национално самоопределување, пропагиран од американскиот претседател Вудроу Вилсон и од некои други лидери по Првата светска војна, беше употребен како критериум за одредување на границите на државите во нивните обиди за одново цртање на мапата на Европа. Целта беше да се создадат нации-држави кои требаше да го заземат местото на поразените германски, австроунгарски и турски империи кои доминира во источниот дел на централна Европа. Секоја нација требаше да има своја држава, меѓутоа колку и да беше добронамерен, концептот на националното самоопределување беше злоупотребен.[105] Вудроу Вилсон сметал дека самоопределувањето ќе ги реши проблемите во централна Европа во 1919 година, но тоа создаде исто толку проблеми колку што и реши. Адолф Хитлер го искористи таквиот принцип во 30-тите години на 20-тиот век за да ги поткопа кревките држави.[106]

Во периодот по Студената војна, практично сите барања за самоопределување се однесуваат на барањето за сецесија. Националните држави

---

[104] Birch, Anthony Harold. (1984). "Another Liberal Theory of Secession." *Political Studies* 32, no. 4.
[105] Mark V Kauppi, Paul Viotti (2013), *International Relations and World Politics: Security, Economy, Identity*, Pearson, Prentice Hall.
[106] Џозеф С. Нај, Помладиот (2008), *Разбирање на меѓународните конфликти: вовед во теоријата и историјата,* Академски печат.

јасно истакнуваат дека малцинствата немаат право на сецесија, бидејќи сецесијата значи повреда на територијалниот интегритет – гарантиран со Повелбата на ОН. Поддржувачите, пак, на правото за сецесија за малцинствата, истакнуваат дека не секоја малцинска група има такво право и дека за сецесија мораат да бидат исполнети одредени услови. Според нив, општоприфатени услови кои можат да му дадат легитимност на барањето за сецесија се:

- модел на систематска дискриминација или експлоатација против бројното (самодефинирано) малцинство;
- постоење различна (самодефинирана) заедница во државата, компактно населена во регион кој отворено го поддржува сепаратизмот;
- неможност да се воспостави модел за решавање на конфликти и воспоставување мир меѓу старата и новата држава која настанала како резултат на самоуправување или поделба;
- централната влада да одбива компромисни решенија.

Голем дел од малцинските групи не ги исполнуваат овие карактеристики, но и ако одредена група ги исполнува сите критериуми кои се бараат за сецесија, таквата група се уште треба да ја надмине најголемата пречка, а таа е меѓународно признавање. Прифатено е дека во меѓународното право нема обврзувачки правила за постојната држава да ја признае појавата на нова држава.[107]

Порастот на националистичкото насилство во Северна Ирска, растот на баскискиот сепаратизам во Шпанија, и движењето за независност на Квебек беа само некои од силните и често насилни движења кои се појавија во текот на 60-тите и 70-тите години. Бројни теории беа изнесени, во однос на тоа зошто тоа се случи, движејќи се од оние кои не забележаа значајни разлики помеѓу силите што предизвикаа сепаратистички национализам во индустријализираниот свет и во земјите во развој, до оние кои ги видоа овие движења како манифестација на постмодерната состојба на „политиката на идентитетот“, која најмногу може да се најде на Запад. На некој начин, сепак, секое од главните сепаратистички движења во западните земји имаат своја динамика, и се спротивставуваат на тоа

[107] Шикова Наталија (2009), *Самоопределувањето на народите во услови на глобализација*, Магор, Скопје.

да бидат ставени во рамките на една парадигма за општествена промена, било да е тоа модерна или постмодерна.[108]

Во последните години, со подемот на етничките конфликти во некои земји, меѓународната заедница е принудена да се согласи со два конфликтни принципа: почитување на територијалниот суверенитет на државата и со правото на национално самоопределување. За време на Студената војна, тоа не претставуваше проблем. Кога движењата за политичка независност во Третиот свет се бореа за укинување на колонијализмот, тие не повикуваа на поделба на државата, туку се залагаа за нејзина комплетна независност од какво било надворешно управување. Лидерите кои се појавија во Третиот свет се согласија да ги почитуваат колонијалните граници, иако постоеја исклучоци како што се Тибеќаните во Кина, Ибозите во Нигерија и Кашмирите во Индија.

Ограничувањето на самоопределувањето беше всушност едногласно прифатено од стана на Собранието на ОН во Декларацијата за начела на меѓународното право за пријателски спогодби помеѓу државите од 1970 година. Оваа резолуција е насочена кон одржување на меѓународната стабилност која е резултат од повторната потврда за приматот на државата врз луѓето од нејзината територија. Меѓутоа, крајот на Студената војна, ја разниша оваа идеја. Појавата на националистички чувства, особено во Советскиот сојуз, со признавањето на независноста на балтичките држави и на други републики од централна Азија, предизвика еден поинаков преседан – самоопределувањето може да биде постигнато и по цена на унитарноста на една држава. Сепак, она што беше доброволен и мирен развој во Советскиот Сојуз, изгледаше сосема поинаку во поранешна Југославија кога се распадна во 90-тите години од 20-тиот век со серија на балкански војни придружени со широко распространети граѓански војни.[109]

Се поставува прашањето дали сецесијата им штети на оние кои заостануваат и што е со ресурсите кои сецесионистите ги земаат со себе. На пример, по распаѓањето на австриската империја во 1918 година, територијата на Судетите беше инкорпорирана во Чехословачка, иако народот зборуваше на германски јазик. По Минхенскиот договор од 1938 година, судетските Германци

---

[108] Guntram H. Herb, David H. Kaplan (2008), *Nations and nationalism: A Global Historical Overview-Volume 4 1989 to present,* достапно на: http://b-ok.xyz/book/1213222/90318f

[109] Mark V Kauppi, Paul Viotti (2013), *International Relations and World Politics: Security, Economy, Identity*, Pearson, Prentice Hall.

се отцепија од Чехословачка и се приклучија кон територијата на Германија, но тоа значеше дека планинската граница потпадна под германска контрола, што претставуваше ужасна загуба за чешката одбрана. Оттука, се поставува прашањето дали беше правилно да им се дозволи самоопределување на судетските Германци, дури и по цена на намалување на воената одбрана на Чехословачка. Кога источна Нигерија во 60-тите години на 20-тиот век одлучи дека сака да се отцепи и да формира држава Биафра, остатокот од Нигеријците се спротивставија, делумно затоа што Биафра опфаќаше најголем дел од територијата богата со нафта во Нигерија. Тие тврдеа дека нафтеното богатство му припаѓа на целиот нигериски народ, а не само на оние кои живеат во нејзините источни области. Индонезија излезе со истиот став во врска со сецесионистичките барања во нејзината провинција Ацех која е богата со нафта. По 1989 година, прашањето за самоопределување стана акутно во Источна Европа и во поранешниот СССР. На територијата на поранешниот СССР различни етнички групи го бараа своето право на самоопределување, како што направија многумина од нив помеѓу 1917 и 1920 година. Во Кавказ, Азербејџаните, Ерменците, Грузијците, Абхазијците и Чеченците бараа држави базирани врз самоопределувањето. Во поранешната држава Југославија различни етнички групи се сецесионираа и бараа самоопределување. Словенците, Србите и Хрватите успеаја да создадат свои независни републики на почетокот од 90-тите години на 20-тиот век, но помалку успешни во тоа беа муслиманите во Босна и Херцеговина. Војната во Босна беше уништувачка за цивилното население и обвинетите за воен криминал беа спроведени во Хаг, почнувајќи од 1996 година, а Хашкиот трибунал им судеше на оние кои беа обвинети за масакри. Сепак, за поголемиот дел од случувањата во конфликтот, Обединетите нации, НАТО и Европската унија беа поделени во врска со тоа како да одговорат. Дел од она што војната во Босна ја направи толку комплицирана за меѓународната заедница беше проблемот во проценувањето колкав дел од борбите можеа да се поврзат со тензиите помеѓу босанските Хрвати, Србите и муслиманите, и колкав дел од насилството беше предизвикано од страна на српската интервенција. Ако конфликтот не претставуваше едноставна агресија од страна на Србија, тогаш единствената основа за интервенција би била да се

спречи масакрот. Како и во случајот со Руанда[110], меѓународната заедница беше единствена во нејзината осуда на насилствата на Балканот, но не беше способна да се договори за ефикасна здружена акција се до доцната фаза на конфлитот, во 1995 година, кога мировни сили на НАТО беа испратени и распоредени во проблематичната област. Од сето ова произлегува дека самоопределувањето е еден двосмислен морален принцип.[111]

Историски најчест одговор против сецесионистичките движења е супресијата. Но, како други можни начини, Бирч ги предлага: акомодацијата на неправдите и механизмот – одржување референдум. Владата, соочена со незадоволното малцинство, има многу различни начини да ги унапреди незадоволствата за да ја заштити стабилноста на политичкиот систем. На пример, таа може да понуди поголемо претставување на малцинството, кое може да се појави во четири различни форми, и тоа:

- симболична репрезентација – кога знамињата и химните го рефлектираат присуството на малцинствата во националното општество;
- функционална репрезентација – кога малцинствата назначуваат претставници во владините агенции или организираат групи за притисок за да обезбедат пристап до оние кои ги носат политичките одлуки;
- изборна репрезентација – кога изборниот систем овозможува малцинските интереси да бидат артикулирани во легислативните домови;
- микрокосмичка репрезентација – кога малцинствата се рефлектирани пропорционално со нивниот број во персоналот на јавните служби.[112]

---

[110] САД се противеше да испрати свои трупи во Руанда која претрпе геноцид во 1994 година, во кој беа убиени 750 000 Тутси, а и многу Хути кои повикуваа на умереност или кои наликуваа на Тутси. Луѓето го зборуваа истиот јазик и ја имаа истата боја на кожата, но постоеја економски класни разлики помеѓу народот Тутси, кои пред многу векови мигрираа во областа со култура базирана на сточарство и во која најголем дел од населението припаѓаше на народот Хути, чие главно занимање беше земјоделството. Со текот на времето, браковите помеѓу припадниците на двата народа и општествените промени прикрија дел од нивните меѓусебни разлики, но тие разлики повторно се засилија за време на колонијалното владеење.

[111] Џозеф С. Нај, Помладиот (2008), *Разбирање на меѓународните конфликти: вовед во теоријата и историјата,* Академски печат.

[112] Birch, Anthony. H. (1971). *Representation.* Basingstoke: Macmillan.

Освен тоа, метод за одржување на системот е и децентрализација, финансиски субвенции за регионите кои покажуваат знаци на незадоволство и конечно, внимателно менаџиран референдум, кој може да го пренасочи ветрот во друга насока од онаа на сецесионистичкото движење. Некои теоретичари пак, сметаат дека единствен начин за решавање на ваков вид проблеми со кои се соочуваат мултинационалните држави е разделувањето. Според Милер[113], кога националните идентитети станале толку силни, така што всушност постојат две националности кои живеат една покрај друга, тогаш најдоброто решение е најверојатно отцепување на едната заедница. На сличен начин и Волцер тврди дека доколку заедницата е драстично поделена така што е невозможно едно единствено граѓанство, тогаш, нејзината територија исто така треба да биде поделена. Но, отцепувањето не е секогаш можно, ниту пак пожелно. Некои национални малцинства, особено локалните народи би се соочиле со тешкотии при оформувањето одржливи независни држави. Во други случаи, заедничките права на териториите и ресурсите би го направиле мирното отцепување речиси невозможно.[114]

Наивната занесеност на Западот кон самоопределувањето и движењата за етничка слобода предизвикале сецесија и сецесионистичка војна. Исто така, таа ги мотивирала сецесионистичките групи да се претставуваат како единствени етнички групи на кои им било потребно самоопределувањето како средство за опстанок. Потрагата по етничко самоопределување не треба сама по себе да служи како оправдување за продолжување на сецесијата со меѓународна поддршка. Еден ден само неколку малцински општества ќе станат независни држави и признавањето на една од нив сигурно би предизвикала синџир на реакции од слични тврдења и борби во нивната држава и насекаде низ светот. Резултатот од ова е создавање квазидржави, кои биле празни структури признаени од меѓународната заедница, но без средства за обезбедување на својот народ и со мали шанси за политички опстанок. Исто така, сепарацијата не решава многу од скриените прашања за раздор, кои потоа се решаваат помеѓу поранешната и новосоздадените држави, претворајќи ги на овој начин

[113] Mueller John (2000). The Banality of "Ethnic Conflict", *Quarterly Journal: International Security*. Belfer Center for Science and International Affairs, Harward Kennedy School.

[114] Шикова Наталија (2009), *Самоопределувањето на народите во услови на глобализација,* Магор, Скопје.

внатрешните конфликти во меѓудржавни конфликти. Вакви случаи се конфликтите помеѓу Етиопија и Еритреја, Индија и Пакистан или помеѓу Босна и Хрватска.[115]

Со помалку од 10% хомогени држави во светот, јасно е дека заканата од самоопределување, повеќе како примарен отколку како секундарен морален принцип, се должи на можноста тоа да предизвика катастрофални последици во многу делови на светот. Најголема надеж за иднината е да се запрашаме што се детерминира, како и кој го детерминира тоа. Во ситуации во кои групите имаат потешкотии при заедничкото живеење, можеби е возможно да се дозволи одреден степен на автономија во одлучувањето за внатрешните прашања. Внатрешното самоопределување може да дозволи одреден степен на културна, економска и политичка автономија слична на онаа која постои во држави како Швајцарија или Белгија. Во случаите каде што таквото олабавување на врските се уште не е доволно, може да биде возможно да се договори „пријателски развод“, како што се случи кога Чехословачка мирно се подели на две суверени држави, на 1 јануари 1993 година. Но, многу е поверојатно апсолутните барања за самоопределување, доколку справувањето со нив не се направи многу внимателно, да станат извор на насилство.[116]

Етничкото-националното самоопределување мора да се контролира, бидејќи може да биде деструктивно за меѓународниот систем. Во случаите кога меѓународната безбедност е доведена во прашање, меѓународните организации мораат да го употребат своето влијание со цел да се изнајде политичко решение кое вклучува (пожелно) нов политички систем и ги зачувува националните граници непроменети. Но, ако тоа е невозможно, кога односите се исклучително лоши и нема изгледи за престанок на непријателствата и крвопролевањата, се појавува потреба за создавање рамка за преговори околу промена на границите, која во себе мора да ги вклучи регионалните организации, регионалните сили и големите сили. Кога ова е случај, меѓународната заедница мора да создаде стриктни услови за преговарање и за признавање на ентитетот кој ќе се појави како резултат на овие преговори. Тие услови мораат да содржат мерки за

---

115 С. А. Јанакос (2009), *Етнички конфликт: религија, идентитет и политика,* Просветно дело, Скопје – Наслов на оригиналот: S. A. Giannakos (2002), *Ethnic conflict: religion, identity and politics,* Ohio University Press.

116 Џозеф С. Нај, Помладиот (2008), *Разбирање на меѓународните конфликти: вовед во теоријата и историјата,* Академски печат.

заштита на правата на националните малцинства во новиот политички ентитет. Мораат да се промовираат демократски форми на влада, но и да се затворат прашањата за етнички и други странични барања, насочени кон понатамошно идно исправање на променетите граници.[117]

[117] Шикова Наталија (2009), *Самоопределувањето на народите во услови на глобализација,* Магор, Скопје.

# 4. Тероризам

Тероризмот претставува една од најсериозните опасности за демократијата, за слободното спроведување на човековите права и за економскиот и социјалниот развој. Тој не може да се оправда без разлика на целта и местото каде се подготвува или се врши делото.

Терористичките напади врз американските цели на 11 септември се сметаат за точка на пресврт во меѓународните односи и глобалната безбедност. Тероризмот влезе на „голема врата“ на безбедносната агенда. Од тој момент тој не само што беше дефиниран како глобална, регионална и национална безбедносна закана, туку и како закана од највисок ранг и со прогнози дека долго ќе трае. Мнозина заклучија дека светот веќе нема да биде ист, т.е ќе се дели на свет пред 11 септември и по него. Феноменот на тероризмот ниту започна со 11 септември, ниту пак Ал Каеда е неговиот најопасен пропонент. Значењето кое им се даде на овие настани се должи на три причини:

1) релативно високиот број жртви во само еден напад (на Светскиот трговски центар во Њујорк),
2) начинот на кој беше изведен нападот и
3) шокот од сознанието дека и суперсилата не е неранлива.

Одговорот на нападот беше жесток, не заради сериозноста на намерите на напаѓачите туку заради потребата од докажување на кредибилитетот на САД (а потоа и реализирање на некои други геостратегиски цели во Азија). Од тој момент, политичкото и медиумското внимание се свртеа речиси исклучиво на настаните поврзани со борбата против тероризмот, што ги фрли во сенка дури и настојувањата да се пристапи радикално, кон корените на појавата, а не на последиците.[118]

Од 11 септември, тероризмот беше претставен како суштински поврзан со исламскиот фундаментализам на Ал Каеда и сличните џихадистички движења; пред тоа, тој почесто беше поврзуван со националистичките движења како што се Ирската републиканска армија (ИРА) во Северна Ирска, баскиските националисти на Еускади Та Аскатасуна (ЕТА) во Баскија, Тамилските тигри во

---

[118] Ванковска Билјана (2011), *Меѓународна безбедност: критички пристап,* Филозофски факултет, Скопје.

Шри Ланка и разни палестински организации. Тероризмот е само еден од инструментите кој националистичките движења можат да го искористат за унапредување на нивната кауза. Исто така, национализмот е само е само една од можните идеологии што ги користат терористите за да ги оправдаат своите дела.[119]

## 4.1. Дефинирање на поимот тероризам, терористички акт и терористичка група

Тероризмот е навистина тешко да се дефинира, делумно заради самиот термин и делумно заради тоа што го асоцираме со активност дизајнирана да биде субјективна. Со други зборови, цел на една терористичка епизода не се само убиените жртви кои биле мета, туку влади, јавни места и конституенти од кои терористите се надеваат да предизвикаат некаква реакција, како на пример: страв, одбивност, заплашување, паника или радикализација. Еминентни специјалисти на полето на студиите за тероризам посветија илјадници страни за да развијат стандардна дефиниција за тероризам, за на крајот да заклучат дека нивниот труд е залуден. Тероризмот останува предмет на перцепција, па затоа секој истражувач различно го формулира.[120]

Во литературата постојат голем број на дефиниции и во недостаток на една широко прифатена дефиниција, ќе наведеме дел од нив.

Тероризмот е претстава каде актерите се извршители на терористичките активности и нивните жртви, а публиката е јавноста и власта на кои се пренесува пораката.[121]

Тероризмот се прикажува како акт на физичко насилство со цел да предизвика силни психолошки реакции, во прв ред страв кај поширокиот дел на населението со цел да придонесе кон одредени промени битни за постигнување на политичката цел.[122]

---

[119] Guntram H. Herb, David H. Kaplan (2008), *Nations and nationalism: A Global Historical Overview-Volume 4 1989 to present,* достапно на: http://b-ok.xyz/book/1213222/90318f

[120] Одри Курт Кронин, Џејмс М. Лудс (2009), *Напад на тероризмот: елементи на грандиозна стратегија,* Нампрес, Скопје.

[121] Brian Jenkins (1986), *International terrorism*, Santa Monica: Rand.

[122] Воин Димитриевиќ (2009), *Преговарање и тероризам*, Београд.

Џемс М. Поланд го определува тероризмот како противзаконска употреба на закани и насилство против лица и имот првенствено за реализирање на натамошни политички и социјални цели. Обично се настојува да се заплаши владата, поединците или групите или да се измени нивното однесување и политика.[123]

Според Волтер Леквер, тероризмот е однапред смислено, намерно, систематско убивање, заканување и заплашување, со цел да се предизвика страв кај невините луѓе за да се оствари политиката, или тактичка предност и вообичаено да се влијае врз јавноста.[124]

Еден од најпознатите современи теоретичари на тероризмот – Пол Вилкинсон, застапува поинакви сфаќања за теророт и тероризмот и аналогно на тоа презентира различна класификација. Според него, теророт претставува користење на застрашување со цел да се оствари принуда од страна на револуционерните движења, режими или поединци со политички мотиви, а тероризмот го смета за систематско спроведување на организиран терор, било од страна на државата, движење или фракција, или од страна на мала група поединци.[125]

Според Брус Хофман, тероризмот може да го дефинираме како „намерно создавање и експлоатација на стравот по пат на насилство или закана со насилство во настојување да се предизвикаат политички промени“.[126]

Анализирајќи 109 дефиниции за тероризам, Алекс Шмид идентификува 22 категории на изрази кои се користени за да се карактеризира тероризмот. Најчесто именуван елемент досега е „насилство“ (84 проценти од дефинициите), следен од „политички“ и „страв“ (што може да се види во Табела 1). Повеќето дефиниции за тероризам споделуваат неколку основни елементи: политичката употреба на сила против недискриминирачки цели (на пример, толпата на една станица) со цел да се создаде страв меѓу населението како начин за добивање на влијание врз донесувачите на одлуки. Второто значи дека во терористичките

[123] James M Poland (2010), *Understanding Terrorism: Groups, Strategies, and Responses* (3rd Edition), Pearson.
[124] Laqueur, Walter (1999), *The New Terrorism: Fanaticism and the Arms of Mass Destruction*. New York: Oxford University Press.
[125] Wilkinson, Paul (2001), *Terrorism Versus Democracy: The Liberal State Response*. London: Frank Cass.
[126] Hoffman, Bruce, (2013), *Inside terrorism*. Columbia University Press.

кампањи, целите на барањата (владите, медиумите) се разликуваат од целите на самите акти (често случајни, невини жртви).[127]

| **Елемент** | **Рангирање** | **Фреквенција, %** |
|---|---|---|
| Насилство, сила | 1 | 83,5 |
| Политички | 2 | 65,0 |
| Страв, нагласен терор | 3 | 51,0 |
| Закана | 4 | 47,0 |
| (Психолошки) ефекти и (очекувани) реакции | 5 | 41,5 |
| Диференцијација на жртва-цел | 6 | 37,5 |
| Наменска, планирана, систематска, организирана акција | 7 | 32,0 |
| Метод на борба, стгатегија, тактика | 8 | 30,5 |
| Додатна нормалност, со прекршување на прифатените правила, без хуманитрарни ограничувања | 9 | 30,0 |
| Принуда, изнудување, индукција на усогласеност | 10 | 28,0 |
| Јавен аспект | 11 | 21,5 |
| Арбитража; безличен, случаен карактер, недискриминација | 12 | 21,0 |

Табела 1: Фреквенции на топ 12 дефинирачки елементи во 109 дефиниции за тероризам (кои се појавуваат со 20 проценти или повеќе во собраните дефиниции

Не е секогаш лесно да се истакнат најзначајните елементи, но се чини дека некои критериуми на тероризмот се усогласенu:

- тоа е умислена, политички мотивирана употреба на насилство или нејзина закана за заплашување или принудување на владата или општата јавност;

[127] Guntram H. Herb, David H. Kaplan (2008), *Nations and nationalism: A Global Historical Overview-Volume 4 1989 to present,* достапно на: http://b-ok.xyz/book/1213222/90318f

- тоа е стратегија на насилство дизајнирана да ги постигне посакуваните резултати со всадување на страв и несигурност;
- постои нелегална употреба или закана со сила преку одржлива кампања или спорадични инциденти;
- постои пресметана употреба на насилство против цивилни, неборбени цели;
- моќта е суштинска во корените на политичкото насилство – нејзиното стекнување, нејзината манипулација и нејзиното користење за создавање на промени;
- револуционерниот тероризам има за цел да доведе до целосна промена во една држава;
- субреволуционерните стратегии целат кон политички промени без колапс на политичкиот систем;
- генерално, постои тајна активност која е внимателно планирана во однос на целите, средствата, метите и пристапот;
- целите генерално можат да се разберат како политички, социјални, идеолошки или религиски, инаку терористите ќе се сметаат како деликвентни криминалци;
- тероризмот обично се врши од страна на суб-национални групи, повремено и од посветени осамени поединци;
- максималниот публицитет вообичаено е важна цел за терористите;
- зоните на дејствување, досега одредена земја или локалитет или сегмент од општеството, брзо стануваат транснационални каде последиците честопати ги надминуваат националните граници.

Постои многу заедничка основа меѓу овие критериуми; подеднакво има и различни точки на гледање. Институционалните дефиниции ја нагласуваат незаконитоста на присилата и на нападите против имотот, објектите и инфраструктурата.[128]

Терористички акт е пресметана употреба на насилство (или закана за насилство) против цивили со цел да се постигнат цели кои се политички или

[128] David J. Whittaker (2004), *Terrorists and terrorism in the contemporary world,* Routledge достапно на: https://b-ok.cc/book/747517/950a45

верски или идеолошки по природа; ова се прави преку заплашување или принуда или втерување на страв.[129]

,,Терористички акт" ќе значи еден од следниве намерни акти, кои, дадени во својата природа или својот контекст можат сериозно да загрозат една земја или меѓународна организација, што е дефинирано како повреда на националниот закон преку учество во спроведувањето на следниве цели:

- сериозно заплашување на популацијата.
- нелегално присилување на владата или меѓународна организација да извршува или да се воздржува од извршување на некој акт.
- сериозно дестабилизирање или уништување на фундаментални политички, уставни, економски или социјални структури на една држава или меѓународна организација.[130]

Терористичките акти претставуваат кривични дела и поради тоа обично подлежат на ригорозниот систем на кривичниот суд. Стандардите за заштита на човековите права се применуваат без оглед на тоа дали одреден настан се смета за акт на тероризам, во однос на било кое друго тешко кривично дело.[131]

Според Резолуцијата на парламентарното собрание на Советот на Европа ,,терористичка група" се дефинира како структурирана група (група која не е случајно оформена и има за цел итно спроведување на терористички акти) составена од повеќе од два члена, зацврстена во еден определен период со определени, формулирани правила за своите членови, континуитет на своето членство и развиена структура.

Постојат четири доминантни модели за детерминирање на поимот тероризам, кои последователно резултираат со оформување на контратерористичката политика:

1. тероризам како вид криминал;
2. тероризам како форма на војување;
3. тероризам како борба за ослободување/осамостојување, кој се

[129] The free dictionary достапно на: https://www.thefreedictionary.com/terrorist+act
[130] Парламентарното собрание на Советот на Европа на 24.01.2002 година ја усвои Резолуцијата 1271 (2002) за борбата против тероризмот и почитување на човековите права. Советот на Европа за прв пат промовираше ,,обединета" дефиниција за тероризмот која беше општоприфатена од страна на Европската Унија.
[131] Водич на ОБСЕ (2014), *Спречавање тероризма и сузбијање насилног екстремизма и радикализације који воде ка тероризму: приступ кроз рад полиције у заједници* достапно на: https://www.osce.org/bs/secretariat/119226?download=true

спроведува од репресивни малцински, политички или религиозни групи и

4. тероризам како насилна реакција.

Првите два модела се справуваат со тероризмот како криминален или воен проблем и вообичаено се пристапи на владините контратерористички политики. Третиот модел претпоставува идентификација со терористите и со другите што бараат промена на ситуацијата статус кво. Четвртиот модел го рефлектира разбирањето за политичките и социо-економските варијабли, кои комуницираат за да се создаде комплексност на политичко насилство и тероризам.[132]

Тероризмот настанува како резултат на определена потреба: потреба јавноста да се стави под влијание, потреба за опстанок, потреба да се казни оној што не верува. Најзначајни фактори кои придонесуваат за создавање на терористичко насилство се следниве:

- политички – непопуларна, репресивна и корумпирана власт;
- општествени – непостоење на средна класа или тотална дискриминација;
- економски – крајна (неподнослива) сиромаштија односно тотално осиромашување на населението и висока невработеност;
- идеолошки – егзистирање на политички филозофии со силно изразена спротивност (спротивставеност);
- геополитички – присуство на голем број жители од други држави, или беснеење на погранични судири или граѓански и други видови на конфликти во непосредното опкружување;
- верски – верски судири или верски насилства; и
- надворешни влијанија – надворешна поддршка на активностите на дисидентите или на екстремната непријателска политичка емиграција.[133]

Услови кои се поволни за тероризмот, а кои се признаени на ниво на ОН и ОБСЕ, вклучуваат „долготрајни нерешени конфликти, дехуманизација на жртвите на тероризмот во сите негови форми и манифестации, недостаток на

[132] Милошевска Тања (2018), *Глобален тероризам*, Филозофски факултет, Мар-Саж, Скопје.
[133] Котовчевски Митко (2002), *Современ тероризам,* Македонска цивилизација, Скопје.

владеење на правото, кршење на човековите права, етничка, национална и верска дискриминација, политичко исклучување, социјално-економска маргинализација и недостаток на добро владеење.

Иако постојат бројни структурални услови од социјално-економска и политичка природа, за кои постои можност да ги наведуваат поединците кон тероризам, како што е дискриминацијата и другите облици на кршење на човековите права (вклучувајќи ги и оние кои се резултат на преземените мерки за борба против тероризмот), релативна лишеност или намален пристап до образование, кои сами по себе и не се доволни за објаснување на терористичката радикализација. Важно е да се земат во предвид останатите фактори од психолошка, интерперсонална и идеолошка природа со цел да се објасни мобилизацијата. Таквите фактори можат да придонесат за објаснување зошто одредена личност би можела да тргне по патот на терористичката радикализација, додека друго лице или поединец од слична ситуација и средина не го прави тоа.[134]

Ричардсон[135] го дефинира тероризмот како напади врз цивили, спроведени на насилен и планиран начин за да се постигнат политичките цели. Притоа споменува седум одлучувачки критеритуми за тероризам:

- Прво, тероризмот е политички мотивиран. Во спротивно, станува збор за криминално однесување. Кога терористите се стремат кон проширени цели, тие обично тврдат дека имаат политички цели. Властите, од друга страна, обично го негираат ова и само зборуваат за криминално однесување и извршување. Ова овозможува повеќе диференцирана и поширока мешавина на мерките за одговор, како што се судските одговори, насилните репресивни реакции и други форми на политички одговори.
- Второ, ако нема активност или заканувачко насилство, не е во прашање тероризам. (Логично, вториот критериум е имплициран во првиот, а со тоа и излишен).

[134] Водич на ОБСЕ (2014), *Спречавање тероризма и сузбијање насилног екстремизма и радикализације који воде ка тероризму: приступ кроз рад полиције у заједници* достапно на: https://www.osce.org/bs/secretariat/119226?download=true

[135] Louise Richardson. (2006), *What Terrorists Want: Understanding the Terrorist Threat*, London: John Murray.

- Трето, целта на тероризмот не е да се победи непријателот, туку да се дистрибуира порака. Тероризмот е оружје на слабите, и според тоа, индиректна стратегија. За Ал Каеда, пораката значи борба против САД (Западот), Сатаната низ целиот свет, ослободувајќи ги арапските територии од „западната окупација“, и повторно воспоставувајќи го калифатот.
- Четврто, чинот на терор и жртвите во целина поседуваат симболичен квалитет. Психолошкиот ефект обично е многу поголем отколку физичката штета, голем колку што може повеќе, како што е случајот со нападите од 11 септември.
- Петто, тероризмот е извршување на суб-државните актери. Државите можат да користат тероризам како војување во нивната надворешна политика. Тие можат да бидат домаќини на терористичките групи и да ги поддржуваат. Сепак, аналитички е советувано подобро да се гледа на терористите како на суб-државни актери, а не како држави. Сомнежите често остануваат, како за тоа каде да се повлече границата помеѓу суб-државни актери и држави кои често доаѓаат во прикриени коалиции. Ако државите се сметаа за главни актери во тероризмот, целата аналитичка проценка на тероризмот како оружје на слабите, оттука и како индиректна стратегија, и на крај како состојба на свест требаше да се распадне. Исто така, генерално, државите не се примарни терористички актери (и не можат да бидат во случај на суб-државен тероризам), без оглед на масовните поддршки од време на време (Сирија, Либија, Саудиска Арабија, Пакистан итн.).
- Шесто, жртвите на тероризмот и публиката за која е наменето, генерално, не се идентични. Овој критериум е логична последица на третиот и четвртиот критериум. Жртвите се средство за влијание врз пошироката публика, најчесто владата. Жртвите се или случајно избрани за да се шири максимален страв меѓу населението, или тие се репрезентативни за поголемата група. Во двата случаи, жртвите се заменливи, зависно, се разбира, од големината на групата. Така, тероризмот се разликува од политичките атентати кои се фокусираат на одредена личност.

- Седмиот, и најважниот критериум за Ричардсон, е фокусот на цивилите. Иако постојат „колатерални штети“ во многу форми на насилниот конфликт и одговорот на него, терористите развија и култивираа вишок на стратегии за насилство како политичка тактика.[136] На тој начин, Шмид, го нарече терористичкиот акт „мирновременски еквивалент на воено злосторство“.[137]




За поцелосно и поусогласено дефинирање на тероризмот, се наметнува и потребата за воспоставување определен меѓународен договор, со цел нациите да можат да изградуваат, развиваат и да спроведуваат кохезивни и ефикасни контратерористички начела, кои ќе поддржуваат билатерални и мултиратерални цели. Основната цел на овој план е, преку прецизно дефинирање на тероризмот, да се создадат - воспостават основи врз кои ќе се прави разлика помеѓу насилни акти и неприфатливи криминални активности. Овој приод, во голема мера, ќе придонесе за елиминирање на двосмисленоста помеѓу политичкиот криминал и обичниот криминал.[138]

136 Louise Richardson. (2006), *What Terrorists Want: Understanding the Terrorist Threat*, London: John Murray.
137 Alex P. Schmid, (2012), The Revised Academic Consensus Definition of Terrorism, *Perspectives on Terrorism*, Vol.6, No.2.
138 Милошевска Тања (2018), *Глобален тероризам*, Филозофски факултет, Мар-Саж.

### 4.2. Терористички организациски модели

Познавањето на тековните и на идните модели на терористичките организации го подобрува сфаќањето за дејствувањето на тероризмот во современото операционо опкружување. Презентирањето на генерализирана операциона структура може да претставува проблем бидејќи терористичките групи се наоѓаат на различни нивоа на развој во поглед на способностите. Промената во терористичкото водство, без оглед дали се случило како резултат на генерациска транзиција или е одговор на засилени безбедносни операции, може да претставува сигнал за значајни приспособувања на организациските приоритети и расположливи начини за реализирање на терористички акти.

Групите кои се поврзани преку етничка или националистичка агенда и кои ги ограничуваат нивните операции на една земја или на одреден регион имаат потреба од помали капацитети. Поголемите групи може да настанат како резултат на спојување на повеќе помали или, пак, малите групи може да се одвојат од големите терористички организации. Организацискиот метод е ситуација што зависи од специфичните околности на операционото опкружување во текот на одреден период. [139]

Постојат две категории на организација: хиерархиска и мрежна.




Терористичката група може да примени еден тип или комбинација на двата модела. Ќелијата претставува основна/ внатрешна единица на

[139] Милошевска Тања (2018), *Глобален тероризам*, Филозофски факултет, Мар-Саж, Скопје.

организација на двата модела. Во структурата на терористичките организации функционираат четири видови ќелии: командна ќелија, операциска, разузнавачка и ќелија за поддршка.

Терористичките организации со хиерархиска структура имаат прецизно дефинирана вертикална линија на команда, контрола и одговорност. Разузнавачките информации и податоците се движат нагоре и надолу преку организациски канали што кореспондираат со вертикалните линии, но може информациите да се пренесуваат и хоризонтално низ терористичката организација. Нејзината структура ја сочинуваат раководните органи и ограноците или единиците што своето дејствување го базираат врз прецизно воспоставени хиерархиски односи. Хиерархиските структуирани терористички организации имаат висока специјализација на функциите за нивните субординирани ќелии, како што е поддршката, операциите и разузнавањето. Вообичаено, само водачот на ќелијата има информации за другите ќелии или контакти заради заштита на идентитетот и за локацијата на другите членови, а само главното водство има прегледност/видливост на целата терористичка организација. Водачот на терористичката организација е носител на идеологијата, ги поставува нејзините цели, стратегијата и тактиката. Тој е кохезиското јадро на групата, личност во која е сконцентрирана огромна моќ.

Во минатото, тероризмот бил препознатлив преку организации коишто ги идентификува командна и контролна структура, која била подложна на револуционерната теорија или идеологија. Радикалните левичарски организации, како што се Јапонската црвена армија, Црвената армиска фракција, Црвените бригади во Италија, како и етно-националистичките терористички движења како Палестинската ослободителна армија, Ирската републиканска армија и Баскиската ЕТА, ја применуваат оваа структура којашто им овозможува контрола над димензиите на насилство[140]. Овие терористички организации имаат јасни дефинирани политички, општествени или економски цели и соодветни елементи како политичко крило (чија улога е притисок за започнување политички преговори) или општествени групи за активна

[140] ИРА се воздржа од користење насилство десетина дена по нападите во подземното метро во Лондон на 7 јули 2005 година. Желбата да се разликуваат од сторителите на масовни недискриминирачки насилни акти беше најверојатно еден од факторите што влијаеја врз одлуката на ИРА.

поддршка за регрутирање нови членови, публицитет, промовирање на целите и пропаганда. Потребата за координирачки акции меѓу различните подредени ќелии фаворизира силна хиерархиска командна структура, која може да спречи несакани индивидуални престапи.

Терористите сѐ повеќе користат поширок систем на мрежи, за разлика од нивното искуство во минатото кога се потпирале врз хиерархиска структура. На терористичките групи што се засновани на верски мотиви или групи-терористи на еден спор може да им недостасува одредена политичка или националистичка агенда. Тие имаат помала потреба за хиерархиска структура за координација на плановите и на активностите и се базираат на лабава поврзаност со групи или поединци од различни локации. Општите цели и местата за напад се објавуваат, а од поединиците или ќелиите се очекува да ја искористат флексибилноста и иницијативите за спроведување акција за поддршка на овие упатства/насоки. Ефикасноста на мрежната организација зависи од неколку фактори. Мрежата постигнува долгорочна организациска ефективност кога ќелиите делат обединувачка идеологија, заеднички цели или заемни интереси. Проблемите за мрежната организација, кои не споделуваат единствена идеологија, се јавуваат кога ќелиите извршуваат цели или преземаат активности што се контрапродуктивни за терористичката организација. Во овој случај, независноста на ќелиите води кон неуспех за развивање синергија меѓу нивните активности и го ограничува нивниот придонес кон заеднички цели. Постојат различни видови мрежна структура, во зависност на кој начин елементите се поврзани со другите елементи во структурата. Идентификувани се три основни типови: синџир, центар и целосно поврзана мрежа. Терористичката група може да примени и хибридна структура, кога комбинира елементи од два мрежни вида.[141]

[141] Милошевска Тања (2018), *Глобален тероризам*, Филозофски факултет, Мар-Саж, Скопје.

## 4.3. Терористички мотиви

Мотивите за тероризам се многу комплексни и испреплетени, никако еднообразни и едноставни. Истражувањата на оваа тема укажуваат на постоење на интеракции помеѓу поединците, групата и системот на верување што го поддржува екстремизмот. Без познавање на мотивационите елементи на тероризмот, неговите причини, не можеме да зборуваме за разбирање на овој феномен.

Мотивацијата одамна е проучувана од страна на социолози и психолози во многу детали. Може да се каже дека мотивите се сили кои поттикнуваат акција со цел реализација на желби, потреби и цели. Тие, исто така, можат да бараат одвраќање на несакани, заканувачки или штетни состојби. Мотивите, иницираат директно и одржливо однесување. Кога се разгледуваат мирно и рационално, мотивите на некого се подложни на ненадејни или евентуални промени. За лидерите на групата или движењето, мотивите мораат да бидат прогласени за да намерите станат јасни, како на придружниците и на пошироката публика, дури и на оние кои ќе ги оспорат намерите и целите. Мотивите се остри импулси, на пример:

- Да се здобие со она што е неправедно одземено – земја, слобода, основни права, можности;
- Да се потврди идентитетот, статусот, легитимното поседување, каде што тие се оспорени или изгубени;
- Да се заштити каде што идентитетот е под закана или лошо третиран;
- Да се обноват поранешните права, привилегии, предности каде што биле намалени или одземени.[142]

Ваквите мотиви доведуваат до тоа поединецот да застане и дејствува. Таквата сила на чувството мора да се сподели и тогаш мотивот станува колективен. Политичките научници зборуваат за хиерархија на мотивите кои се мултидимензионални и најверојатно променливи од време на време. Секако, мора да се запомни дека извлекуваме мотиви од она што е кажано, или

---

[142] Крстиќ Марко (2015), *Мотиви терористичког деловања,* достапно на: https://scindeks-clanci.ceon.rs/data/pdf/1452-7367/2015/1452-73671504519K.pdf

напишано – или дури и од тоа што не е кажано. На основно ниво постојат вредности, цели и аспирации поврзани со безбедноста, и со автономијата на политичка или етничка група. Ова се причини вредни за борба и за умирање. Пошироко, постои потреба да се заштити благосостојбата на граѓаните и да се зачуваат политичките, социјалните, верските и културните институции. Ова се основните цели. Примарниот мотив, во секое време, е борба за реализирање на нив со сите средства. Целите со среден ранг, секундарните мотиви – промоцијата на ценети вредности дома и во странство, враќање на заслужениот престиж, креирањето на поправедни можности, обезбедувањето на сојузници и пријатели, прогресивното слабеење на опонентот – тие ќе бараат посветеност на подолга борба, која може да вклучи чекор по чекор во мачењето на угнетувачот. Постои долгорочна визија за целите, кои кога ќе се реализираат ќе ја легитимираат борбата, колку и да е интензивна и деструктивна. Целосно самоопределување, и меѓународно признавање на статусот, се крајните цели за кои мотивите треба да бидат силни со верба и надеж. Сепак, постојано присутна е проблематичната мисла дека протестот втурнат во насилство може да постигне нешто, но го одложува или спречува постигнувањето. Мотивите со потекло како политички или идеолошки или религиски скоро се сведени на компулсивни идеи и однесувања. Тие нужно не резултираат во насилство. Мошне често, терористот кој што не сака да биде обележен, ќе истакне дека насилството не било негов избор – тоа било неразумноста и непријателството на опозицијата.[143]

Терористите можат да бидат инспирирани од различни мотиви кои можеме да ги класифицираме во три категории: рационална, психолошка и културна мотивација. Терористот може да претставува комбинација од сите три категории на мотиви.

- Рационалната мотивација подразбира изготвување на рационална анализа од страна на терористот – терористите, која е идентична со анализата што ја изготвуваат воените команданти или бизнисмените. Рационалните терористи секогаш прават анализа на трошоците при реализација на определени терористички опции и цели. Според нив, основно е дали тероризмот ќе ја постигне саканата цел, но со претходна солидна проценка на ризикот и со

[143] David J. Whittaker (2004), *Terrorists and terrorism in the contemporary world,* Routledge, достапно на: https://b-ok.cc/book/747517/950a45

проценка на групната можност за издржување на напор.[144] Тие секогаш размислуваат со поефтин и поефикасен начин да ја остварат целта. Значајно е да се потенцира дека лошата проценка на реализацијата кон тероризмот, значи да се ризикува да се предизвика катастрофа. Во раните седумдесетти години на минатиот век, Тумпаросите од Уругвај и Монтонеросите во Аргентина со своите акции ги доведоа општествата до максимално дозволената граница на општествена толеранција и беа уништени. Истото се случи и со определени групи во Турција и со неколку мафијашки фамилии во Италија во деведесеттите години на минатиот век.

- Психолошката мотивација произлегува од личното незадоволство од сопствениот живот и достигнување. Терористите сметаат дека секогаш се во право и настојуваат своите антисоцијални мотивации да ги проектираат врз другите, секогаш креирајќи поларизиран изглед „ние против вас“. Иако меѓу терористите не постои јасно изразена психологија, тие најчесто сами лошите мотиви ги препишуваат на другите луѓе надвор од нивната група. Тоа им го “олеснува“ чувството за дехуманизирање на жртвите и симнување на чувствата на двосмисленост од нивните мисли. Исто така, мошне силен мотиватор кај терористите претставува потребата да се припаѓа на одредена група. Психолошката мотивација влијае врз интензитетот на групната динамика помеѓу терористите. Продукт на ова влијание претставуваат нивните залагања за едногласност, односно нивната нетолерантност спрема егзистирањето на определени несогласувања. Терористите не прифаќаат компромис, преговорите ги сметаат за недостојни, посебно ако се предавнички. Овие констатации објаснуваат зошто некои терористички групи сепак се склони кон фракции и зошто фракционерите честопати се понасилни од нивната основна, матична група.
- Културната мотивација произлегува од карактеристиките на различните култури кои создаваат определени вредности и ги

[144] Crenshaw, Martha. (1981). "The causes of terrorism", *Comparative politics*.

мотивираат луѓето на акции. Односот кон животот воопшто и индивидуалниот живот посебно претставува значајна културна карактеристика која што има огромно влијание врз тероризмот. Разликата во културата е во групата со „другите“ кои се целосно „лоши“ во терористичкиот вредносен систем и за таа цел можат да бидат уништени со помалку или без никакво каење. Значајна културна детерминанта на тероризмот претставува перцепијата на „аутсајдерите“ и предизвикувањето (проектирањето) на опасност за преживување – загрозување на опстанокот на етничките групи. Стравот од културно истребување доведува до насилство, како реакција на сите човечки суштества кои се многу чувствителни на нивните витални вредности со кои целосно се идентификуваат. Во овие вредности за идентификација најзначајното место го заземаат јазикот, религијата, групната припадност, татковината или родното место. Можноста, односно потенцијалната опасност и ризикот да се изгуби било кој, а од овие вредности може да се повлече одбранбени, дури и ксенофобични реакции.[145]

Според Хорган, класификацијата на факторите кои допринесуваат на психолошката селекција вклучуваат:

- разочарувања кои произлегуваат од несовпаѓање помеѓу почетните идеали и фантазиите, кои биле мотив за ангажманот и она што се случува после тоа, односно дисконтинуитет меѓу фантазијата и реалноста;
- разочарувања кои произлегуваат од несогласувањето со тактичките прашања;
- разочарувања кои се резултат на стратешките, политичките или идеолошките ставови и цели;
- промена на личните приоритети.[146]

Мотивационите категории ги определуваат терористичките групи во правец на реализација на нивните цели, а некои од заедничките мотивациони категории се сепаратистичките, етноцентристичките, националистичките и револуционерните.

---

[145] Котовчевски Митко (2002), *Современ тероризам,* Македонска цивилизација, Скопје
[146] Horgan John, (2014). *The Psychology of Terrorism*, Routledge, New York.

Поединецот мора да помине сложен психолошки и практичен процес на метаморфоза од обичен граѓанин до „полноправен“ терорист и да формира одреден сет на уверувања, да бара целна група и на крај да го спроведува актот на насилство против цивилите, со уверување дека со тоа ги застапува целите и идеологијата на групата. Со цел да се спасат од личната бескорисност, поединците се мотивирани да се предадат на терористичките групи, да ги бранат ставовите на групата и да работат во служба на таа група. Терористите формираат внатрешна (когнитивна) мапа на своето надворешно опкружување и токму оваа перцепција, а не објективната надворешна реалност, го одредува нивното однесување.[147]

## 4.4. Типологија на тероризмот

Постојат различни класификации на тероризмот, според различни критериуми. Авторите го класифицираат тероризмот на различни начини, а со тоа и ние имаме безбројна класификација. Во овој труд ќе ја земеме во предвид класификацијата на тероризмот според Шмид[148] и Пост кои го разликуваат политичкиот тероризам од криминалниот тероризам и од патолошкиот тероризам.

Политичкиот тероризам е поделен во суб-државен тероризам, државно-поддржан тероризам и режим или државен тероризам.

Суб-државниот тероризам е поделен на пет подкатегории:

(1) социјал-револуционерен (лев),
(2) десничарски тероризам,
(3) националистичко-сепаратистички тероризам,
(4) верски екстремистички тероризам (разликувајќи го религиозниот фундаменталистички тероризам и новиот религиозен тероризам) и
(5) тероризам на еден спор (расправа).[149]

---

[147] Крстиќ Марко (2015), *Мотиви терористичког деловања* достапно на: https://scindeks-clanci.ceon.rs/data/pdf/1452-7367/2015/1452-73671504519K.pdf

[148] Schmid, A.P. and A.J. Jongman (1988), *Political Terrorism: A New Guide to Actors, Authors, Concepts, Databases, Theories and Literature*. Amsterdam: SWIDOC, North Holland Publishing Company.

[149] Post, Jerrold M (2005), The socio-cultural underpinnings of terrorist psychology, in Bjørgo, Tore, ed. *Root Causes of Terrorism*. London: Routledge.

| Type | Goals | Goals negotiable or not (1 – 3) | Size of Potential Coalition (1 – 3) | Strategy/Tactics | Public Goods Provision | Examples |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **I. Ideological Groups** | (a) Neo-communist state and economic system<br>(b) Fascist authoritarian state | 1: no | 1: limited | shooting attacks, hostage-taking, hijacking, bombing and threat of such actions | (a) no: contrary, killing workers and other clientele members<br>(b) no | (a) RAF, Red Brigades; 3rd World examples<br>(b) right-wing extremists/ Fascist branches; terorism against foreigners |
| **II. Ethno-nationalist Groups** | (a) National independence (with or without socialist economy)<br>(b) Separatism | 2-3: yes, with careful accomodative handling | 3: broadest common denominator | (a) attacks in 1 or 2 states mostly, keeping political talks and channels open<br>(b) similar, but more clandestine behavior | yes: protection, infrastructure creating communal values ("we-feeling") "irrespective" of religious base | (a) ETA, IRA<br>(b) Québec Liberation Front |
| **III. Religio-political Groups** | (a) Islamic Republic of Palestine, dismantling Israel<br>(b) Jewish Settlement groups in Palestine<br>(c) Christian terrorist groups | 1: no | 2: limited to religious adherents | vicious attacks fighting over exclusive "Holy Land" | yes, but only for the religious true believer | (a) Hamas<br>(b) Baruch Goldstein group<br>(c) Christian groups, e.g., Army of God |
| **IV. International Groups** | (a) Pan-Islamist caliphate, changing the international system<br>(b) Marxist revolutionary cells changing the international system | 1: no | 2-3: (a) network of networks in more than 60 countries<br>(b) no direct international network | (a) mass killings everywhere<br>(b) shooting attacks, hostage-taking, hijacking, bombing and threat of such actions | no, in the first stage: anarchy and disturbance of international division of labor | (a) Al Qaeda<br>(b) 19th century, 1970s onwards |
| **V. Single-Issue Groups** | (a) animal welfare<br>(b) ecology<br>(c) human life | 1-2: some handling with the less fanatics | 1: limited | limited attacks at symbolic institutions or individuals | yes, but only for the true believer | (a) Animal Liberation Front (ALF)<br>(b) Ecological terrorist groups<br>© Anti-abortion terrorism |

Табела 2. Пет форми на суб-државен политички тероризам[150]

[150] Ekkart Zimmermann (2009), *Forms and causes of political terrorism: what do we know?,* Dresden University of Technology, Dresden, Germany.

Шмид нуди четири типа на политички тероризам на второ ниво, означувајќи ги како бунтовнички тероризам (наместо суб-државен), одмазднички тероризам и потоа додавајќи ги двете државно-поврзани форми на тероризам. Одмаздничкиот тероризам би можел да се смета како пред-фаза на десничарскиот и расистичкиот тероризам и на тој начин да биде спуштен на второ ниво. Сепак, треба да се додаде меѓународниот тероризам на ова ниво. Меѓународниот тероризам имплицира цели кои се наоѓаат во друга земја или „припаѓаат" на земја различна од националноста на терористот, спротивно од транснационалниот тероризам, „нагласувајќи ги врските помеѓу различните терористички групи во различни земји".

Слика 1. Категории на тероризам[151]




Тероризмот може да го разгледуваме и преку следните видови:

- Држава против држава (меѓудржавен тероризам) – кога една држава на прикриен или отворен начин применува определени терористички акти против друга држава (со користење на новоформирани терористички групи, односно со сопствени агенти и нивно ангажирање на мошне перфиден начин или со давање на отворена поддршка на терористичките организации и нивните акции од највисоки претставници на актуелната државна власт). Во овој вид соработка вклучена е и можноста за давање

[151] Ekkart Zimmermann (2009), *Forms and causes of political terrorism: what do we know?,* Dresden University of Technology, Dresden, Germany.

прибежиште во дипломатско конзуларните претставништва на определени терориссти по извршените терористички акти.

- Држава против недржавен субјект – овој вид тероризам го користат определени структури на актуелната власт на една држава со цел да се одбранат од своите политички противници и да ја зачуваат власта. За таа цел, во услови на хаотична состојба создадена со примена на политичкото насилство се прибегнува и кон примена на определени терористички акти, во вид на стравовлада (друг назив за овој вид на тероризам). Но, за овој вид на тероризам најчесто се зборува како државен терор, масовно кршење на човековите права итн.
- Недржавни субјекти против државата – овој вид тероризам го спроведуваат недржавни организации, групи или поединци кои применуваат определени методи на политичка борба против својата или против некоја странска држава. Мотивите на недржавниот тероризам најчесто се со етнички, национален и верски предзнак кој се спроведува за реализација на определени сепаратистички цели по пат на примена на насилство и заплашување. Во овој вид тероризам спаѓа и тероризмот на верските движења кој го спроведуваат заслепени верски терористички групи, со цел да предизвикаат фундаментални општествени промени (уредување на општеството врз религиозни основи или верски сецесионизам и спроведување на "верски чистења".
- Недржавни субјекти против други недржавни субјекти (хоризонтален тероризам) – во овој вид на тероризам, актерите се пресметуваат меѓусебно, односно со своите политички противници во борбата за освојување на власта и за стекнување на надмоќност.

Друг вид поделба во однос на пасивниот субјект жртва се дели на масовен и индивидуален, а во однос на тоа дали жртвата однапред е определена или не, тероризмот се дели на слективен и неселективен.[152]

---

[152] Котовчевски Митко (2002), *Современ тероризам,* Македонска цивилизација, Скопје

Постојат три основни категории на тероризам, иако има безбројни форми на тероризам (биолошки, економски, со земање заложници, бомби, убиства и така натаму). Тие категории се:

- домашен тероризам – кој е дефиниран како незаконска употреба, или закана од употреба на насилство од страна на група или индивидуа кое живее и дејствува во рамките на таа држава;
- меѓународен тероризам – вклучува насилни акти коишто терористот ги извршува надвор од националните граници;
- државен тероризам – тероризам извршен од страна на политичко тело (може да се подели во две категории во однос на тоа дали актите се насочени кон сопствените граѓани (внатрешен) или кон странски држави/граѓани (надворешен).[153]

[153] Aaron J. Noteboom (2002), *Terrorism: I know it when I see it, University of Oregon* достапно на: https://core.ac.uk/download/pdf/36681151.pdf

# 5. Етно-сепаратистички тероризам

## 5.1. Студија на случај: Баскија

„Етно-сепартистичкиот тероризам е форма на политички тероризам на недржавни етнички групи со цел да се постигне независност, отцепување, автономија и редефинирање на постојната национална држава или спојување со друга држава или друга форма на државен тероризам со цел етничко чистење и геноцид на оспорената територија“.[154]

Етно-сепаратистичкиот тероризам е еден од најстарите и најчестите форми на тероризам, и за овие групи е карактеристично користењето на целно насилство со цел да се привлече вниманието кон нивната цел во рамките на границите, а особено и надвор од границите на државата, со што се шири свеста за нивните сепаратистички барања. Овој тип на тероризам е најуспешен во поглед на стекнување на поддршка и легитимитет од меѓународните актери, како што се странските земји. Овој тероризам може да биде тежок за дефинирање од причина што многу групи што спроведуваат терористички активности во име на својата цел, се сметаат себеси за борци за слобода, а не терористи. Овие терористи често ги напаѓаат оние кои инаку би можеле да ги загрозат нивниот идентитетот, а секундарна цел на нападот е да се создаде атмосфера на страв меѓу населението на противничката група. Квалификацијата на сепаратизмот како тероризам ги претставува бројните предизвици за владите кои се соочуваат со етно-националистички проблеми. Имено, таквото опкружување им овозможува на државите да го избегнат адресирањето на етнонационалистичките корени на сепаратистичкиот конфликт.

Етно-сепаратистичките терористи настојуваат да формираат самоопределување во некоја форма, што може да се движи од добивање на поголема автономија, па до воспоставување на потполно независни, суверени држави (сепаратизам). Тие често се спротивставуваат на она што го сметаат за окупаторски, империјални или на некој друг начин нелегитимни овластувања.

Националниот тероризам е поврзан со национална, етничка, верска или друга идентификациона група, и постои чувство меѓу припадниците на таа група дека се угнетувани или им се ускратени правата. Сепаратистичките групи

[154] Anderson K. Sean (2009), *Historical dictionary of terrorism*, The Scarecrow Press pp. 165-6, достапно на: http://www.scribd.com/doc/25206324/Historical-Dictionary-of-Terrorism

успешно се здобиваат со меѓународно внимание, а понекогаш и со симпатии за нивните причини. Меѓутоа, сепаратистичките акции кои користат насилство против невооружени граѓани кои не се директно поврзани со конфликтот, секако претставуваат тероризам. Истакнувањето на територијалните претензии во реториката на етничките активисти е исклучително честа појава – барањата за автономија во државата, за одвојување од истата, или обединување со друга држава. Додека етничкиот конфликт има многу димензии, една од првите која се приметува е територијалната.

Слика 1. Број на напади и лица приведени за етно-националистички и сепаратистички тероризам во период од 2012-2016 година[155]




[155] Terrorism Situation and Trend Report. (2017), EUROPOL- European Union Agency for Law Enforcement Cooperation.

## ANNEX 1

# Overview of the failed, foiled and completed attacks in 2017 per EU Member State and per affiliation

| Member State | Jihadist | Left-wing | Right-wing | Separatist | Single issue | Not specified | Total |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Belgium | 2 | - | - | - | - | - | 2 |
| Finland | 1 | - | - | - | - | - | 1 |
| France | 11 | 1 | - | 42 | - | - | 54 |
| Germany | 1 | 1 | - | - | - | - | 2 |
| Greece | - | 8 | - | - | - | - | 8 |
| Italy | 1 | 7 | - | - | - | 6 | 14 |
| Spain | 2 | 7 | - | 7 | - | - | 16 |
| Sweden | 1 | - | - | - | - | - | 1 |
| United Kingdom | 14 | - | 5 | 88 | - | - | 107 |
| Total | 33 | 24 | 5 | 137 | 0 | 6 | 205 |

Слика 2. Број на напади во ЕУ (реализирани и осуетени) за 2017 година[156]

Етно-националистичките сепаратистички движења се однесуваат на борбата за самоопределување која се базира главно на етничкиот идентитет. Ваквите движења имаат за цел добивање на територијална независност и можат да вклучат насилство ( на пр. војната на Косово), или да продолжат мирно (на пр. мирниот "развод" на Чехословачка). Тероризмот, од друга страна, се однесува на намерната употреба на насилство за социјални или политички цели, кое што е насочено против неборци и е планирано да произведе ефект на поголема целна публика.

[156] Terrorism Situation and Trend Report. (2018), EUROPOL- European Union Agency for Law Enforcement Cooperation.

Ниту Европа, како правно и политички најуреден континент не е имуна на појавата на сепаратизмот и на сепаратистичкиот тероризам, а за тоа говорат бројни примери од нејзиното скорешно политичко минато и сегашноста, од кои поради должината на своето траење, жестокоста на манифестацијата и нерешливоста, два највпечатливи примери се секако примерите на сепаратистичкиот тероризам поврзан со Северна Ирска и Шпанија, односно шпанската провинција Баскија. Не мал број на истражувачи, поради нивната репрезентативноста во полето на европскиот сепаратистички тероризам, ги третира како небаре еден случај, при што се спречува методолошкото правило за почитување на различностите колку и сличностите на истите политички и безбедносни, односно општествени феномени.

Слика 3. Број на напади и лица приведени за етно-националистички и сепаратистички тероризам во период од 2012-2016 година во Европска Унија[157]




[157] Terrorism Situation and Trend Report. (2017), EUROPOL- European Union Agency for Law Enforcement Cooperation.

За главни претставници на сепаратистичкиот тероризам на тлото на Европа, се сметаа ИРА (Ирска републиканска армија) и ЕТА (слобода за Баскија), а за двата главни кризни жаришта на стариот континет, на кој овие организации се појавија и на кој начесто и делуваат се Северна Ирска и провинцијата Баскија во Шпанија.

Иако сепаратизмот во Шпанија денес е многу изразен во две шпански провинции – Каталонија и Баскија, сепаратистичкиот тероризам постои само во вториот случај. И покрај повремените масовни протести на сепаратистите во Каталонија, засега нема индиции дека постои било каква каталонска сепаратистичка организација која е ориентирана кон вршење на терористички дејства.[158]

**FIGURE 13** TRENDS IN REGIONAL TERRORIST IDEOLOGIES, 2000-2013

Religious ideologies as a motivation for terrorism is not a global phenomenon. While it is predominant in Sub-Saharan Africa, MENA and South Asia, in the rest of the world terrorism is more likely to be driven by political or nationalistic and separatist movements.




Source: GTD

[158] Лутовац Светислав (2016), *Сродности и разлике сепаратистичког тероризма у Шпанији и Северној Ирској*, достапно на: https://scindeks-clanci.ceon.rs/data/pdf/0354-8872/2016/0354-88721603169L.pdf

Националистичко-сепаратистичките групи кои дејствуваат во рамките на својата нација се особено чувствителни на одговорите на нивните внатрешни изборни групи, како и на меѓународната публика. Најистакнати примери се баскиските сепаратисти на ЕТА во Шпанија, ИРА во Ирска, чеченските терористи во Чеченија, Тамилските тигри во Шри Ланка, курдската ПКК во Турција и ослободителниот фронт во Квебек, во Канада. Истражувањата за тероризмот, генерално, ја запоставија етничката димензија која некои терористички кампањи ја водат за изградба или тестирање на теории кои се применуваат за сите терористички насилства, без оглед на идеолошката ориентација.[159]

Модерниот баскиски национализам се разви на крајот на минатиот век. Брзата урбана индустријализација, базирана на железо и бродоградење, се чинеше дека му се заканува на рурално-базираниот економски и културно вредносен систем, со кој многу Баскијци беа длабоко поврзани. Тие се почувствуваа особено загрозени со напливот на осиромашените работници од шпанското говорно подрачје, најверќе од Андалузија и Галиција, чии што анархо-социјалистички политики и наводните слаби морали беа анатема за многуте католички Баскијци. Критиките на национализмот, од двете, и од левите и од десните, посочува колку „вештачки“ беа некои аспекти на национализмот. Таткото-основач на баскискиот национализам, Сабино Арана, требаше да измисли не само знаме туку и име, Еускади, за земјата која што сакаше да се ослободи од шпанската „доминација“.[160]

Според мислењето на значителен број на експерти, активностите на членовите на ЕТА сериозно ја дестабилизираат внатрешната политичка ситуација во Шпанија, и способни се да имаат негативно влијание врз атмосферата на југот на Франција, како и во европскиот регион како целина, и како такви претставуваат пречка за развој на политичките инструменти за меѓусебно влијание помеѓу етничките малцинства и европските државни институции.

---

[159] Крстић Марко (2018), Тероризам са сепаратистичким претензијама*, Војно дело,* достапно на: http://www.odbrana.mod.gov.rs/odbrana-stari/vojni_casopisi/arhiva/VD_2018-6/70-2018-6-25-Krstic.pdf
[160] Paddy Woodworth (2001), *Why do they kill? The Basque conlict in Spain,* Duke University Press, достапно на: https://www.jstor.org/stable/40209726?read-now=1&seq=11#page_scan_tab_contents

Раководството во Шпанија, во такви околности, а и поради зачувување на територијалниот интегритет на земјата, разви и реализира серија на мерки – без оглед на тоа што навидум се конструктивни, всушност уште повеќе ја нагласуваат длабочината на кризата. За отстранување на конфликтноста во меѓуетничките односи, шпанската елита развива процес на децентрализација на државата и дава автономни статуси на националните територии. Таквото државно уредување не е во противречност со идејата за општествениот идентитет, под услов државата да обезбедува (помеѓу останатото, и на ниво на законодавство) слободен развој на специфичните етно-културни карактеристики, и да делува како гарант на автономниот статус на националната територија во рамките на единствен политички простор.

Слабеењето на партикуларистичкото расположение на шпанските Баски и зајакнувањето на нивниот грѓански идентитет, се обезбедува не само на правно туку и на институционално ниво. Во Шпанија, не постои механизам за мултулатерални преговори во разграничувањето на полномошното помеѓу центарот и герионите. Наместо тоа, во таа земја е разработен механизам за двострано взаемно влијание; главни преговарачи во регионот се претставници на владата за автономија, а во име на Мадрид – министерство за социјална администрација. Тоа овозможува во текот на преговорите да се поставуваат и дискутираат конкретни прашања за економскиот, политичкиот или културниот развој, и да се минимизира делувањето на националистичките декларации врз јавното мислење – како во рамките на националната територија (вклучително и Баскија), така и во Шпанија во целина. Поддршка на граѓанскиот идентитет на Баскијците се остварува и на ниво на водечките политички партии во земјата, кои повеќекратно се обидувале за остварување на широки коалиции, способни да, во рамките на правната држава позитивно да се спротистават на баскискиот сепаратизам – помеѓу останатото и во неговите екстремни облици.[161]

Напорите на значителен дел од политичките сили за зголемување на статусот на Баскијците во системот за меѓуетничка комуникација, често се изразува во екстремни форми, кои се особено поврзани со тероризмот, оливетворени во организацијата ЕТА.

---

[161] Балашов Алексејевиќ Јуриј (2009), *Етнички сепаратизам и криза европске државности,* Часопис – Нова српска политичка мисао достапно на: http://www.nspm.rs/savremeni-svet/etnicki-separatizam-i-kriza-evropske-drzavnosti.html?alphabet=l

### 5.1.1. Терористичката организација ЕТА

Терористичката организација може да се дефинира како политичка група која има за цел да ги постигне своите цели со користење на терористички активности.[162] Терористичките организации користат насилство или реална закана за насилство насочено кон цивилите, со цел да ги постигнат политичките агенди. Во повеќето случаи актите на тероризам се иницирани со користење на заплашување и влевање страв на јавноста. Баскискиот регион, лоциран во Шпанија, каде Euskadi Ta Askatasuna (ETA) е базирана, се карактеризира со зголемен број на граѓански немири каде повеќето локални групи бараат независност од Шпанија. Баскија има свои културни норми и јазик кој е значително различен од оној на Шпанија.[163]

ЕТА се смета за сепаратистичка и националистичка терористичка организација која е основана во текот на 1959 година. Од своето основање групата има револуција во природата на своите активности, од залагање за традиционалната култура на Баскија до вклучување во паравоени активности со основна цел за постигнување на независност на Баскија од Шпанија.[164] Таа одигра значајна улога во Баскискиот конфликт. Покрај тоа, ЕТА прогласи многубројни прекини на оган во текот на 1989, 1996, 1998 и 2006 година.[165] Нов прекин на огнот, кој сеуште е на сила, е прогласен во текот на Септември 2010 година. ЕТА подоцна ги објави своите планови да ги запре паравоените активности во текот на Октомври 2010 година. Од своето основање, ЕТА се смета за одговорна за околу 830 луѓе и за учество во бројни киднапирања и повреди на јавноста, ограничена во Шпанија и Франција.

---

[162] Bew John, Frampton Matyn (2010), *Talking to terrorists: making peace in Northern Ireland and the Basque Country,* Hurst & Co, London.
[163] Yonah Alexander, Swetnam Michael (2001), *ETA: profile of a terrorist group,* Transnational Publishers, Paris.
[164] Rudolf Rachael, Anissah Engeland (2008), *From terrorism to politics,* Ashgate Publishing, Ltd, New York.
[165] Bew John, Frampton Matyn (2010), *Talking to terrorists: making peace in Northern Ireland and the Basque Country,* Hurst & Co, London.

#### 5.1.1.1. Историја, структура и терористички активности на ЕТА

ЕТА е формирана од сојуз на студенти познат како Ekin, основан во текот на првите години од 1950-тите години. ЕТА беше официјално воспоставена на 31 Јули 1959 година именувана како Euskadi Ta Askatasuna, во превод Баскиска татковина и слобода. На воспоставената Баскиска партија се гледаше како на партија окарактеризирана од модерниот национализам која постигна значителен напредок во националистичките активности.[166]

Појавата на ЕТА може значително да се препише на долгото траење на диктатурата на Франко во комбинација со втората фаза на индустријализацијата што резултираше со зголемување на бројот на имигрантите во Шпанија. За толку мала група, беше тешко да се постигнат овие цели, што пак доведе до зголемување на фрустрациите на студентите и формирање на модерната ЕТА, која главно оперира базирана на политичките идеологии од марксистичката перспектива. Фокусот на ЕТА беше формирање на самоуправувачка татковина за луѓето на Баскија. Главните барања на ЕТА вклучуваа национално самоопределување за луѓето на Баскија, Унија на провинцијата Навара и пуштање на терористите на ЕТА кои се во затвор.[167]

ЕТА се смета за типична западна терористичка група, која се состои од тврдокорни активисти, околу 20 во секои 100 поддржувачи. Терористичката група работи под вообичаено доволните единици како за западно терористичка организација која се базира на марксистичките политички идеологии. Ова резултира со комплексност во својата структура, што им прави потешкотии на властите за пристапување и навлегување во организациите. Седиштето на групата е во Баскија, иако групата има свои единици во Куба, Германија, Холандија, Мексико, Италија и Алжир. Неодамнешни терористички активности се преземени во Франција и во Латинска Америка.[168]

Финансирањето на ЕТА потекнува од конвенционалните извори на приходи за терористичките организации, како што се трговијата со дрога,

---

[166] Rudolf Rachael, Anissah Engeland (2008), *From terrorism to politics,* Ashgate Publishing, Ltd, New York.
[167] Yonah Alexander, Swetnam Michael (2001), *ETA: profile of a terrorist group,* Transnational Publishers, Paris.
[168] Rudolf Rachael, Anissah Engeland (2008), *From terrorism to politics,* Ashgate Publishing, Ltd, New York.

насилните кривични дела, како што се кражби и јавни изнуди. Методите за почнување на терористичките активности од страна на ЕТА вклучуваат убивање на владини службеници, бомбашки напади и герилски напади.[169] На пример, ЕТА е одговорна за убиството на адмиралот Бланко во текот на 1973 година. Во текот на 1980 година, терористичката група извршила 118 случаи на убиства кои се сметаат за најкрвави во историјата на убиства извршени од страна на организацијата.

Слика: Терористички напади од ЕТА во период од 1968-2010 година[170]




Кратка хронологија на ЕТА и нејзините активности:

- 1959 година: Euskadi Ta Askatasuna (ETA) или Баскиска татковина и слобода, основана е во текот на диктатурата на генералот Франко;
- 1968 година: ЕТА го извршува својот прв планиран напад со убиството на шефот на полицијата во Сан Себастијан;
- 1973 година: Луис Кареро Бланко е убиен, кога неговата кола поминува над поставен експлозив од страна на ЕТА во Мадрид;

[169] Yonah Alexander, Swetnam Michael (2001), *ETA: profile of a terrorist group,* Transnational Publishers, Paris.
[170] Gobal Terrorism Database (START), (2011). Attacks and ceasefires by ETA.

- 1980 година: Околу 100 луѓе се убиени во најкрвавата година на ЕТА дотогаш;
- Септември 1985 година: Американски турист е убиен со првиот автомобил-бомба поставен во Мадрид од страна на ЕТА. Шеснаесет припадници на цивилната гарда се повредени;
- Јули 1986 година: Десетина припадници на цивилната гарда се убиени, а 50 луѓе се повредени во експлозија на автомобил-бомба во Мадрид;
- Јуни 1987 година: Дваесетина купувачи во супермаркет во Барселона се убиени во најкрвавиот напад на ЕТА дотогаш. ЕТА се извини за својата "грешка";
- Април 1995 година: Хозе Марија Азнар, кој подоцна стана премиер, е цел на ЕТА со автомобил-бомба. Тој е спасен благодарејќи на блиндираното возило;
- Август 1995 година: Полицијата го спречува заговорот на ЕТА за убиство на кралот Хуан Карлос;
- Јули 1997 година: Баскискиот градски советник Мигел Анхел Бланко е киднапиран и убиен. Шест милиони луѓе демонстрираа;
- Септември 1998 година: ЕТА објави примирје;
- Јуни 1999 година: Владата вели дека се водат разговори со ЕТА;
- 28 Ноември 1999 година: ЕТА објавува дека прекинот на оган ќе заврши на 3-ти Декември;
- 22 Февруари 2000 година: Автомобил-бомба во Виторија го убива локалниот политичар Фернандо Буеса и неговиот телохранител;
- 15 Септември 2000 година: Франциската полиција го апси Игнасио Грација Арегуи, алијас Iñaki од Ренетија, наводниот главен водач на ЕТА;
- 21 Ноември 2000 година: Ернест Луч, поранешен министер во Владата, е убиен во Барселона. Околу милион луѓе демонстрираа;
- 22 Февруари 2001 година: Автомобил експлодираше во Сан Себастијан, при што загинаа две лица, а беа повредени четири лица. Неколку часа подоцна францускaта полиција го фати осомничениот воен шеф на ЕТА во францускиот град Англет;
- 6 Ноември 2001 година: Автомобил-бомба експлодира во Мадрид, при што беа повредени 95 лица, а исчезнат е висок државен службеник кој се

верува дека е цел на нападот. Двајца осомничени членови на ЕТА се уапсени;

- 23 Ноември 2001 година: Двајца полицајци се убиени во Бесаин, јужно од Сан Себастијан;
- 1 Мај 2002 година: Автомобил-бомба експлодираше во близина на фудбалскиот стадиум на Реал Мадрид неколку часа пред полуфиналето на европската Лига на шампиони;
- 21 Јуни 2002 година: Три автомобили-бомби експлодираа во ист ден во градовите Фуенгирола, Марбела и Сарагоса пред дводневниот самит на лидерите на ЕУ во Севиља. Седуммина се повредени;
- 4 Декември 2003 година: Француската полиција го уапси Ибон Фернандез Ирадија, осомничен воен командант на ЕТА кој избега од притвор во Франција пред речиси една година;
- 31 Декември 2003 година: ЕТА не успева во својот обид да експлодира два куфери-бомби во Ирун-Мадрид, меѓуградски, користејќи мобилни телефони како детонатори;
- 18 Февруари 2004 година: ЕТА повикува на примирје во шпанскиот регион Каталонија, на еден месец пред општите избори;
- 29 Февруари 2004 година: Шпанската полиција спречи можен напад со пресретнување на комбе кое носело над 500 килограми експлозив, кој ЕТА планирала да го активира во Мадрид;
- 11 Март 2004 година: Десет ранци-бомби експлодираа во неколку возови во Мадрид, при што загинаа 182 лица. Иако нападите биле извршени од страна на терористи-џихадисти, првите сомневања укажаа на ЕТА, поради сличноста (и на целта и на употребата на мобилни телефони како детонатори) со постапката на неуспешните напади од претходната новогодишна ноќ;
- 22 Март 2006 година: ЕТА испрати ДВД порака прогласувајќи „траен прекин на огнот", која беше емитувана на шпанската телевизија. Така шпанскиот претседател Родригез Запатеро официјално ги започна преговорите со групата (подоцна јавно беше објавено дека Социјалистичката партија на Родригез Запатеро одржувала контакти со ЕТА уште од времето кога била во опозиција);

- 23 Септември 2006 година: Милитантите на ЕТА изјавија дека организацијата ќе го „продолжи земањето на оружје (сé до постигнувањето) независност и социјализам во Баскија“;
- Октомври 2006 година: Ќелијата на ЕТА украде околу 300 пиштоли, муниција и резервни делови во Франција;
- 30 Декември 2006 година: ЕТА детонира комбе-бомба, после три збунувачки предупредувачки повици, во паркинг-зграда на меѓународниот аеродром Барајас во Мадрид (Т4 терминал), предизвикувајќи колапс на зградата и убивајќи двајца имигранти на Еквадор. Претседателот Родригез Запатеро објави соопштение во кое наведува дека „мировниот процес е прекинат";
- Јануари 2008 година: ЕТА наведува дека своето барање за независност е слично со она на статусот на Косово и Шкотска;
- 8 Септември 2008 година: Две баскиски политички партии беа забранети од страна на шпанскиот суд поради нивните таинствени врски со ЕТА. Терористите реагираа на ова со ставање на три големи автомобил-бомби за помалку од 24 часа во северна Шпанија;
- Април 2009 година: Уапсен е Хурдан Мартитеги, со што по четврти пат е уапсен воен шеф на ЕТА во рок од една година, преседан во полициските извештаи што укажува дека групата слабее;
- Лето 2009 година: Неколку ЕТА напади предизвикуваат загинување на три лица, а десетици други беа повредени низ Шпанија;
- 5 Септември 2010 година: ЕТА прогласува нов прекин на огнот, трет, откако двата претходни прекина на огнот завршија од страна на групата;
- 10 Јануари 2011 година: ЕТА изјавува дека прекинот на огнот од Септември 2010 година ќе биде траен и верификуван од страна на меѓународните набљудувачи;
- 20 Октомври 2011 година: ЕТА објави прекин на вооружените активности преку видео клип испратен до медиумите по таканаречената „Доностија-Сан Себастијан меѓународна мировна конференција“.[171]

---

[171] Buesa Mikel, Baumert Thomas (2012), *Dismantling terrorist's economics: the case of ETA,* Documento de Trabajo, n~11 - Enero.

### 5.1.1.2. Организацијата, поддршката од јавноста и стратегијата

Терористичките групи се релативно мали во споредба со герилските отпори. Со цел приближно точно да ја одредиме големината на ЕТА, важно е да се направи разлика помеѓу тврдокорните членови на групата, кои ги заземаат лидерските позиции и командосите, и ексцентричниот круг кој се состои од луѓе кои се поврзани со организацијата и го олеснуваат преземањето на задачи како што се собирање на разузнавачки информации, преминување на државни граници и домашни операции. Во контекст на ЕТА, се проценува дека 20 проценти од членовите се тврдокорни активисти, што се проценува на помалку од 500 индивидуи во организацијата. Според процените за 1978 година, 300 членови од 350 беа тврдокорни членови. Во текот на оваа година убиствата преземени од страна на организацијата значително се зголемија. Во почетокот на 1980-тите години се забележа пад на активистите во рамките на организацијата, поради затворањето на членовите на организацијата. Ова резултираше со намалување на терористичките активности на организацијата, откако целото нејзино раководство беше уапсено за време на 1992 година. Статусот на тврдокорни активисти во рамките на ЕТА во 2008 година се проценува под 100. Капацитетот на ЕТА да создаде центар на внимание за новите регрути да бидат тврдокорни активисти служи како објаснување за зголемената отпорност на организацијата.[172]

Националистичките терористички групи се обидуваат да навлезат во општеството со користење на различни стратегии. Ова имплицира дека таквите терористички групи, најверојатно ги збогатуваат нивните ресурси надвор од терористичките активности. ЕТА успешно успеала да навлезе во општеството преку манипулација на социјални движења, како што се заштита на животната средина и анти-воени движења. Таа значително се потпира на личните мрежи за регрутирање на активисти во опкружувањето. За нормален милитант во ЕТА се смета лице кое е роднина на член во организацијата, и со ова се зголемува потенцијалот да стане член на организацијата, особено ако поединецот поминал низ државна репресија, како што е субјективно затворање и мачење.[173] Уличното

[172] Rudolf Rachael, Anissah Engeland (2008), *From terrorism to politics,* Ashgate Publishing, Ltd, New York.
[173] Bew John, Frampton Matyn (2010), *Talking to terrorists: making peace in Northern Ireland and the Basque Country,* Hurst & Co, London.

насилство е вообичаен механизам кој го користи ЕТА за да развие тврдокорни активисти кои ќе ги преземаат терористичките активисти. Во насока да избегнат апсење, младите луѓе се пронаоѓаат себеси како тврдокорни членови на групата. Тешко е да се анализира објективно степенот на поддршка на јавноста која терористичките групи ја имаат. Покрај тоа, обично има минимални индикатори кои што може да се користат за да се прикаже степенот на јавна поддршка за националистичките терористички организации како ЕТА. Расположливите податоци базирани на претпоставки покажуваат дека 10 проценти од возрасната популација во Баскија ја подржуваат ЕТА, што се проценува на околу 172.000 лица.[174] Јавната поддршка за ЕТА главно ја сочинуваат мали популации кои се соодветни за да ја класифицираат ЕТА како терористичка организација. Всушност, поддршката на јавноста придонесе за нејзино преживување со текот на времето и доведе до создавање на територијална мрежа за олеснување на ефикасното извршување на нејзините терористички активности.

Националистичкиот тероризам првенствено се занимава со одржување на територијата, додека револуционерниот тероризам првенствено се фокусира на мобилизација. Исходот од националистичкиот тероризам е формирањето на нова држава во земјата на спорот. Покрај тоа, барањата наметнати од страна на националистичките терористички групи се отворени за дискусија. Револуционерните терористички организации не можат да се вклучат во дискусии со државата бидејќи нивната главна цел е пропаѓање на државата. Мобилизацијата е исто евидентна и во однос на националистичките терористички организации како ЕТА, иако се ограничени главно во рамките на територијалните цели, со цел подобрување на преговарачката моќ на терористичките групи. ЕТА ја распоредува употребата на насилство со цел да се вклучи во дијалог со државата во спорот. Терористичките организации обично се потпираат на зголемување на последиците од нивните активности, така што владата може да се откаже од територијата. Терористичките импликации на ЕТА се проценуваат да бидат околу 10 проценти од баскискиот бруто домашен производ.[175]

---

[174] Rudolf Rachael, Anissah Engeland (2008), *From terrorism to politics,* Ashgate Publishing, Ltd, New York.
[175] Ibid.

Терористичките активности преземени од страна на ЕТА, исто така, служат за да се наметне значителен политички притисок врз шпанскиот политички систем. Долгорочната стратегија на ЕТА не е предмет на промена со надеж за надживување на непријателот на крајот. ЕТА се смета за една од националистичките терористички организации воспоставени во најразвиените земји во средината на 20-тиот век. Најзбунувачкиот аспект на терористичката група не е во врска со нејзиното потекло, туку како успева да опстане низ времето. Нејзиниот опстанок може да се препише на кохезивните поддржувачи кои сочинуваат околу 10 проценти од популацијата на Баскија.[176] ЕТА успеа да воспостави мрежа која вклучува легални и нелегални организации. ЕТА, исто така, поседува весник, политичка партија и сојуз. Смртоносните активности на ЕТА може да се споредат со другите терористички организации во Европа.

### 5.1.1.3. Финансиските приходи на ЕТА

1. Криминални активности:

***-Киднапирање и изнуди***

Изнудувањето е еден од главните извори на приход за ЕТА од 1970-тите па наваму, со што се заменуваат претходно поважните активности како грабежи на банки и кражби. Уценувањето (кое најчесто се практикува против бизнисмени и самовработени професионалци) може да има две форми на извршување: киднапирање и изнудувачки писма. Со цел нивните намери да бидат јасни, ЕТА не се двоуми во убивањето или повредувањето на некои изнудени луѓе, напаѓањето на нивните деловни објекти, па дури и почнување кампањи за бојкот на нивните производи. Севкупно, изнудата и носи бенефиции на ЕТА од повеќе од 115 милиони евра во текот на три децении, кои датираат од 1978 до 2008 година. Оваа вредност (со цел да се направат полесни споредби се изразуваме со термини од куповната моќ од 2002 година) мора да биде сметана за минимум, бидејќи достапните информации најчесто се добиени од документи запленети од терористичката група и се нецелосни. Две третини од оваа сума се добиени од киднапирања, а една третина од изнуди. Киднапирањата на бизнисмени од

[176] Bew John, Frampton Matyn (2010), *Talking to terrorists: making peace in Northern Ireland and the Basque Country,* Hurst & Co, London.

страна на ЕТА започна во 1972 година и го достигна својот врв во втората половина на 1970-тите и првата половина од 1980-тите. Всушност, од 95 киднапирања извршени од страна на ЕТА, 70 се извршени помеѓу 1976 и 1986 година. Подоцна оваа криминална активност се намали, додека не запре во 1996 година, главно како резултат на фактот дека киднапирањето бара скапа инфраструктура, со добро обучени милитанти и носи голем ризик од притворање. Износите барани од страна на ЕТА за ослободување на заложниците се разликуваат многу, достигнувајќи од неколку илјади до неколку милиони евра. Во повеќето случаи, откупот е платен од страна на роднините на заложникот преку неколку посредници. Постојат и некои исклучоци, некои од нив не можат да го соберат потребниот износ. Најзначајниот од сите беше случајот со финансиерот Хавиер де Ибара, чии роднини, од кои многумина беа дел од директивата на две банки, одбија да го одобрат бараниот кредит, со тоа "кршејќи го традиционалното единство на семејството, дозволувајќи тој да стане првиот убиен во демократија". Писмата на изнуда испратени до бизнисмените бараат од нив да платат за да не стане жртви, иако е помалку профитабилно од киднапирањето, сепак се изведува поконтинуирано. За таа цел, ЕТА разви специфична инфраструктура задолжена за контактирање и префрлување на средства преку сложена, испреплетена мрежа.[177] Друго прашање што треба да се разјасни е колку бизнисмени подлегнале на изнудување. Досега нема официјални податоци за точниот број на изнудувачки писма испратени од ЕТА. Сепак, испрашувањето на терористката Соледад Ипарагуире и документите кои таа ги имаше, дозволија добивање на некои согледувања во пресметките на ЕТА.[178] Според овој извор, во периодот од Септември до Ноември 2003 година, 253 писма биле испратени до 95 бизнисмени. Претпоставувајќи на понатамошна постојана активност, ние може да се процениме дека во текот на три децении речиси 11.000 лица биле цел на терористички изнуди.

***-Грабежи***

ЕТА исто така изврши тешки кражби и грабежи, со цел да ги обезбеди потребните ресурси за извршување на нејзините напади. Во почетната фаза, грабежите на банки и бизниси беа основната постапка користена за одржување

---

[177] Clark, R.P. (1984). *The Basque Insurgents: ETA, 1952-1980*. Madison: University of Wisconsin.
[178] Cragin, Kim (2009). *Women as Terrorists: Mothers, Recruiters, and Martyrs*. ABC-CLIO.

на ликвидноста. Така, во периодот од 1965 година (годината во која групата објави дека ќе започне “со реквизиција на потребните средства за револуционерната борба“) и 1985 година тие извршија околу 200 напади на банки и други грабежи со проценета вредност од 4,2 до 4,8 милиони евра. Покрај тоа, во текот на 1970-тите години ЕТА редовно крадеше експлозиви од каменоломите, најспектакуларната операција беше онаа извршена во 1980 година во градот Сото де ла Марина, каде што се земаа осум тони на гома-2 експлозив. Исто така, две години подоцна, ЕТА провали во депозит на автономната баскиска Ертзаинца каде што беа украдени 135 пиштола. Без оглед на тоа, од средината на 80-тите години наваму ЕТА одлучи да го изнесе својот амонал експлозив од легално добиените производи, со тоа напуштајќи го времето на стратегијата за грабежи. И покрај тоа, при крајот на 1990-тите години, како резултат на повеќе тешки судски прогони на терористичката мрежа и како недостаток на ликвидност, ЕТА ја реактивираше стратегијата за ограбување на материјали што им беа потребни. Можеби најважниот грабеж во овој период е нападот врз фабриката Титадин во Франција во 1999 година. Од тогаш, ЕТА продолжи со крадење експлозиви, оружје, таблици, документи за идентификација итн. Вредноста на сите украдени материјали од страна на ЕТА го надминува износот од 4 милиони евра според нашите проценки. Оваа вредност не е комплетна, бидејќи се земени во предвид само експлозивите и сродните супстанции (чија сума е 2,3 милиони евра) и на украдените возила (чија сума е околу 2,2 милиони евра). Во секој случај, конечниот износ е прилично импресивен.

***-Други незаконски активности***

Иако овој вид на операции претставува само мал извор на приход за ЕТА, некои трансакции се од забележително значење. Така, на пример, терористичката група во текот на многу години, иако само повремено, е поврзана со трговијата на дрога. Друг случај во кој ЕТА имала контакт со трговијата на дрога беше притворот на Хозе Луис Фолгуерас во 1996 година, кој бил фатен со 150 килограми кокаин. Во поново време, во јануари 2006 година, француската полиција уапси двајца членови на ЕТА кои биле вклучени во операција во Италија, каде плаќале оружје со дрога. Според Савијано, во оваа операција учествуваа Ценовезе Камора (обезбедувајќи оружје) заедно со Колумбискиот

ФАРК (кој ја обезбедил дрогата). Исто така, постојат укажувања дека ЕТА учествувала во дистрибуцијата на кокаин во Шпанија, кои беа пронајдени во документите на лидерот на ФАРК- Раул Рејес.[179] ЕТА исто така беше вклучена во други незаконски трговии како што е шверцувањето тутун, иако во мали количини. Конечно последниот релевантен извор на приходи за ЕТА беше соработката со други терористички групи, особено низ такви "услуги" како што е обуката на други терористи. За жал, достапните информации за ова прашање се многу оскудни иако авторот убедливо докажа дека ЕТА има остварено вакви соработки со чилеанскиот МИР (Movimiento de Izquierda Revolucionaria), нигериските Сандинистас и салвадорската герила. Би можело да биде важно фокусирањето, во детали, на еден специфичен случај: според Легарда во 1988 година ЕТА тренираше некои од луѓето на Пабло Ескобар за подготовка на автомобили-бомби, наплатувајќи за тоа 300.000 долари.[180] Ова значеше почетна точка на стратегијата на нарко-шверцерите за користење на терористичките акции со цел избегнување екстрадиција на своите затворени членови во САД.

2. Нелегални активности:

***-Субвенции од политичките партии***

Политичките партии поврзани со ЕТА имаат силна корист од пристапот до јавните средства. Законот од 1987 година кој го уредува финансирањето на политичките партии воспостави три начини за тоа: а) надоместување на дел од трошоците за изборната кампања, кога партијата добива ефективно претставување; б) покривање на дел од трошоците за парламентарната активност (или на товар на државниот буџет или од буџетот на автономниот регион) и в) плаќање за нивната секојдневна активност (од страна на државата). Како и да е, овој закон брзо се укина од страна на баскиската влада и баскискиот градски совет, кои почнаа да отстапуваат дополнителни средства за партиите. Овие практики конечно беа дури и легализирани и покрај вознемиреноста на шпанската државна каса. Се разбира сите партии поврзани со ЕТА во голема мера се свртеа кон овие субвенции, кои беа обезбедени од страна на сите нивоа на власта, освен шпанската централна влада, и продолжија со тоа. Се чини јасно

[179] Earth Times News. (2008). FARC and ETA exchanged information about military tactics – report.
[180] Tehran times (2008). Colombia VP says FARC sought ETA ties for attack in Spain.

дека, иако се помалку важно отколку во минатото, субвенциите на политичките партии во последните неколку декади се важен извор за приходи на ЕТА. И особено критички, како резултат на парадоксот е фактот кој имплицира дека во Шпанија дури и тероризмот е јавно субвенциониран.

***-Средства отстапувани на Удалбица-Курсал***

Друга политичка структура која беше користена за финансирање на ЕТА е Собранието на Баскиските општини (Удалбица). Организацијата е основана во 1999 година, приклучувајќи заедно 1.778 градоначалници и градски советници од различни националистички партии. Овие субвенции (кои до 2003 година достигнаа до 3,27 милиони евра, со 27,6 отсто од баскиската влада, 28,9 отсто од замениците на Визкаја и Гоипзкоа, а 42,1 отсто од 135 градски совети) беа многу непларски поделени. Баскискиот суд на касата во својот извештај заклучи дека овие субвенции биле префрлени нерегуларно без јавните служби да направат перцептивна контрола над нив, на тој начин овозможувајќи дел од тие пари да се прелеат во субјекти поврзани со ЕТА.

***-АЕК: јавно основана идеолошка индоктринација***

Дифузијата на баскискиот јазик (Euskera), особено кај возрасното население, отсекогаш било приоритет на баскиската националистичка влада. И исто така е за ЕТА, која има земено предност со својата контрола над главните агенции посветени на оваа цел за проширување на својата радикална и насилна националистичка идеологија. Медиумот користен за исполнување на оваа цел е АЕК (Coordinadora para la Alfabetización y Euskaldunización), ентитет основан во 1962 година како популарна иницијатива за промовирање на употребата на баскискиот јазик, а кој го задржал формалниот карактер дваесет години подоцна. Документите запленети од ЕТА јасно докажуваат дека, барем во 1992 година, АЕК е контролирана од страна на ЕТА како дел од проектот Удалекс. Во текот на својата долга историја, АЕК има насобрано многу важно наследство од имоти, што во 2000 година беше составено од 52 згради во вредност од 12 милиони евра. Исто така, во времето кога беше интервенирано од страна на Врховниот суд во 1998 година, вклучуваше околу 150 училишта или euskalteguis, главно под контрола на Батасуна. Со цел да ги развие своите активности, во 1996 година формирана е фирмата Галкарака, која беше задолжена за вработување

на наставниците и нивното поддоговарање со АЕК како форма на избегнување на плаќањето на даноци. АЕК успеа да добие средства од баскиската јавна администрација (сето тоа под превезот на ширење на баскискиот јазик и култура) и насочувајќи ги нив на ЕТА. Иако податоците кои се однесуваат на оваа активност се нецелосни, се чини за сигурно тврдењето дека за време на 1990-тите години не помалку од 19, 5 милиони евра беа префрлени низ овој механизам на терористите.

***-Терористичкиот весник***

Штом Шпанија ги обнови своите уставни слободи, ЕТА си зацрта да земе предност од новата ситуација и да добие контрола над сопствени медиуми, кои ќе им дозволат да ја шират нивната порака и ќе ги оправдуваат нивните постапки. Така, во 1976 година неколку лица блиски до ЕТА формираа ограничена корпорација Ораин, со цел за објавување на нов, радикално националистички весник наречен Егин, кој беше објавен во октомври 1977 година. Година подоцна, компанијата го прошири својот капитал, така што ЕТА (преку посредници) и Хери Батасуна стекнаа 40 отсто, така давајќи им моќ за назначување на шеф на весникот. Згора на тоа, нова корпорација наречена Ардатса беше создадена, чија цел е да ги поседува и контролира средствата на Егин (со тоа спасувајќи ги од можните загуби на бизнисот со весникот). Бизнисот работеше правилно се до 1986 година, кога весникот беше негативно прикажан во десет локални изданија, со што значително му се зголемија трошоците. Оттука, во 1998 година весникот започна да прави тешки долгови кои четири години подоцна достигнаа до половина милион евра долг. Главниот дел од овој износ беше покриен од страна на ЕТА со трансфер на пари од неколку други претпријатија. Конечно во 1998 година судот го заплени весникот Егин, на што фило-терористите по шест месеци реагираа со уредување на нов весник, наречен Гара, со истата структура и со истиот персонал на Егин овој пат издаван од нова корпорација. Друг весник промовиран од страна на ЕТА беше Еускалдунон Егункарија[181], кој почна да излегува во 1990 година. За разлика од Егин, Егункарија беше воспоставен уште на почетокот не само како медиум за комуникација туку и како мрежа чија цел е добивање, трансфер и перење на

[181] http://egunkaria.info/international/?page_id=9

пари. За таа цел, таа создаде една комплексна и испреплетена рамка, која сокриваше фондови, вршеше фискални измами и водеше лажно книговодство. Како резултат на тоа, во 2000 година Егункарија објави загуба од 24.000 евра така криејќи го реалниот суфицит од 288.000 евра кој го поседуваше. Друг бизнис кој исто припаѓаше на групата беше прогласен за “неактивен“, а всушност имаше прилив околу 4,2 милиони евра. Исто така, лажно го зголеми изданието на весникот на 5,1 милион (реалната бројка беше под 3 милиони) со цел да добие повеќе субвенции од баскиската влада. Оваа јавна помош беше давана до 2002 година, кога бизнисот беше судски одземен, а неговите директори гонети. До тогаш, сумата дадена на групата Егункарија од јавните извори надмина 10,5 милиони евра, добивајќи дополнителни 17 милиони евра од непознати извори.

***-Гесторас Про-амнестија и роднините на затворените членови на ЕТА***

Особено исключително поле на терористичката мрежа, се досега, беа друштвата за поддршка на затворените членови на ЕТА и нивните роднини. Ова на групата не и дозволуваше само одржување на внатрешната кохезија и дисциплината на групата, туку исто така, да ја претстави силата пред своите поддржувачи. Оваа мисија беше доверена од 1976/1977 година па натаму, сé до нејзината легализација во 2002 година како Гесторас Про-амнестија (подоцна заменета, во 2003 година, од страна на Ексерат). Финансирањето на Гесторас Про-амнестија беше базирано на распределбата на приходите од економската мрежа на ЕТА, организирана преку проектот Удалекс според следнава шема: 30 проценти од придобивките на оваа организација беше наменета за Гесторас, останатото на Хери Батасуна (50 проценти) и КАС (20 проценти). Кога Гесторас беше забранет, баскиската влада беше таа која ги плаќаше трошоците за патување на роднините на ЕТА за посетата на затворениците разместени насекаде низ затворите во Шпанија. Оваа трансакција достигна вредност од речиси 1,4 милиони евра во периодот меѓу 2003 и 2008 година. Покрај тоа, многу градски совети водени од националистички партии економски ги поддржуваа различните трошоци поврзани со затворените членови на ЕТА и нивните роднини, од 2001 година па наваму.

- ***Трговската активност на ЕТА***

Како последна точка треба да ги земеме предвид трговските активности на ЕТА, кои имаат за цел да создадат приходи за групата, да им обезбедат вработување на нивните протерани поддржувачи, да ги поддржат платите на членовите на КАС-Екин, перење на пари и олеснување на логистиката за извршување на нападите. Иако ЕТА веќе имаше контрола над некои претпријатија (како Сокоа) за време на 1970-тите години, во 1992 година таа одлучи, во контекст на стратегијата Удалекс, да воспостави неколку трговски компании со цел да: а) ги одржува членовите на ЕТА прогонети во Латинска Америка и б) за подобра контрола на логистиката на Херико Табернак. Во однос на првата точка, треба да се запомни дека многу припадници на ЕТА откако повеќе не беа во можност да избегаат од полицискиот прогон, отидоа во "егзил" во Мексико, Куба, Венецуела, Костарика, Никарагва, Панама, Уругвај и Аргентина. Така ЕТА реши да создаде претпријатија како Ганеко, Гадусмар, Угао, Комерцијална Берија, Едера итн, како механизам за поддршка и да им понуди вработување на овие терористи. Во однос на логистиката и контролата на Херико Табернак, јадрото на организацијата беше корпорацијата Банака која беше поделена на три подружници: Екстепаре, Ајкса и Хатар. Херико Табернак беше трансформиран во 1994 година во културни здруженија, како начин да ги "испере" своите активности и да овозможи добивање на субвенции од баскиските институции. Според судски извори, се проценува дека овие претпријатија имаа приходи од 15 милиони евра годишно, со собирање на легалните активности (ресторани, кетеринг, терористичка малопродажба, итн.) и незаконските (измама итн.).[182]

[182] Buesa Mikel, Baumert Thomas (2012), *Dismantling terrorist's economics: the case of ETA,* Documento de Trabajo, n~11 - Enero

## 5.2. Справување со етно-националистички и терористички тероризам

Демократизацијата како стратегија за борба против тероризмот се чини дека има ограничен потенцијал. Историски гледано, немаше многу голем ефект во намалувањата на нивоата на тероризам, а во слабите демократии всушност имаше спротивен ефект.

Се чини дека нема краткорочни решенија за намалување на тероризмот. Постојат голем број причини за поплаки и отстранувањето на нив не може да биде на друг начин освен долготрајно. Слично на ова, дискриминирањето и еродирањето на филозофијата која се залага за употреба на насилство како одговор на перцепираната поплака, ќе одземе некое време, имајќи предвид дека нема драматични настани кои радикално го менуваaат курсот на историјата.[183]

Во теоријата и во практиката на борбата против тероризмот постојат три различни димензии или модели за реакција на тероризмот:

1. употреба на политика и дипломатија;
2. употреба на спроведување закони и системи на казненото законодавство и
3. употреба на вооружени сили.

Трите основни модели за борба против тероризмот во ниеден случај меѓусебно не се исклучуваат, туку, напротив, заемно се надополнуваат. Со комбинирање определени елементи од трите презентирани алтернативни модели се доаѓа до конципирање значајни политички насоки применливи за различни варијанти на терористички судири, во различен број специфични политички контексти и во различни општествени средини.[184]

Во меѓународниот систем државите се најопасни одржувачи на тероризмот, велат аналитичарите, бидејќи тие поседуваат неизмерно многу оружје, пари и луѓе, како и најголемата мотивација да користи тероризам да ги

---

[183] Erik Mannik (2011), *Terrorism: its past, present and future prospects* достапно на: https://www.ksk.edu.ee/wp-content/uploads/2011/03/KVUOA_Toimetised_12-M%C3%A4nnik.pdf
[184] Милошевска Тања (2018), *Глобален тероризам*, Филозофски факултет, Мар-Саж, Скопје.

нападне посилните држави. Многу е важно да се разбере улогата на секоја држава за да се разбере изворот на тероризмот.[185]

Методи за сузбивање на тероризам:

- <u>Прекин на финансирањето на терористите</u> - во однос на методите за сузбивање на современиот тероризам може да се констатира дека еден од најуспешните и најупотребуваните методи е прекин на финансирањето на терористичките организации. Јасно е дека следењето на трагата на парите претставува клучен и ефективен инструмент не само за реагирањето на терористичките напади, туку и за преемптивните напори за спречување на идни напади. По 11 Септември, САД и нивните сојузници спроведоа операција за спречување на финансирање помеѓу терористичките групи. Во комбинација со мерките за спроведување на правото и разузнавачките операции, со цел да се намалат териториите на кои делуваат терористите, со прекинот на финансирање тие се лишени од безбеден превоз, комуникација, набавка на опрема и спроведување на напади. Влијанието од замрзнувањето на средствата на терористите може да биде значително доколку вистинските сметки, компании или организации се затворат. Спречениот пристап на терористите до нивните средства за подигнување, перење и трансфер на средства ги усложнува нивните напори во спроведувањето на активностите. И сепак, кога станува збор за рушење на терористичките финансирања, едвај сме ја допреле површината. Средината во која терористите подигнуваат, перат и вршат трансфер на средства и натаму е лесно достапна, а напорите на меѓународната заедница да ја намалат оваа средина и натаму се недоволно координирани. Прекинот на финасирањето на терористите бара сеопфатен приод за да може успешно да се прекине терористичката финансиска активност. Мора да биде таргетиран целиот спектар на групи, индивидуи, бизниси, официјални и неофицијални банкарски системи, криминални претпријатија и паравански хуманитарни организации кои го финансираат тероризмот. Силите за финансиско делување за перење на пари (ФАТФ) всушност ја создадоа основата за формирање на

[185] Одри Курт Кронин, Џејмс М. Лудс (2009), *Напад на тероризмот: елементи на грандиозна стратегија,* Нампрес, Скопје.

меѓународни стандарди за борба против финансирање на терористите. ФАТФ како меѓувладино тело управувано од САД и Шпанија, со цел разработка и промовирање на национални и меѓународни политики за справување со перењето на пари, издаде список со 8 препораки за спречување на терористичкото финансирање како појдовна точка за владите и како извештај кој нуди насоки за финансиските институции за "изнаоѓање на техниките и механизмите кои се применуваат во финансирањето на тероризмот".[186]

- Преговарање со терористи: аргументи за и против - дилемата останува околу методот – преговарање со терористи. Во однос на ова прашање одредени теоретичари ќе кажат апсурдно е да се зборува за преговарање со терористи во демократски држави. Но од друга страна искуството покажало дека преговарањето со терористи е некогаш потребно (на пример со ЕТА и ИРА). Аргументот против преговорите со терористи е едноставен: Демократиите не смеат никогаш да се предадат пред насилството, а терористите не смеат никогаш да бидат наградени за тоа што го применуваат. Преговорите им даваат легитимитет на терористите и на нивните методи и ги загрозуваат актерите кои ги оствариле политичките промени со мирољубиви средства. Преговорите можат да ги дестабилизираат преговарачките владини политички системи, да ги разнишаат меѓународните напори за искоренување на тероризмот и да воспостават опасен преседан. Сепак, во пракса, демократските власти често преговараат со терористите. Во однос на преговарањето со терористи сепак треба да се внимава на три прашања:

1. Со кои терористи може да се преговара (важно е дали организацијата била ненасилна па преминале во насилна, како и кој е степенот на внатрешна кохезија, односно кој е релевантниот лик за преговори);
2. Кога да се преговара (во однос на ова прашање општиот заклучок е дека со терористите може да се преговара единствено кога се очекува тие да бидат поразени);

[186] FATF (Financial Action Task Force), (2012-2018). *International Standards on Combating Money Laundering and the Financing of Terrorism & Proliferation*, FATF, Paris, France, достапно на: www.fatf-gafi.org/recommendations.htm

3. Како да се преговара (односно дали тема на преговорите ќе бидат нивните барања, што доколку се, единствено треба да се преговара за мотивирање на терористите да ги користат демократските механизми или станува збор за преговори за демилитаризација кога тема на преговорите е единствено амнестија).

На крајот и понатаму останува отворено прашањето дали преговарање со терористи кои се спремни да се откажат од насилство може да биде добра стратегија. Засега е јасно дека ваква стратегија е неприменлива со Хамас, Хезболах или Ал Каеда. Сепак, условите во секоја ситуација во голем степен се многу различни. Но без разлика на географската и идеолошката позадина, ниту едни преговори не можат да започнат без силни индикации дека терористите се подготвени да се откажат од насилството. ЕТА чија желба да се откаже од насилството се чини силна и постојана, најверојатно ќе го следи примерот на ИРА. Но, се чини дека Хамас и Хезболах имаат уште доста труд пред себе. По освоената победа на изборите во Палестина во 2006 година, Хамас има силен поттик да и даде шанса на политиката. Некогаш елементите од раководството не делуваат подготвено и за тоа. Доколку сакаат добивки од огромните политички можности кои ги имаат, членовите на Хамас треба да делуваат во насока на создавање на силен внатрешен консензус за отпочнување на преговори со Израел.

- Други методи во сузбивањето на тероризмот се забрана на одредени инкриминирани личности за влез во западните држави, распишување на потерници и награди за одредени најозлогласени терористички лидери, контрола на производство на суплементи за оружје за масовно уништување и други.[187]

Неопходно е да се разгледаат пристапите на владата за решавање на проблемот на сепаратизам и тероризам на територијата на проблематичните земји. Во напорите за борба против тероризмот, политичките лидери на тие држави (ЕТА), користат методи на сила и политички и правни методи, давање на широка економска и политичка независност, зачувување на автентичните културни вредности и јазици на домицилното население. Воспоставувањето на нетолеранцијата на насилство во јавната свест како метод за контрола, стана

[187] Танески Ненад (2011), *Методи за сузбивање на модерниот тероризам,* Безбедносни дијалози, Филозофски факултет, Скопје.

главната насока на антитерористичката политика на овие држави, а антитерористичкиот модел кој го имаат развиено некои држави може да биде ефикасна и корисна за другите светски региони кои се наоѓаат во етнополитички конфликти. Владините акции како одговор на тероризмот можат само уште повеќе да ги зголемат перцепциите за угнетување, а некои терористички напади кои имале намера да предизвикаат одговор, поттикнуваат уште појако чувство „ние“ настпроти „тие“, меѓу припадниците на етничките заедници. Конкретно за државата, конвенционалните контрамерки можат да поттикнат поширока поддршка за бунтот или движењето на сепаратистите, дури и кога се закануваат да поразат одредена терористичка група, додека владите неволно прават концесии; се сметаат за слаби или дека со овие постапки дури и ги „наградуваат“ и „поттикнуваат“ на насилство.[188]

[188] Крстиќ Марко (2018), *Војно дело – Тероризам са сепаратистичким претензијама,* достапно на: http://www.odbrana.mod.gov.rs/odbrana-stari/vojni_casopisi/arhiva/VD_2018-6/70-2018-6-25-Krstic.pdf

# 6. Заклучок

Тенденцијата на сепаратистичките движења што имаат етничка припадност, условува зголемување на бројот на независни држави во светот, и укажува на тоа дека новоформираните држави условно речено тежнеат кон етничка хомогеност, како и дека државите во XX и XXI век, исто така условно речено, се стремат да ослободат од "товарот" на мултикултурализмот како еден од елементарните вредности на современата демократија.

Општите причини кои доведуваат до појава на етно-сепаратистички, односно етно-националистички тероризам се многубројни. Најважните се однесуваат на речиси општата бунтовничка тенденција на повеќето етнички групи кои се незадоволни од својата положба во земјите во кои претставуваат малцинство. Сметајќи дека нивниот проблем можат да го решат со поголем степен на независност, се стремат кон поголем степен на автономија или сопствена државност, односно спојување кон матицата, доколку матицата на некои од тие етнички групи се наоѓа надвор од државата во која тие се наоѓаат.

Фактот дека различните етно-сепаратистички терористички групации често имаат и други цели, како што се верските или идеолошките, не влијае на класификацијата на нивните севкупни политички активности во овој вид на тероризам доколку нивната главна цел е сепарација на некој етнос од целокупното државно поле на некоја политичка заедница. Според тоа, употребата на поимот етнос отколку нација е поадекватно, бидејќи е поширок и како таков и многу позначаен и појмовно сеопфатен. Примерите за етно-сепаратистички тероризам се бројни, речиси најбројни (Северна Ирска, Баскија, Корзика, Косово и Метохија, Курдистан, Чеченија, Шри Ланка, Црна Гора).

Основата за овој вид на политичко насилство е содржана во фактот дека етничките групи кои се наоѓаат во рамките на мултинационалните држави не се повеќе задоволни од поседувањето на еднакви националноуставни права кои ги изедначуваат со припадниците на другите етнички групи во таа држава.

Покрај тоа, треба да се има во предвид и тенденцијата за постојано раѓање на „нови“ етнички групи поради стекнувањето на цивилизациски услови за тоа (поради фактот што бројните граници на земјите во развој, особено во Африка, како и на Средниот и Блискиот Исток, се своевремено цртани со „колонијален линијар“, без особено водење на сметка за етничките, или попрецизно кажано

тогаш племенските разграничувања и односи, или пак поради зголемената меѓународно-субјективна толеранција на толкувањето, а со тоа и доживувањето за признавањето на правата на етничка посебност како права за прераснување во нација), што се забрзано претвора во опасност и реалност на новиот тренд кој може да се каже дека веќе силно ја обележува првата половина на 21-виот век – масовно создавање и уште помасовно обидување за создавање на нови национални држави со сепарација, по мирен пат или со насилство, како и интензивирање на меѓународната поддршка или спречувањето на тие напори.

Доколку се оствари предвидувањето на поранешниот генерален секретар на ОН, Бутрос Гали, кое беше изразено во форма на стравување во средината на 1992 година, одамнешната теза на Карл Фридрих за национализмот како најмоќната сила на планетата, ќе стане вистинска.

Сепаратизмот е проблем кој произлегува од несовпаѓањето на бројот на 3600 етнички групи и нивните амбиции да станат независни и да поседуваат сопствена држава и фактот дека сите од нив се наоѓаат во границите на само 190 држави. Ова се однесува на секое сепаратистичко движење, вклучувајќи ја и обновената насилна борба за независност.

Не е баш мал бројот на оние етнички групи кои се уште не ги оствариле своите државотворни амбиции, и кои се служат со насилство или не го исклучуваат како можно средство за постигнување на своите политички цели. Некои од нив го фаворизираат и тероризмот како моќно средство за политичка борба и најстрашна форма на политичко насилство. Ниту Европа, како правно и политички „најуреден континент" не е имуна на појавата на сепаратизмот и на сепаратистичкиот тероризам, а за тоа говорат бројни примери од нејзиното скорешно политичко минато и сегашноста, од кои поради должината на своето траење, жестокоста на манифестацијата и нерешливоста, два највпечатливи примери се секако примерите на сепаратистичкиот тероризам поврзан со Северна Ирска и Шпанија, односно шпанската провинција Баскија. Целта на трудот е да се истражи основаноста на претпоставката за степенот на сепаратистичкиот тероризам на тлото на Европа, особено во Шпанија, а посебно внимание притоа мора да се посвети на оние димензии на сепаратистичкиот тероризам во тие средини кои ги претвораат во поширок безбедносен предизвик.

Врз основа на општиот пристап на проблемот за тероризмот и идентификација на можните категории на политичкиот тероризам и врз основа на веќе поставените цели во ова истражување во магистерскиот труд се потврди општа хипотеза: Некои сепаратистички движења користат терористички методи на дејствување под влијание на одредени фактори во функција на остварување на етнонационалистички цели.

Говорејќи за ЕТА, прашањето за вистинските организациски односи меѓу оваа организација и сепаратистичкото движење сега е во голема мера историско, бидејќи вооружената група официјално ја прекина својата воена кампања во 2011 година. ЕТА веројатно нема повторно да прибегне кон насилство, а сепаратистичкото движење нема да ја поддржи опцијата за вооружена борба. Резултатите покажуваат дека политичкото незадоволство и елитната конкуренција ја зголемуваат веројатноста од етнички тероризам. Имајќи го во предвид зголеменото користење на терористичките тактики во етничкиот конфликт и сепаратистичките движења во текот на изминатата деценија, разбирањето на причините за етничкиот конфликт и сепаратизмот стана од витално значење за заштита на невини животи.

Во моментов, борбата на баскиските националистички организации ја изгуби екстремистичката компонента (терористичката организација ЕТА се самораспадна) и се здоби со политички карактер. Оваа промена може да се поврзе со демократизацијата на шпанската држава во однос на проблемите на Баскијците, што се манифестираше со доделувањето на автономија на регионот по падот на фашистичката диктатура на Франциско Франко. Во исто време, промената настана по заостривањето на политиката на САД кон регионалните националисти во европските земји-сателити на САД, што беше изразено со насочено прогонство на лидерите на националистичките движења. Светската економска криза, која особено ја зафати Шпанија, исто така, придонесе за падот на радикалните националисти во регионот и нивните терористички методи за борба за самоопределување.

# 7. Користена литература


1. Altermatt Urs. (1996), *Das fanal von Sarajevo, Enthnonationalismus in Europa*, Paderborn, Schoningh.
2. Anderson K. Sean. (2009), *Historical dictionary of terrorism*, The Scarecrow Press, достапно на: http://www.scribd.com/doc/25206324/Historical-Dictionary-of-Terrorism
3. Anderson, Benedict. (1991) *Imagined Communities: Reflections on the Origin and Spread of Nationalism*. Revised Edition ed. London and New York: Verso.
4. Barth Fredrik. (1998), *Ethnic Groups and Boundaries: The Social Organization of Culture Difference*, Waveland Press, USA.
5. Bew John, Frampton Matyn. (2010), *Talking to terrorists: making peace in Northern Ireland and the Basque Country,* Hurst & Co, London.
6. Birch, Anthony Harold. (1984). "Another Liberal Theory of Secession." *Political Studies* 32, no. 4.
7. Birch, Anthony. H. (1971). *Representation*. Basingstoke: Macmillan.
8. Brockhoff Sarah, Krieger Tim, Meierrieks Daniel. (2012). *Looking back on anger: explaining the social origins of left-wing and nationalist-separatist terrorism in Western Europe, 1970.-2007.*, Center for international economics, достапно на: www.researchgate.net/publication/241765056_Looking_Back_on_Anger_Explaining_the_Social_Origins_of_Left-Wing_and_Nationalist-Separatist_Terrorism_in_Western_Europe_1970-2007

9. Buesa Mikel, Baumert Thomas. (2012), *Dismantling terrorist's economics: the case of ETA,* Documento de Trabajo, n~11 - Enero.
10. Catt, Helen, Michael Murphy. (2002), *Sub-State Nationalism: A Comparative Analysis of Institutional Design,* Routledge, Taylor and Francis Group, London and New York.
11. Clark, R.P. (1984). *The Basque Insurgents: ETA, 1952-1980*. Madison: University of Wisconsin.
12. Cragin, Kim. (2009), *Women as Terrorists: Mothers, Recruiters, and Martyrs*. ABC-CLIO.
13. Crenshaw, Martha. (1981), "The causes of terrorism", *Comparative politics*.
14. Daniel Byman. (1998), The Logic of Ethnic Terrorism, *Studies in Conflict and Terrorism* 21, no. 2.
15. Earth Times News. (2008), FARC and ETA exchanged information about military tactics – report.
16. Encyclopedia Britannica достапна на: https://www.britannica.com/topic/nationalism#ref66560
17. EUROPOL (2017), *European Union Terrorism Situation and Trend Report*, European Union Agency for Law Enforcement Cooperation, The Hague, the Netherlands.
18. FATF (Financial Action Task Force), (2012-2018). *International Standards on Combating Money Laundering and the Financing of Terrorism & Proliferation*, FATF, Paris, France, достапно на: www.fatf-gafi.org/recommendations.htm
19. Free Dictionary, Merriam-Webster dictionary (2008), *The Oxford Pocket Dictionary of Current English*.
20. Gobal Terrorism Database (START), (2011). Attacks and ceasefires by ETA.

21. Guelke Adrian (2010), *The Challenges of Ethno-Nationalism: Case Studies in Identity Politics* достапно на: https://b-ok.cc/book/2681104/6ebba1
22. Guntram H. Herb, David H. Kaplan (2008), *Nations and nationalism: A Global Historical Overview-Volume 4 1989 to present,* достапно на: http://b-ok.xyz/book/1213222/90318f
23. Hale Henry E. (2008), *The foundations of ethnic politics: separatism of states and nations in Euroasia and the world,* Cambridge University Press, достапно на: https://b-ok.cc/book/647749/326675
24. Harris, R.; Harris, Jerry (2009), *The Nation in the Global Era: Conflict and Transformation*. Brill.
25. Hoffman, Bruce, (2013), *Inside terrorism*. Columbia University Press.
26. Horgan John, (2014), *The Psychology of Terrorism*, Routledge, New York.
27. Horowitz, Donald. (1971), "Three Dimensions of Ethnic Politics." *World Politics* 23.
28. http://egunkaria.info/international/?page_id=9
29. Jenkins Brian (1986), *International terrorism*, Santa Monica: Rand.
30. Kauppi Mark V, Paul Viotti. (2013), *International Relations and World Politics: Security, Economy, Identity*, Pearson, Prentice Hall.
31. Lake, David A. Donald Rothchild, (1996). "Containing Fear: The Origins and Management of Ethnic Conflict," *International Security*, vol. 21, no. 2.
32. Laqueur, Walter (1999), *The New Terrorism: Fanaticism and the Arms of Mass Destruction*. New York: Oxford University Press.
33. Levi-Faur, David. (1997). Friedrich List and the Political Economy of the Nation-State. *Review of International Political Economy*, 4.

34. Mac Sweeney, (2009), Beyond Ethnicity: the overlooked diversity of group identities, *Journal of Mediterranean Archaeology* 22.
35. Mannik Erik (2011), *Terrorism: its past, present and future prospects* достапно на: https://www.ksk.edu.ee/wp-content/uploads/2011/03/KVUOA_Toimetised_12-M%C3%A4nnik.pdf
36. McGarry John, Brendan O'Leary. (1993), The macro-political regulation of ethnic conflict, in *The Politics of ethnic conflict,* достапно на: http://www.sneps.net/t/images/Articles/O'Leary,%20ch1.pdf
37. Mehmet Sinan Birdal, Josephine Squires (2010), *The Ethnic, Nationalist, and Religious Roots of Terrorism*, Oxford Research Encyclopedia of International Studies достапно на: http://internationalstudies.oxfordre.com/view/10.1093/acrefore/9780190846626.001.0001/acrefore-9780190846626-e-327?print=pdf
38. Mueller John (2000), The Banality of "Ethnic Conflict", *Quarterly Journal: International Security*. Belfer Center for Science and International Affairs, Harward Kennedy School.
39. Noteboom, Aaron J. (2002), *Terrorism: I know it when I see it, University of Oregon* достапно на: https://core.ac.uk/download/pdf/36681151.pdf
40. Pokalova Elena (2011), *Shifting faces of terror after 9/11: framing the terrorist threat*, Kent State University.
41. Poland James M (2010), *Understanding Terrorism: Groups, Strategies, and Responses* (3rd Edition), Pearson.
42. Post, Jerrold M (2005), The socio-cultural underpinnings of terrorist psychology, in Bjørgo, Tore, ed. *Root Causes of Terrorism*. London: Routledge.

43. Richardson Louise. (2006), *What Terrorists Want: Understanding the Terrorist Threat*, London: John Murray.
44. Ronald Grigor Suny, (1993), *The Revenge of the Past: Nationalism, Revolution, and the Collapse of the Soviet Union*, Stanford University Press.
45. Rothschild Joseph. (1981), *Ethnopolitics: A Conceptual Framework*, Columbia University Press, New York.
46. Rudolf Rachael, Anissah Engeland (2008), *From terrorism to politics,* Ashgate Publishing, Ltd, New York.
47. Schmid, A.P. and A.J. Jongman (1988), *Political Terrorism: A New Guide to Actors, Authors, Concepts, Databases, Theories and Literature*. Amsterdam: SWIDOC, North Holland Publishing Company.
48. Schmid, Alex P. (2012), The Revised Academic Consensus Definition of Terrorism, *Perspectives on Terrorism*, Vol.6, No.2.
49. Smith Anthony D. (1998), *Nationalism and modernism: a critical survey of recent theories of nations and nationalism,* Routledge, London and New York, достапно на: https://b-ok.cc/book/541043/7c0406
50. Smith, Anthony D. (1998), *The Ethnic Origins of Nations*. Oxford: Blackwell Publishers.
51. Stephen van Evera, (1994), Hypotheses on Nationalism and War, *International Security,* Vol. 18, No. 4.
52. Stone, John (1995), Race, ethnicity, and the Weberian legacy, *American Behavioral Scientist*, Vol.38 n.3.
53. Tehran times (2008), Colombia VP says FARC sought ETA ties for attack in Spain.

54. Terrorism Situation and Trend Report. (2017), EUROPOL- European Union Agency for Law Enforcement Cooperation.
55. Terrorism Situation and Trend Report. (2018), EUROPOL- European Union Agency for Law Enforcement Cooperation.
56. The free dictionary достапно на: https://www.thefreedictionary.com/terrorist+act
57. Urbinati Nadia, (1996), A common law of nations': Giuseppe Mazzini's democratic nationality, *Journal of Modern Italian Studies*, Vol 1, Issue
58. Vamik Volkan. (1997), *Blood Lines: From Ethnic Pride to Ethnic Terrorism,* Boulder: Westview Press.
59. Whittaker David J. (2004), *Terrorists and terrorism in the contemporary world,* Routledge достапно на: https://b-ok.cc/book/747517/950a45
60. Wilkinson, Paul (2001), *Terrorism Versus Democracy: The Liberal State Response*. London: Frank Cass.
61. Woodworth Paddy (2001), *Why do they kill? The Basque conlict in Spain,* Duke University Press, достапно на: https://www.jstor.org/stable/40209726?read-now=1&seq=11#page_scan_tab_contents
62. Yonah Alexander, Swetnam Michael (2001), *ETA: profile of a terrorist group,* Transnational Publishers, Paris.
63. Zimmermann Ekkart (2009), *Forms and causes of political terrorism: what do we know?,* Dresden University of Technology, Dresden, Germany.
64. Zoltan Barany. (2005). "Ethnic mobilization in the postcommunist context: Albanians in Macedonia and the East European Roma", во Zoltan Barany

and Robert G. Moser (edited), *Ethnic politics after communism,* Cornel University Press, Ithaga and London.

65. Ананиев Јован... и др. (2016), *Зошто идеологијата е важна: есеи за национализам, политички идеологии и бирократија,* Универзитет "Гоце Делчев", Правен факултет, Центар за правно-политички истражувања, Штип достапно на: http://eprints.ugd.edu.mk/16118/7/ideologii%20%203333.pdf
66. Бакрески Оливер, Срѓан Милашиновиќ, Желимир Кешетовиќ (2012), *Теории на менаџментот и конфликтите,* Филозофски факултет, Скопје.
67. Балашов Алексејевиќ Јуриј (2009), Етнички сепаратизам и криза европске државности*, Нова српска политичка мисао,* достапно на: http://www.nspm.rs/savremeni-svet/etnicki-separatizam-i-kriza-evropske-drzavnosti.html?alphabet=l
68. Бауман Герд (2009), *Мултикултурната загатка: реобмислување на националниот, етничкиот и религиозниот идентитет,* Издавачки центар ТРИ, Скопје – Наслов на оригиналот: Gerd Baumann (1999), *The multicultural riddle: rethinking national, ethnic and religious identities,* Routledge.
69. Ванковска Билјана (2011), *Меѓународна безбедност: критички пристап,* Филозофски факултет, Скопје.
70. Вевер Оле, Бери Бузан, Мортен Келструп, Пјер Леметр (2010), *Идентитет, миграција и новата безбедносна агенда во Европа,* Академски печат, Скопје – Наслов на оригиналот: Ole Waever, Barry Buzan, Morten Kelstrup, Pierre Lamaitre (1993), *Identity, migration and the new security agenda in Europe,* Pinter Publishers Ltd.

71. Водич на ОБСЕ (2014), *Спречавање тероризма и сузбијање насилног екстремизма и радикализације који воде ка тероризму: приступ кроз рад полиције у заједници* достапно на: https://www.osce.org/bs/secretariat/119226?download=true
72. Гаћиновић, Р (2010), *Тероризам у политичкој и правној теорији*, Евро-Гиунти, Београд.
73. Гелнер Ернст (2001), *Нациите и национализмот,* Култура, Скопје, 2001 – Наслов на оригиналот: Ernest Gellner (1983) *Nations and nationalism,* Cornell University Press, New York.
74. Димитриевиќ Воин (2009), *Преговарање и тероризам*, Београд.
75. Котовчевски Митко (2002), *Современ тероризам,* Македонска цивилизација, Скопје.
76. Кронин Одри Курт, Џејмс М. Лудс (2009), *Напад на тероризмот: елементи на грандиозна стратегија,* Нампрес, Скопје.
77. Крстиќ Марко (2015), *Мотиви терористичког деловања,* достапно на: https://scindeks-clanci.ceon.rs/data/pdf/1452-7367/2015/1452-73671504519K.pdf
78. Крстиќ Марко (2018), Тероризам са сепаратистичким претензијама, *Војно дело,* достапно на: http://www.odbrana.mod.gov.rs/odbrana-stari/vojni_casopisi/arhiva/VD_2018-6/70-2018-6-25-Krstic.pdf
79. Лутовац Светислав (2016), *Сродности и разлике сепаратистичког тероризма у Шпанији и Северној Ирској,* достапно на: https://scindeks-clanci.ceon.rs/data/pdf/0354-8872/2016/0354-88721603169L.pdf

80. Милошевска Тања (2018), *Глобален тероризам*, Филозофски факултет, Мар-Саж.
81. Нај Џозеф С. Помладиот (2008), *Разбирање на меѓународните конфликти: вовед во теоријата и историјата,* Академски печат.
82. Никодиновска Ана (2009), Правото на самоопределување на народите и правото на сецесија како последна инстанца од правото на самоопределување*, Годишен зборник*, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип.
83. Симеуновиќ Драган (2009), *Нација и глобализација*, Зограф, Ниш.
84. Симеуновиќ Драган (2009), *Тероризам,* Правни факултет Универзитета у Београду, Београд.
85. Славески Стојан (2010), Етничкиот идентитет како мобилизирачка алатка, *Безбедносни дијалози*, бр.2, Филозофски факултет, Скопје.
86. Славески Стојан (2013), *За идентитетот на современата македонска нација: етнички или граѓански концепт,* Џорџ К. Маршал, Здружение на дипломирани студенти од Република Македонија на Европскиот цент, Скопје,.
87. Танески Ненад (2011), *Методи за сузбивање на модерниот тероризам,* Безбедносни дијалози, Филозофски факултет, Скопје.
88. Хобсбаум Ерик (1993), *Нациите и национализмот по 1780: програма, мит, стварност,* Култура, Скопје – Наслов на оригиналот: E. J. Hobsbawm (1992), *Nations and nationalism since 1780: Programme, myth, reality,* Cambridge University Press.
89. Шикова Наталија (2009), *Самоопределувањето на народите во услови на глобализација,* Магор, Скопје.